АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 31.10.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 4639/1 | | |


# ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗБОРНОТО МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ

# ВО ПРВИОТ КРУГ ОД ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2025 ГОДИНА

# - ОД 29 СЕПТЕМВРИ ДО 17 ОКТОМВРИ -

# ВОВЕД

## Методолошки напомени

Мониторингот на медиумското покривање во првиот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025 година беше спроведен во периодот од 29 септември до 17 октомври. Како и секогаш, тој беше реализиран со стриктно придржување до **Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси**[1] во која се разработени примерокот, истражувачките техники и постапки, и сите други постулати неопходни за да се оствари вакво научно засновано комуниколошко истражување.

При анализата на програмите, Агенцијата ја применуваше **истражувачката техника анализа на содржина**, која дава квантитативни и квалитативни податоци, а во случаите кога требаше да се направи анализа на тонот и врамувањето користеше **дискурзивна анализа**. Со комбинацијата на овие техники се добиваат и квантитативни податоци (времетраење на известувањето за секој од учесниците во изборниот процес), но и квалитативни податоци за жанровското вообличување на аудиовизуелните содржини и за почитувањето на етичките принципи во работењето на новинарите: како за плуралитетот на претставените општественополитички опции и ставови во целината на новинарските прилози, така и за значењата на новинарскиот прилог од аспект на човековите права и слободи.

Всушност, мониторингот обезбедува релевантни податоци за:

- Начинот на известување во вестите за учесниците во изборниот процес;
- Начинот на известување во вестите за активностите на државните органи, органите на општините и на Градот Скопје, на државните институции и организации, како и за правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања;
- Условите за пристап и третманот на учесниците во изборниот процес во посебните информативни емисии (интервјуа/дебати);
- Почитување на обврската за известување за изборите во формат пристапен за лицата со сетилна попреченост;
- Почитувањето на правилата за емитување платено политичко рекламирање и бесплатно политичко претставување;
- Почитувањето на забраната за емитување реклами финансирани од буџетски средства;
- Почитување на забраната уредници, новинари, водители и презентери во радио и телевизиските програми истовремено да учествуваат и во предизборни активности на учесниците во изборниот процес;
- Почитување на правилата за објавување резултати од испитувања на јавното мислење;
- Почитување на забраната за поттикнување омраза и нетрпеливост – според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Почитување на правилата за изборниот молк.

За, на радиодифузерите, да им биде полесно да ги исполнат задачите што пред нив ги има поставено Изборниот законик (ИЗ), Агенцијата изработи и **Упатство за радиодифузерите за Локалните избори 2025** во кое операционализираше дел од овие обврски. Дополнително, преку дописи и соопштенија редовно ги потсетуваше на законските обврски, кои заедно со другите материјали за изборите беа постојано достапни во посебниот банер *Локални избори 2025* на веб страницата на Агенцијата.

**Примерокот од програмски сервиси врз чија програма беше спроведен мониторингот** се состоеше од вкупно 11 национални телевизиски програмски сервиси. Три од нив се на Јавниот радиодифузен сервис Македонска радиотелевизија: МРТ1, МРТ2 и Собраниски сервис, а осум се комерцијални телевизии, од кои пет се емитуваат преку дигитален терестријален мултиплекс **-** ТВ Алсат-М; ТВ Алфа; ТВ Канал 5; ТВ Сител;

[1] Методологијата, заедно со Упатството спомнато подолу во текстот, како и сите други акти, извештаи и документи релевантни за овој изборен процес се објавени на посебниот банер Локални избори 2025 на веб страницата на Агенцијата, достапен преку: https://avmu.mk/lokalni-izbori-2025/

ТВ Телма; сателит - ТВ 24 Вести; и оператор на јавна електронска комуникациска мрежа (попознати како кабелски телевизии) - ТВ 21-М и ТВ Шења. Како што е видливо, опфатени беа сервиси кои емитуваат на македонски и на албански јазик и кои заедно достигнуваат до најголем дел од публиката во земјата, со цел да се добие слика какви информации за изборниот процес добива таа.

За другите програмски сервиси се постапуваше врз основа на **претставки**.

**Предмет на надзорот** беше 24-часовната програма емитувана од 11-те телевизии во текот на 19-дневната изборна кампања за Локалните избори 2025 - од 29 септември до 17 октомври – при што фокусот на анализата беше ставен врз облиците на „изборно медиумско претставување“. Од дневноинформативните изданија (ТВ Дневници/вести) за анализа беше издвоено централното издание, односно она коешто и самите редакции го сметаат за најрелевантно според опфатот и уредувачката организација на новинарските прилози за изборниот процес. Ова значи дека кај секоја телевизија од примерокот беа анализирани по 19 изданија[2] на централните дневноинформативни емисии, односно со мониторингот беа анализирани вкупно 189 дневноинформативни изданија. Освен ова, анализирани беа и интервјуата и дебатите чија основна тема беа Локалните избори; беше следено информирањето за лицата со попреченост; како и платеното политичко рекламирање и бесплатното политичко претставување.

Основната обврска на радиодифузерите беше - да известуваат за изборниот процес на начин кој е правичен, избалансиран и непристрасен (членови 75 став 1 и 75-а став 1, точка в) од Изборниот законик. За да го постигнат ова, тие треба да ги почитуваат **принципите на еднаквост и на пропорционалност**, што всушност значи дека балансот, квантитативно се обезбедува така што - за изборите за градоначалник се почитува принципот на еднаквост (приближно еднакво време за кандидатите), а за избор на членови на советите - принципот на пропорционалност (приближно еднакво време за учесниците во изборна кампања со ист број потврдени кандидатски листи и приближно ист интензитет на кампањата). Квалитативно, балансот се постигнува со истоветен приод при известувањето (тон и врамување).

**Македонската радиотелевизија има и дополнителна обврска** утврдена во членот 76-а во ИЗ, според која треба времето за известување во централното издание на ТВ Дневникот процентуално да го подели на следниов начин: 30% од времето за дневните настани од земјата и светот, 30% за активностите на политичките партии на власт, 30% за активностите на политичките партии во опозиција и 10% за активностите на вонпарламентарните политички партии и за независните кандидати.

**Известувањето за изборниот процес во формат пристапен за лицата со сетилна попреченост** е пропишано во член 75 ставови 1 и 4 и 5 од ИЗ и операционализирано во *Упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025*. Имено, Јавниот радиодифузен сервис и телевизиите на државно ниво што емитуваат платено политичко рекламирање мора да применат некоја од алатките за пристапност (толкување на знаковен јазик, користење титли и сл) во едно издание вести секој ден и во една посебна информативна програма еднаш седмично, и овие содржини да ги емитуваат во периодот од 16 до 24 часот. Сите овие медиуми, пред почетокот на кампањата, ја известија Агенцијата за тоа кои програми ќе ги направат пристапни, за што беше подготвен посебен Преглед што беше објавен на веб страницата на АВМУ.

Агенцијата спроведе и **мониторинг на почитувањето на изборниот молк**, кој во првиот круг од гласањето беше од 00:01 часот на 18 до 19 часот на 19 октомври 2025 година. Во овој период, медиумите продолжуваат да известуваат за текот на изборниот процес, но не смеат да објавуваат какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите, какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите, податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта (член 76-б став 3 од ИЗ).

[2] Само кај МРТ1 беа анализирани 18 изданија, бидејќи поради технички причини не беше емитуван Дневникот на 15 октомври 2025.

## КЛУЧНИ НАОДИ

***<u>Бројките зад принципите на еднаквост и пропорционалност во известувањето</u>***

Како што е објаснето во поглавјето за методолошките напомени, за да постигнат баланс при известувањето за локални избори од квантитативен аспект, радиодифузерите треба да почитуваат два принципа:

- Еднаквост за градоначалниците, односно за сите кандидати во една општина да одвојат приближно еднакво време во вестите и, доколку медиумот реализира дебати и интервјуа - сите кандидати да добијат покана (која можат да ја прифатат или не);
- Пропорционалност за кандидатите за членови на општинските совети, односно да одвојат приближно еднакво време за учесниците во изборна кампања кои имаат ист број потврдени кандидатски листи и приближно ист интензитет на кампањата.

Се покажува дека, со зголемувањето на бројот на кандидати, на секој нареден изборен процес станува се потешко, па дури и невозможно, целосно да се исполнат овие принципи зашто и времето во вестите е ограничено, и техничките и кадровските капацитети, дури и на најголемите телевизиски куќи не се толку големи за медиумски да ги покријат сите кандидати.

За Локалните избори 2025 година, имаше дури 153 учесници во изборите со потврдени кандидатски листи од кои: 9 беа парламентарни партии, 24 беа вонпарламентарни партии и 120 независни кандидати.

Во првата група - **парламентарни партии** – влегуваат: **Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предводена од ВМРО ДПМНЕ** составена од: ВМРО ДПМНЕ, Социјалистичка Партија на Македонија, Демократска Партија на Србите во Македонија-ДПСМ, Демократски Сојуз-ДС, Српска Напредна Странка во Македонија-СНСМ, Бошњачка Народна Партија-БНП, Демократски Сили на Ромите-ДСР, Партија на Обединети Демократи на Македонија – ПОДЕМ, Партија на Власите од Македонија, Глас за Македонија - Глас, Нова Либерална Партија - НЛП, Социјалдемократска Унија - СДУ, Роми Обединети од Македонија - Ром, Работничко Земјоделска Партија на Република Македонија, Обединета Партија за Еднаквост на Ромите - ОПЕР, Достоинство, Македонски Концепт - Мконцепт, Партија на Хрватите во Македонија - ПХМ, Македонска Акција – МААК; **Коалицијата за Локални избори 2025 година предводена од СДСМ** составена од: СДСМ, Нова Социјалдемократска Партија-НСДП, ВМРО-Народна Партија-ВМРО-НП, Партија за Движење на Турците во Македонија-ПДТ, Десница, Партија за Општествен и Економски Напредок-ПОЕН, Странка на Демократска Акција на Македонија, Партија за Демократски Просперитет на Ромите-ПДПР, Централна Демократска Унија-ЦДУ; **Коалицијата ВЛЕН:** Движење Беса, Демократско Движење, Алтернатива; **Коалицијата Национална алијанса за интеграција – НАИ** составена од: ДУИ, Алијанса за Албанците, Движење „Попули“, Демократска лига на Бошњаците, Движење на Турците на Македонија за правда и демократија, Европска демократска партија; **Левица; Движењето Знам – за наша Македонија; Коалицијата ИСКУСТВО ЗА УСПЕХ предводена од Либерално - демократската партија** составена од: ЛДП, Граѓанската опција за Македонија, Интегра - Македонска конзервативна партија и Партија за целосна еманципација на Ромите од Република Северна Македонија; **Демократска партија на Србите во Македонија**; и **Демократска партија на Турците на Македонија**. Дел од партиите кои беа во составот на коалициите, во некои општини настапуваа самостојно, со сопствени кандидатски листи.

Од вонпарламентарните партии, на овие избори со свои листи за градоначалнички или советнички мандати се натпреваруваа: **Коалицијата за зелена иднина; Демократската партија на Ромите; Сојуз на Роми; Единствена Македонија; Партија на пензионери; Партија за движење на Турците во Македонија; Српска странка во Македонија; Унија на Роми; Бошњачки демократски сојуз; Демократски Сојуз; Работничка партија; ВМРО народна партија - ВМРО НП; Политичка партија Македонски Концепт – Мконцепт; Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ); Демократски сили на Ромите; Политичка партија ГРаѓанска ИНицијатива – Грин; Партија на обединети демократи на Македонија – ПОДЕМ; Твоја партија; Македонска Акција – МААК; Демократи Скопје; Родина Македонија; Политичка**

**партија Десница; Македонска ера трета/Македонски независни листи – Суверенисти и Трајно македонско радикално обединување – ТМРО**.

Како независни кандидати, на овие избори потврдени листи имаа: **Марија Младеновска, Јана Белчева Андреевска, Азем Садики, Горан Талевски, Зоран Петров, Јане Димески, Рамадан Имери, Горан Стојковски - Диро, Давид Златанов, Кире Автаровски, Суад Адиловиќ, Панчо Минов (Лимба Златеска – Минова), Раман Демиров, Митко Јакимовски, Борче Чупетрески, Бранко Продановски, Љупчо Дунимаглоски, Ѓорѓи Танушев, Сашо Пивковски, Магдалена Каркалашева, Огнен Дедиќ, Стивен Петковски, Димче Андрески, Венко Крстевски, Миле Трајковски, Кујтим Касами, Виолета П.Смилески, Миран Митревски, Далибор Серафимовиќ, Боро Ѓоревски, Ристо Сакалиев, Даниела Стојковиќ, Бурими Насуфи, Костадин Ристоманов, Татјана Чакулев, Милосим Војнески, Ибрахим Јусуфовски, Зоран Тодоров, Зоран Петковски, Благица Сабовљевиќ – Стоименова, Габриела Илиевска, Горан Ѓуровски, Петар Котевски, Зоран Ногачески, Игор Аговски, Игор Малески, Данијел Стојановски, Ѓорѓија Игески, Стојанче Велков, Дргим Каја, Злате Алексовски, Влатко Здравков, Влатко Смоковски, Ване Цеков, Страшо Наумоски, Абдула Бајрамоски, Драган Котуровиќ, Висар Адеми, Сафет Реџоски, Раим Кера, Јован Златевски, Оливер Ивановски, Месут Бајрами, Марјан Калевски, Аќи Акиов, Сузана Јовановска - Илиева, Ивица Аврамоски, Лупчо Стојановски, Драган Шулевски, Енис Демиров, Васко Томулевски, Страхил Гавритов, Дејан Димитровски, Арбен Далипи, Фекри Бакиу, Александар Глигоров, Саше Донев, Иван Петковски, Васко Деловски, Златко Шурбевски, Зоран Николовски, Гоце Цветковски, Гордан Стошевиќ, Николина Вељановска, Јовица Стоименов, Слободан Велиновски, Анела Ќазимоски, Невена Георгиевска, Алија Ќазими, Иван Станоев, Мирко Савески, Марјан Алампиоски, Ремзи Мамути, Павлинче Матеска, Горан Марковски, Шкодран Алили, Јаворка Соколовска, Иле Бачанов, Игор Митревски, Менди Ќира, Слободан Даневски, Сашо Маневски, Насто Палиоски, Сане Јованов, Зоран Лазаровски – Паљо, Грозде Митров, Рушан Хода, Ванчо Спиркоски, Кети Сталеска, Драган Николовски, Агрон Арифи, Тане Јанески, Марко Ташков, Ненад Митрески, Аднан Османовиќ, Билјана Ивановска, Бесник Асани, Блаже Димитриев, Марјанче Стојановски** и **Боби Бошевски**.

Но, тоа што имаше 153 учесници во изборната кампања не значи и дека имаше 153 потврдени кандидатски листи затоа што најголемиот број од субјектите имаа и градоначалнички и советнички листи, некои имаа во поголем број општини, а некои во само една.

***<u>Балансот во дневноинформативните емисии (ТВ дневник/вести)</u>***

Известувањето во дневноинформативните емисии, жанровски реализирано низ вести (во низа) и извештаи, се одвиваше повеќе по инерција од севкупниот изборен општествено-политички амбиент и условено пред сè од огромниот број кандидати за градоначалници и за советници во постојните 81 локална самоуправна единица (80 општини и Градот Скопје). Со други зборови, информативните редакции на националните телевизии дури и да го ангажираа сиот свој технички и кадровски потенцијал, не можат идеално, значи - *правично, избалансирано и непристрасно* – да го распределат информативното време што новинарски и уредувачки го обмислуваат и го продуцираат во ТВ дневниците, за да ги исполнат барањата од Изборниот законик.

Ефективно, едно издание на централна дневноинформативна емисија просечно траеше од 30 до 40 минути, а од таа минутажа, пак, наменски направената, т.н. - „изборна хроника“, беше куса и исполнета главно со куси изјави/поенти на учесниците во изборниот процес. Оттаму, како веќе востановена, вообичаена ТВ-форма, „изборната хроника“ е нужно еднолична и повторлива, па повеќе создава автоматизиран, формален, стереотипен приказ на изборно ТВ-табло, отколку што нуди содржински јасна претстава за реална, разновидна изборна понуда, како основа за релевантна, информирана проценка на гледачот како потенцијален гласач. Од друга страна, пак, и на овој изборен циклус, се покажува дека учесниците во изборниот процес, секој со различни стартни позиции (организациски/комуникациски/продукциски), во зависност од логистичката поддршка за своето претставување пред гласачите, не само што немаа еднаков интензитет на изборните активности, туку – дел од нив не покажаа ангажман за каква било ТВ-форма на себепромоција, а некои, пак, не

се одзиваа ниту на повиците за интервјуа и за дебатно соочување со непосредните соперници за локалната власт.

Впрочем, новинарското разобличување фиктивна изборна понуда, посебно за местото – „општински советник“, можеше да се посведочи и од ретките, но впечатливи аналитички прилози на темата за т.н. - „демографски состав“ на поднесените листи со кандидати за советници. Од тие новинарски прилози произлегоа дури и бизарни податоци, како на пример оние дека – за избор се ставени цели семејства, со членови од различни генерации, при што во прашање е доведена и работоспособноста на најстариот член/кандидат, кој има дури 97 години.

Соочени со ваквата ситуација, редакциите на 11-те телевизиски програмски сервиси, што беа предмет на надзор, генерално заседоа две уреднички позиции во поглед на изборното медиумско претставување во дневниците/вестите:

- Едни вложија значаен напор да обезбедат информации за што повеќе учесници во изборната кампања, вклучувајќи и што поголем број вонпарламентарни партии и независни кандидати, при што, очекувано, претежнуваше времето за политичките субјекти кои имаа и најмногу потврдени кандидатски листи и најинтензивна кампања. Во оваа група влегуваат МРТ1 (со информации за кандидатите на сите 9 парламентарни партии, за 7 вонпарламентарни партии и 21 групи избирачи) и МРТ2 (со информации за кандидатите на сите 9 парламентарни партии, за 7 вонпарламентарни партии и 23 групи избирачи) од Јавниот радиодифузен сервис. Од комерцијалните медиуми најголем опфат на учесници во изборите обезбеди ТВ Алфа (7 парламентарни партии, 7 вонпарламентарни партии и 20 групи избирачи). Потоа Канал 5 (со информации за 7 парламентарни партии, за 7 вонпарламентарни партии и 8 групи избирачи) и Телма (со информации за 7 парламентарни партии, за 5 вонпарламентарни партии и 7 групи избирачи).
- Другите анализирани телевизии се фокусираа на кампањата на парламентарните партии со малку информации за вонпарламентарните партии и за независните кандидати.

Без оглед за која уредничка политика се одлучија, информативните редакции квантитативно не можеа целосно да ја исполнат обврската за избалансирано покривање на изборниот процес врз основа на принципите на еднаквост и пропорционалност во дневноинформативните емисии. Разликата е во тоа што првите, кои обезбедија информации за поголем број учесници во изборната кампања, беа поблиски до исполнување на суштината на овие принципи – да им се обезбедат на граѓаните што повеќе податоци врз кои ќе ја засноваат својата одлука на денот на гласањето. Вторите пак, го одразија политичкото статус кво на чувство на сеприсутност на „големите играчи“, која настојуваат да ја разбуркаат само неколку, условно кажано „помали играчи“.

За темата избори, најмногу време во вестите одвоија ТВ Алсат-М (речиси 8 часа - 2:41:55 за информации од изборната кампања во вестите во 16 часот и 5:17:59 за интервјуа реализирани во вестите во 19 часот), ТВ Сител (речиси 7 часа – 2:38:11 за информации од кампањата и 4:05:35 за интервјуа во вестите од кои поголем дел беа посветени на изборите) и ТВ Алфа (4:49:24).

Сите анализирани медиуми генерално известуваа неутрално за учесниците во изборите, а кај ТВ Алфа, само на почетокот од изборната кампања беа регистрирани неколку прилози во кои позитивно ја врамуваше Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, а негативно коалициите предводени од СДСМ и од ДУИ.

***<u>Посебни информативни емисии - интервјуа/дебати</u>***

Десет телевизиски програмски сервиси емитуваа интервјуа со учесниците во изборната кампања. ТВ Алсат-М и ТВ Сител интервјуата ги емитуваа во дневноинформативните емисии, со тоа што Сител, освен 10-те интервјуа на изборни теми во вестите, емитуваше и 13 интервјуа во други емисии. Најмногу интервјуа емитуваа ТВ Алсат-М (вкупно 30), ТВ Алфа (29), МРТ1 (28), ТВ Сител (23), ТВ Телма (15), ТВ Шења (13) и ТВ

24 Вести (12). Најмногу дебати имаше на ТВ 24-Вести (24) и на ТВ Телма (24), по што следуваат МРТ1 (17), ТВ Канал 5 (13) и МРТ2 (11). Освен ТВ Сител, сите други анализирани телевизии емитуваа дебати.

Во посебните информативни емисии кај ТВ Алфа имаше негативно врамување (за Коалицијата предводена од СДСМ) и позитивно врамување (за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ).

***Пристапноста на содржините за лицата со сетилна попреченост***

Јавниот радиодифузен сервис и националните телевизии што емитуваа платено политичко рекламирање, ја исполнија законската обврска во периодот на изборната кампања да информираат на начин прилагоден за лицата со сетилна попреченост преку – едно издание на вестите секој ден и едно издание на актуелноинформативна емисија неделно.

***Бесплатно политичко претставување***

МРТ1, МРТ2 и Собранискиот сервис ја исполнија обврската од ИЗ, и на кандидатите им понудија можност за бесплатно политичко претставување. Сепак, и годинава, учесниците во изборната кампања беа далеку позаинтересирани за платеното политичко рекламирање (ППР), отколку за бесплатното политичко претставување на сервисите на ЈРС.

***Претставки***

За другите програмски сервиси се постапуваше врз основа на претставки. Во текот на првиот круг, пристигна една ваква претставка, на 3 октомври 2025 година, и во неа, кандидатка за градоначалничка на Општина Кочани реагираше поради тоа што истиот ден, на Радио Кочани имало закажано дебата на која биле повикани само двајца од шесте кандидати за градоначалници на Општината. Агенцијата веднаш контактираше со Радиото чие одговорно лице, и во телефонски разговор и по електронска пошта, извести дека медиумот планира серија дебатни емисии, но поради просторните услови во студиото дебатите се организирани со по двајца кандидати (односно како соочувања). Истиот ден беше испратен допис до Радио Кочани во кој регулаторното тело го потсети медиумот оти, согласно член 75 став 2 од ИЗ, има обврска за време на изборната кампања да им овозможи на сите учесници во кампањата подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување – вклучувајќи ги дебатите и радио соочувањата, како и на тоа дека, согласно член 75-а став 1 точка в), баланс во известувањето за изборите за градоначалници се постигнува со почитување на принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници. Поради ова, му беше посочено дека треба да упати покани за учество до сите кандидати за градоначалници на Општина Кочани и дебатите да ги реализира до крајот на изборната кампања, како и дека доколку некој кандидат одбие да учествува – Радиото тоа треба да го посочи во програмата. Согласно законските прописи и воспоставената практика, Агенцијата за ова веднаш ја извести и подносителката на Претставката, а сите дописи, во анонимизирана форма, ги објави на својата веб страница во посебниот дел за Претставки.

***Изборен молк***

На 18 и на 19 октомври 2025 година до 19 часот, Агенцијата спроведе и мониторинг на почитувањето на изборниот молк. Примерокот за анализа во овие, речиси два дена беше проширен и, освен 11-те национални програмски сервиси, ги опфати и скопските регионални телевизии: ЕДО, ЕРА, Шутел, Вистел и МТМ (Прва скопска). Молкот го прекршија четири медиуми: националните ТВ 24 Вести и ТВ 21 – М и регионалните ТВ Вистел и ТВ Шутел, против кои беа покренати прекршочни постапки.

# РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ

## ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

## Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје

## МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА – ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС (МРТ1)

### 1. ДНЕВНОИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник 2,* од 19:30 часот
**Број на анализирани изданија**: 18 изданија[3] (од 29 септември до 17 октомври 2025)
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 9 часа 34 минути и 41 секунда
**Користени жанрови**: вести, извештаи

***Начин на известување***

Во текот на кампањата за Локалните избори, Првиот програмски сервис на Македонската радиотелевизија, во анализираната дневноинформативна емисија - Дневник 2 емитуван во 19.30 часот, известуваше правично, избалансирано и непристрасно и соодветно одговори на обврските од Изборниот законик кои треба да ги спроведува во текот на изборната кампања во поглед на структурата во вестите. Може да се каже дека Првиот телевизиски програмски сервис, математички ја спроведе обврската (со минимални отстапувања) за поделбата на времето во дневноинформативните емисии, утврдена во членот 76-а став 2 од ИЗ, по принципот: 30% од времето да емитува информации за дневните настани од државата и од светот; 30% да одвои за активностите на политичките партии на власт; 30% од времето да информира за активностите на опозициските партии, а во преостанатите 10% - за активностите на партиите што не се претставени во Собранието и за независните кандидати.

Во анализираните 18 изданија на Дневникот 2, информациите поврзани со настаните од земјата и странство беа застапени со 33.36% од вкупното времетраење на анализираните прилози во вестите. За активностите на политичките партии на власт беа одвоени 2 часа и 39 минути и 14 секунди, односно 27.71%, додека за активности за кампањите на политичките партии во опозиција беше одвоено нешто повеќе време - 2 часа и 50 минути и 7 секунди, односно 29.60%. За активностите на политичките партии коишто не се застапени во Собранието и за независните кандидати беа отстапени 53 минути и 38 секунди, односно 9.33% од вкупното времетраење на анализираните прилози.

***Табела 1: Процентуална застапеност на темите во дневноинформативното издание на МРТ1***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| Дневни настани од земјата и светот | 03:11:42 | 33,36 | % |
| Активности на партиите што не се во Собранието и на независните кандидати | 00:53:38 | 9,33 | % |
| Активности за кампањите на политичките партии на власт | 02:39:14 | 27,71 | % |
| Активности за кампањите на политичките партии во опозиција | 02:50:07 | 29,60 | % |
| | **Вкупно = 09:34:41** | **100** | **%** |

[3] На 15 октомври Дневник 2 не беше емитуван од технички причини.

Во делот од Дневникот 2 посветен за активностите на партиите коишто ја сочинуваат власта, МРТ1 одвои време за сите партии што се дел од владејачката структура: Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ – 1 час 7 минути и 41 секунда, Движењето ЗНАМ - За наша Македонија – 37 минути и 57 секунди, Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ – 38 минути и 20 секунди и ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија – 15 минути и 16 секунди, притоа почитувајќи ги принципите за балансот во рамки на времето одвоено за партиите на власт, согласно бројот на потврдени листи за советници и за кандидати за градоначалници, утврдени во членот 76-а став 3 од ИЗ.

Во рамки на делот за активностите на сите парламентарни опозициски субјекти, распределбата на времето беше по истиот принцип: Коалицијата на СДСМ - 1 час 4 минути и 3 секунди, Левица – 33 минути и 8 секунди, Национална алијанса за интеграција – НАИ – 32 минути и 36 секунди, Искуство за успех – 29 минути и 45 секунди и Демократска партија на Турците на Македонија – 15 минути и 16 секунди.

Во делот од времето посветен на активностите на вонпарламентарните партии и независните кандидати, МРТ1, извести за 21 независна листа со кандидати за градоначалници и за советници, како и за седум вонпарламентарни партии, што ја вбројува меѓу програмските сервиси кои вложиле голем напор да обезбедат информации за мноштво субјекти, и притоа времето го распореди релативно рамномерно. Ова е особено значајно ако се има предвид дека, поради првиот принцип на поделба на времето во четири категории, за оваа група кандидати можеше да издвои само 10 отсто, односно нешто помалку од 1 час од Дневникот.

МРТ1 известуваше за активностите на следниве независни кандидати: Горан Марковски – независен кандидат за градоначалник на Скопје – 3 минути и 23 секунди, Менди Ќира - независен кандидат за градоначалник на Струга – 2 минути и 37 секунди, Горан Стојковски - Диро - независен кандидат за градоначалник на Куманово – 2 минути и 30 секунди, Габриела Илиевска - независна кандидатка за градоначалничка на Битола – 2 минути и 21 секунда, Зоран Николовски - независен кандидат за градоначалник на Битола – 2 минути и 12 секунди, Насто Палиоски - независен кандидат за градоначалник на Струга – 2 минути и 3 секунди, Билјана Ивановска - за градоначалничка на Центар – 2 минути и 2 секунди, Марјан Калевски – Група избирачи СОВЕТНИЦИ ЗА СКОПЈЕ – 01 минута и 50 секунди, Павлинче Матеска – за градоначалничка на Прилеп – 1 минута и 40 секунди, Јана Белчева Андреевска - Група избирачи СОВЕТНИЦИ ЗА СКОПЈЕ – 1 минута и 31 секунда, Јане Димески - Група избирачи СОВЕТНИЦИ ЗА ЦЕНТАР – 1 минута и 31 секунда, Зоран Тодоров - за градоначалник на Кочани – 1 минута и 24 секунди, Висар Адеми - за градоначалник на Гостивар – 1 минута 18 секунди, Кети Сталеска - за градоначалничка на Кисела вода – 01 минута и 18 секунди, Јован Златевски - Група избирачи Независни за Кавадарци – 1 минута и 15 секунди, Љупчо Дунимаглоски - за градоначалник на Прилеп – 1 минута и 11 секунди, Борче Чупетрески - за градоначалник на Прилеп – 1 минута и 9 секунди, Драган Димковиќ - Група избирачи – 1 минута и 1 секунда, Ѓорѓија Игески - за градоначалник на Прилеп – 55 секунди, Гоце Цветковски - за градоначалник на Охрид – 51 секунда и Васко Деловски - за градоначалник на Битола - 00:00:34 секунди.

Што се однесува пак до активностите на вонпарламентарните партии, МРТ1 известуваше за кампањите на ТМРО – 5 минути и 31 секунда, Македонска Ера Трета/Македонски Независни Листи - Суверенисти – 3 минути и 32 секунди, Демократи Скопје – 3 минути и 58 секунди, Македонска акција - МААК – 1 минута и 57 секунди, Твоја партија – 1 минута и 33 секунди, Коалиција за зелена иднина – 1 минута и 19 секунди и Работничка партија – 1 минута и 12 секунди.

Во дневните настани од земјата најактуелни беа: обвинителниот акт и закажаниот датум за почетокот на судењето за пожарот во кочанската дискотека „Пулс“; протестите на вработените од „Паркови и зеленило“; почетокот на новата академска година; рочиштата за случајот „Онкологија“; Самитот за дигитализација на Западен Балкан; судењето на поранешниот директор на затворот „Шутка“; истрагата во случајот „кардиолошки интервенции”; истрагата за злоупотреби во РЕК Битола; истрагата за злоупотребите во два дома за стари лица; како и средбите на претседателката Гордана Сиљановска - Давкова со македонските иселеници во САД.

Во темите од земјата и светот како субјекти се појавуваат и Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ и Националната Алијанса за Интеграција – НАИ, како и Коалицијата на СДСМ, затоа што имаше 2 прилога во врска со пукањето во д-р Зекирија Шаини, каде што свои ставови искажаа двете партии, а имаше и една изјава на претседателот на СДСМ Венко Филипче, дадена по повод доделувањето на наградата „11 октомври“.

Во категоријата вести во светот најактуелни беа: склученото примирје во Газа и ослободувањето на израелските заложници, како и воениот конфликт помеѓу Русија и Украина.

***<u>Табела 2: Застапеност на субјектите по теми во дневноинформативното издание на МРТ1</u>***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:07:41 | 42,50 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:37:57 | 23,83 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:38:20 | 24,07 | % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:15:16 | 9,59 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:39:14** | **100** | **%** |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:04:03 | 37,65 | % |
| Левица | 00:33:08 | 19,48 | % |
| Национална алијанса за интеграција – НАИ | 00:32:36 | 19,16 | % |
| Искуство за успех | 00:29:45 | 17,49 | % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:10:35 | 6,22 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:50:07** | **100** | **%** |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | | |
| Судство | 00:15:25 | 8,04 | % |
| Влада | 00:32:56 | 17,18 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:04 | 6,30 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:11 | 5,31 | % |
| Здравство | 00:06:06 | 3,18 | % |
| Претседател | 00:07:29 | 3,90 | % |
| Вести од светот | 00:37:55 | 19.78 | % |
| Без субјекти | 00:01:27 | 0,76 | % |
| Јавно обвинителство | 00:10:03 | 5,24 | % |
| Други субјекти | 00:31:25 | 16,39 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:09:14 | 4,81 | % |
| Граѓани | 00:04:24 | 2,29 | % |
| ДИК | 00:04:32 | 2,37 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:01:32 | 0,80 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:02 | 1,58 | % |
| Национална алијанса за интеграција – НАИ | 00:01:22 | 0,71 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:00:28 | 0,25 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:39 | 0,86 | % |
| АРМ | 00:00:28 | 0,24 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:11:42** | **100** | **%** |

| Активности на партиите што не се во Собранието и на независните кандидати | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција за зелена иднина | 00:01:19 | 2,46 | % |
| ТМРО | 00:05:31 | 10,29 | % |
| Висар Адеми - Група избирачи | 00:01:18 | 2,44 | % |
| Зоран Николовски - Група избирачи | 00:02:12 | 4,09 | % |
| Кети Сталеска - Група избирачи | 00:01:18 | 2,42 | % |
| Зоран Тодоров - Група избирачи | 00:01:24 | 2,60 | % |
| Марјан Калевски - Група избирачи | 00:01:50 | 3,41 | % |
| МААК - Конзервативна партија | 00:01:57 | 3,62 | % |
| Билјана Ивановска - Група избирачи | 00:02:02 | 3,78 | % |
| Горан Марковски - Група избирачи | 00:03:23 | 6,32 | % |
| Јана Белчева Андреевска - Група избирачи | 00:01:31 | 2,84 | % |
| Јане Димески - Група избирачи | 00:01:31 | 2,84 | % |
| Твоја партија | 00:01:33 | 2,90 | % |
| Македонска ера трета/Македонски независни листи - Суверенисти | 00:03:32 | 6,59 | % |
| Демократи Скопје | 00:03:58 | 7,39 | % |
| Работничка партија | 00:01:12 | 2,25 | % |
| Менди Ќира - Група избирачи | 00:02:37 | 4,87 | % |
| Драган Димковиќ - Група избирачи | 00:01:01 | 1,88 | % |
| Насто Палиоски - Група избирачи | 00:02:03 | 3,82 | % |
| Јован Златевски - Група избирачи Независни за Кавадарци | 00:01:15 | 2,34 | % |
| Борче Чупетрески - Група избирачи | 00:01:09 | 2,15 | % |
| Павлинче Матеска - Група избирачи | 00:01:40 | 3,11 | % |
| Љупчо Дунимаглоски - Група избирачи | 00:01:11 | 2,21 | % |
| Горан Стојковски-Диро - Група избирачи | 00:02:30 | 4,65 | % |
| Габриела Илиевска - Група избирачи | 00:02:21 | 4,38 | % |
| Ѓорѓија Игески - Група избирачи | 00:00:55 | 1,71 | % |
| Васко Деловски - Група избирачи | 00:00:34 | 1,05 | % |
| Гоце Цветковски - Група избирачи | 00:00:51 | 1,58 | % |
| | **Вкупно за тема: 00:53:38** | **100** | **%** |
| | **Вкупно = 09:34:41** | | |

## 2. Посебни информативни емисии:

Освен преку претежно информативните жанрови во Дневникот 2, МРТ1 се потруди да обезбеди и поширок форум за продлабочена анализа на понудата на учесниците во изборната трка така што во 19-дневната кампања од првиот круг за изборите емитуваше вкупно 45[4] интервјуа и дебати. Притоа, сервисот се придржуваше до правилата за правичност, избалансираност и непристрасност.

[4] Посебната информативна емисија планирана за 15 октомври не беше емитувана поради технички проблеми.

***Интервјуа***

Интервјуа на изборни теми имаше во емисиите „360 Степени“ во која во едно издание беа интеврјуирани по неколку кандидати или претставници на учесниците во изборната кампања, и во посебната информативна емисија „Локални избори 2025 - Изборни соочувања на кандидатите“, која беше оригинално осмислена како дебата, но во случаите кога некои од соговорниците не беа присутни, беше реализирана како интервју. Вкупно премиерно беа емитувани 28 интервјуа, а репризно беа емитувани интервјуата во петте емисии „360 степени“.

***Табела 3: Интервјуа на МРТ1***

| МРТ1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| 29.09. 2025 | - Христијан Мицкоски, претседател на ВМРО ДПМНЕ<br>- Венко Филипче, претседател на СДСМ | Интервјуа со лидерите на ВМРО ДПМНЕ Христијан Мицкоски и СДСМ Венко Филипче на теми поврзани со Локалните избори и можните предвремени избори | 360 Степени |
| 29.09. 2025 | - Иван Гоцевски - Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ | Емисијата требаше да биде дебатно соочување на кандидатите за Делчево, Иван Гоцевски и Дејан Глинџарски. Бидејќи претставникот од СДСМ не беше дојден, кандидатот од редовите на ВМРО ДПМНЕ беше интервјуиран за тоа како планира да ги реализира своите ветувања. | Локални избори 2025- Изборни соочувања на кандидатите |
| 02.10. 2025 | - Венко Крстевски, независен кандидат,<br>- Зоран Тодоров - независен кандидат,<br>- Жаклина Филипова-Свеќаровска - Левица,<br>- Даниел Глигоров - Единствена Македонија,<br>- Игор Христов – Коалиција предводена од СДСМ<br>- Владко Грозданов - Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ<br>- Самка Ибраимовски - Искуство за успех<br>- Изет Зелнеловиќ - Демократи Скопје<br>- Стевица Сарковски од ВМРО НП<br>- Катка Божиновска - Левица<br>- Бајрам Реџепи - НАИ<br>- Билал Касами - Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | Во едно издание беа реализирани интервјуа со кандидатите за градоначалници на Кочани, на Тетово и со оние кандидати за градоначалници на Скопје, кои, според анкетата што МРТ ја имаше објавено во септември, имаа рејтинг над 5%. Со нив беше разговарано за програмите што ги нудат и за решавање на проблемите со кои се соочуваат граѓаните | 360 Степени |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Башким Бакиу - Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ<br>- Скендер Реџепи Зејд - НАИ | | |
| 02.10. 2025 | - Сашко Митовски од Коалиција предводена од СДСМ - Крива Паланка | Емисијата планирана да биде дебата е реализирана како интервју поради тоа што Оливер Алексовски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – ги известил дека не може да учествува на дебатата, од причина што работи како полициски службеник и во тек била постапка за ставање во мирување на неговиот работен однос според законските регулативи. До снимањето на емисијата сеуште немал добиено решение и не можел јавно да застапува политички ставови. | Локални избори 2025 - Изборни соочувања на кандидатите |
| 06.10. 2025 | - Орхан Муртезани – Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ,<br>- Арбр Адеми - НАИ | Две интервјуа за нивните изборни ветувања и планирани проекти | 360 степени |
| 06.10. 2025 | - Павел Иванов - кандидатот за градоначалник на Штип од Коалицијата предводена од СДСМ | Изборни ветувања и локални теми<br>Иван Јорданов од Коалицијата ВМРО ДПМНЕ и др.– ги известил дека со партијата донеле одлука да не присуствува на ниту една дебатна емисија пред изборите | Локални избори 2025 - Изборни соочувања на кандидатите |
| 09.10. 2025 | - Амар Мециновиќ - Левица<br>-Петар Јанков - Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ<br>-Маријан Даскаловски - Коалиција предводена од СДСМ<br>-Ристо Цасконоје - Единствена Македонија<br>- Драган Котуровиќ - независен кандидат | Интервјуа со кандидатите за локалните проблеми во општините Струмица и Скопје и за програмата којашто ја нудат | 360 степени |
| 16.10. 2025 | -Орце Георгиевски – Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ<br>-Каја Шукова - Коалиција предводена од СДСМ | Плановите и ветувањата на кандидатите за градоначалници на Скопје од двете најголеми коалиции. | 360 степени |

***Дебати***

Сервисот ја почитуваше обврската од членот 76-а став 11 од ИЗ да емитува дебати/соочувања со учесниците во изборниот процес, при што беа емитувани премиерно вкупно 17 дебати и репризно беа емитувани 5 изданија на емисијата „Објектив“.

***Табела 4: Дебатни емисии на МРТ1***

| МРТ1 | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| 29.09. 2025 | - Проф. Бојана Наумовска - директор на ИСППИ<br>- Петар Арсовски аналитичар<br>- Владимир Божиновски - Институт за политички истражувања - Скопје | Објектив |
| 30.09. 2025 | - Марко Колев - Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ - Велес<br>- Марија Деловска – кандидатка за Велес од Демократи Скопје | Локални избори 2025 - Изборни соочувања на кандидатите |
| 01.10. 2025 | - Виолета Арсовска - Искуство за успех - Куманово<br>- Максим Димитриевски, кандидат на ЗНАМ - Куманово<br>- Мартин Костевски - Коалиција предводена од СДСМ - Куманово<br>- Мирослав Петковиќ - Левица- Куманово<br>- Горан Стојковски-Диро - независен кандидат од граѓанската иницијатива Ред за Куманово | Локални избори 2025- Изборни соочувања на кандидатите |
| 02.10. 2025 | - Проф. Жидас Даскаловски - политиколог<br>- Џељал Незири - политиколог<br>- Петар Арсовски – аналитичар<br>- Владимир Божиноски – Институт за политички истражувања - Скопје | Објектив |
| 03.10. 2025 | - Кирил Пецаков - Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ -Охрид<br>- Стевче Стевоски - Твоја партија - Охрид<br>- Асен Шајн - Коалиција предводена од СДСМ - Охрид<br>- Гоце Цветковски независен кандидат - Охрид | Локални избори 2025 - Изборни соочувања на кандидатите |
| 06.10. 2025 | - Петар Арсовски аналитичар<br>- Владимир Божиновски - Институт за политички истражувања - Скопје<br>- Ценур Исеини - политиколог | Објектив |
| 07.10. 2025 | - Петра Лукаровска - Коалиција предводена од СДСМ - Прилеп<br>- Дејан Проданоски - Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ - Прилеп<br>- Владимир Ѓорѓиоски - Македонска Ера Трета - Прилеп<br>- Јасминка Стојкоска – кандидатка за Прилеп од Демократи Скопје<br>- Жарко Бошкоски - Искуство за успех - Прилеп<br>- Љупчо Дунимаглоски - независен кандидат - Прилеп<br>- Павлинче Матеска - независна кандидатка - Прилеп<br>- Ѓорѓија Игески - независен кандидат - Прилеп<br>- Борче Чупетрески - независен кандидат – Прилеп | Локални избори 2025 - Изборни соочувања на кандидатите |
| 08.10. 2025 | - Габриела Илиевска - независна кандидатка - Битола<br>- Мирјана Мирчевски - Македонска ера трета - Битола<br>- Зоран Николовски - независен кандидат - Битола<br>- Кире Димов - ТМРО - Битола<br>- Јорго Огненовски – кандидат за Битола од Демократи Скопје<br>- Методија Куновски - Коалиција предводена од СДСМ - Битола | Локални избори 2025 - Изборни соочувања на кандидатите |

| | | |
|---|---|---|
| | - Тони Коњановски - Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ – Битола | |
| 09.10. 2025 | - Петар Јанков – Кандидат на Коалицијата Твоја Македонија - Струмица<br>- Маријан Даскаловски – Коалиција предводена од СДСМ - Струмица<br>- Драган Котуровиќ – Независен кандидат – Струмица | Локални избори 2025 - Изборни соочувања на кандидатите |
| 09.10. 2025 | - Александар Ристески - аналитичар<br>- Ибрахим Мехмети – аналитичар<br>- Петар Арсовски - аналитичар<br>- Владимир Божиновски - Институт за политички истражувања - Скопје | Објектив |
| 10.10. 2025 | - Бобан Стефковски - Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ<br>- Влатко Митовски - Коалиција предводена од СДСМ<br>- Златко Тренчовски - Левица<br>- Зоран Петковски - Демократи Скопје<br>- Тони Димковски - Работничка партија<br>- Влатко Утевски - Македонска ера трета | Локални избори 2025 - Изборни соочувања на кандидатите |
| 13.10. 2025 | - Дарко Костевски - Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ - Бутел<br>- Оливера Ливриниќ - Коалиција предводена од СДСМ - Бутел | Локални избори 2025 - Изборни соочувања на кандидатите |
| 13.10. 2025 | - Самуел Малчевски - универзитетски професор<br>- Газменд Ајдини - аналитичар<br>- Петар Арсовски аналитичар<br>- Владимир Божиновски - Институт за политички истражувања - Скопје | Објектив |
| 13.10. 2025 | - Јасна Бачовска Недиќ - универзитетска професорка<br>- Сеад Џигал - универзитетски професор<br>- Бесим Небиу - политички аналитичар | 360 степени |
| 14.10. 2025 | - Александар Димитриевиќ - Левица - Ѓорче Петров<br>- Костадин Ацески - Коалиција предводена од СДСМ - Ѓорче Петров<br>- Александар Стојкоски - Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ - Ѓорче Петров<br>- Љупчо Јаневски - коалиција Искуство за успех | Локални избори 2025 - Изборни соочувања на кандидатите |
| 16.10. 2025 | - Оливер Поповски – Искуство за успех - Кисела Вода<br>- Горан Трајковски – Коалиција предводена од СДСМ - Кисела Вода<br>- Јане Ацевски – Левица - Кисела Вода<br>- Бети Стаменковска-Трајковска – Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ - Кисела Вода<br>- Марко Селџиевски – Твоја партија - Кисела Вода<br>- Кети Сталеска – независна кандидатка - Кисела Вода | Локални избори 2025 - Изборни соочувања на кандидатите |

| | | |
|---|---|---|
| 17.10. 2025 | - Мирослав Лабудовиќ - ЗНАМ - Центар<br>- Горан Герасимовски - Коалиција предводена од СДСМ  - Центар<br>- Марија Среброва - Левица  - Центар<br>- Билјана Ивановска независна кандидатка Независни заедно  - Центар | Локални избори 2025 - Изборни соочувања на кандидатите |

### 3. ***Бесплатно политичко претставување***

МРТ1 ја исполни обврската за емитување бесплатно политичко претставување од член 76-а ставови 5, 6, 7 и 9 од ИЗ. Можноста на овој начин да се претстават пред гласачите ја искористија 26 од кандидатите, со вкупно времетраење од 54 минути и 56 секунди, кое притоа беше соодветно означено согласно обврските. Бесплатното претставување се емитуваше секој ден, меѓу 13 и 17 октомври, во период околу 16 часот и 45 минути.

***Табела 5: Бесплатно политичко претставување на МРТ1***

| Датум | Кандидат(к)а | Времетраење |
|---|---|---|
| 13.10.2025 | - Љупчо Дунимагловски – Група избирачи<br>- Владимир Ѓорѓиоски – Прилеп – Македонска ера трета<br>- Жарко Бошкоски – Прилеп – Искуство за успех | 10:01 |
| 14.10.2025 | - Зоран Николовски  - Независен кандидат за градоначалник на Битола<br>- Јорго Огненовски – Кандидат за градоначалник на Битола од Демократи Скопје<br>- Ќире Димов – Независен кандидат за градоначалник на Битола<br>- Тони Коњановски – Кандидат за градоначалник на Битола од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ | 11:55 |
| 15.10.2025 | - Насто Палиоски – Независен кандидат за градоначалник на Струга<br>- Менди Ќира – Независен кандидат за градоначалник на Струга<br>- Драган Котуровиќ - Независен кандидат за градоначалник на Струмица<br>- Зоран Тодоров - Независен кандидат за градоначалник на Кочани<br>- Влатко Здравков - Независен кандидат за градоначалник на Кочани<br>- Сеат Бислими - Кандидат за градоначалник на Студеничани од Коалиција ВЛЕН | 2:59 |
| 16.10.2025 | - Милчо Смиљанов – Носител на советничка листа од Коалиција за Зелена иднина – О. Штип<br>- Александар Стојкоски – Кандидат за градоначалник за О. Ѓорче Петров од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ | 20:00 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Даниел Огненовски – Кандидат за градоначалник за О. Дебарца од Коалиција „Искуство за успех”<br>- Марија Крстевска – Носителка на советничка листа за О. Делчево – МААК<br>- Миле Цветаноски – Носител на советничка листа за О. Центар од МААК<br>- Лазо Костоски – Носител за советничка листа за О. Карпош – МААК<br>- Ѓоре Рајевски – Носител на советничка листа за О. Бутел – МААК<br>- Стефан Ацковски - Носител на советничка листа за Град Скопје – Родина Македонија<br>- Маре Стоилова - Носителка на советничка листа за О. Штип од Единствена Македонија | |
| 17.10.2025 | - Јана Белчева Андреевска - Носителка на советничка листа за град Скопје - Независни заедно<br>- Билјана Ивановска - Кандидатка за градоначалничка на Центар -Независни заедно<br>- Јане Димески – носител на советничка листа Центар - Независни заедно<br>- Даме Димитровски - носител на советничка листа за град Скопје - Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ | 10:01 |

## 4. *Информирање за лицата со сетилна попреченост*

МРТ1, во рамки на својата законска обврска, ја извести Агенцијата дека во формат пристапен за лицата со попреченост, со користење знаковен јазик, ќе ги емитува: ТВ Дневник 1 (секој ден од 17:00 часот), емисијата „Објектив“ (секој понеделник и четврток од 20 часот и 15 минути, со исклучок на 16 октомври), „Соочувања меѓу кандидатите за градоначалници“ – дебатни студиски емисии (во вторник, среда и петок од 20 часот и 15 минути; во понеделник и четврток од 18 часот и 30 минути).

Сите овие емисии беа емитувани со што МРТ1 ги исполни обврските од членовите 75 ставови 1 и 4 и 76-а став 4 од Изборниот законик.

## МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА – ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС (МРТ2)

### 1. ДНЕВНОИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Дневник од 18:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 29 септември до 17 октомври 2025);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 10 часа 12 минути и 6 секунди;
**Користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

Во текот на кампањата за Локалните избори, Вториот програмски сервис МРТ2, во своите информативни изданија најнапред ја исполни обврската утврдена во член 76 – а став 2 од Изборниот законик во поглед на структурата на дневно информативните емисии, односно: 30% од времето да емитува информации за дневните настани од државата и од светот; 30% да одвои за активностите на политичките партии на власт; 30% од времето да информира за активностите на опозиските партии, а во преостанатите 10% - за активностите на партиите што не се претставени во Собранието и за независните кандидати.

Со тоа МРТ2 го реализираше првиот чекор во насока на обезбедување баланс во известувањето во дневноинформативните емисии. Времето посветено за активностите од кампањите на политичките партии на власт и за активностите на политичките субјекти што ја сочинуваат опозицијата во Собранието, беше речиси еднакво, со незначителна разлика од шест минути. За активностите на партиите на власт, во анализираните централни вести, МРТ2 одвои 2 часа 59 минути и 43 секунди, односно 29.36% од анализираните прилози, а за активностите на партиите во опозиција 3 часа 7 минути и 10 секунди, односно 30.58%.

***Табела 6: Процентуална застапеност на темите во дневноинформативното издание на МРТ2***

| МРТ 2 | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| Дневни настани од земјата и светот | 03:05:37 | 30,33 | % |
| Активности на партиите што не се во Собранието и на независните кандидати | 00:59:36 | 9,74 | % |
| Активности за кампањите на политичките партии на власт | 02:59:43 | 29,36 | % |
| Активности за кампањите на политичките партии во опозиција | 03:07:10 | 30,58 | % |
| | **Вкупно = 10:12:06** | **100** | **%** |

Во времето отстапено за политичките партии од власта се вброени прилозите за кампањата на четири субјекта што учествуваа на Локалните избори: - Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ; Коалицијата Твоја Македонија предводена од ВМРО ДПМНЕ; Движењето ЗНАМ - За наша Македонија и Демократската партија на Србите во Македонија. Времето за политичките партии од опозицијата вклучува прилози за кампањата на пет учесници на Локалните избори: Коалицијата за Локални избори 2025 година предводена од СДСМ; Левица; Демократската партија на Турците на Македонија; Коалицијата Искуство за успех и Национална алијанса за интеграција – НАИ. Во прилозите за активности за кампањите на политичките партии на власт, доколку се погледне времето на Коалицијата ВМРО ДПМНЕ и партијата ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија (кои, со исклучок на Куманово, настапуваат како еден коалициски субјект), тогаш Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, со одвоено време од 1 час 11 минути и 52 секунди, има речиси идентично време со Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ, со време од 1 час 12 минути и 21 секунда. Во прилозите за активности за

кампањите на политичките партии во опозиција најмногу време беше одвоено за Коалицијата Национална алијанса за интеграција од 1 час 3 минути и 34 секунди, по што следува Коалицијата на СДСМ со 53 минути и 59 секунди.

Во времето посветено на активностите на политичките партии што не се застапени во Собранието и за независните кандидати, МРТ2 известуваше за седум партии, и тоа: Коалиција за зелена иднина, Трајно македонско радикално обединување (ТМРО), Твоја партија, Работничка партија, Македонска ера трета, МААК и Демократи Скопје, како и за изборната кампања на дваесет и три (23) групи избирачи. Вкупното времетраење посветено на овие субјекти изнесува 59 минути и 36 секунди. Најмногу простор беше посветен на Висар Адеми, независен кандидат за градоначалник на Општина Гостивар, за кого медиумот одвои 6 минути и 35 секунди, и на Менди Ќира, независен кандидат за Општина Струга, со 5 минути и 31 секунда. Останатите групи избирачи и помалите партии беа застапени со приближно еднаква минутажа.

Со ваквиот пристап, и МРТ2 се вбројува меѓу телевизиите кои настојуваа да обезбедат што пообемна слика за политичкиот избор на Локалните избори преку вестите. Притоа, Информативната редакција на МРТ2 континуирано ги следеше активностите на поголемите политички партии преку извештаи од нивните митинзи и средби со граѓаните, како и на кандидатите за градоначалници и советници, додека активностите на помалите партии и независните кандидати беа презентирани преку изјави и пократки прилози во рамките на вестите.

Времето за настаните од земјава и светот беше посветено на прилозите кои се дел од вестите, а кои говорат за актуелните општествени-политички случувања во земјава (редовните активности на Владата, претседателот, судството, активностите на ДИК поврзани со изборниот процес, експерти, органите на државната управа и др.) како и за вестите кои се однесуваат на светските случувања. Појавувањето на двете коалиции, едната предводена од СДСМ (безмалку 3 минути), другата од ВМРО ДПМНЕ (2 минути) во темата „Други прилози" се должи на реакциите на СДСМ и ВМРО ДПМНЕ во врска со Предлог-резолуцијата за утврдување на државните и национални позиции за продолжување на евроинтеграцискиот процес. Во овие прилози се јавија низа извори на информации, методолошки кодирани како „Други субјекти", какви што се адвокати, Регулаторната комисија за енергетика (РКЕ), претставници на Фестивалот "Скупифест", на Стоматолошка комора на Македонија, Унијата на здруженијата на медицинските сестри и други.

***Табела 7 : Застапеност на субјектите по теми во дневноинформативното издание на МРТ2***

| МРТ 2 | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 01:12:21 | 40,26 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:59:08 | 32,91 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:35:30 | 19,75 | % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:12:44 | 7,08 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:59:43** | **100** | **%** |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | |
| Левица | 00:32:58 | 17,61 | % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:13:04 | 6,98 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:53:59 | 28,84 | % |
| Искуство за успех | 00:23:35 | 12,60 | % |
| Национална алијанса за интеграција – НАИ | 01:03:34 | 33,96 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:07:10** | **100** | **%** |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | | |
| ДИК | 00:19:14 | 10,36 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Влада | 00:24:58 | 13,45 | % |
| Судство | 00:09:43 | 5,23 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:11 | 7,64 | % |
| Граѓански сектор | 00:08:26 | 4,54 | % |
| Вести од светот | 00:24:12 | 13,04 | % |
| Јавно обвинителство | 00:05:44 | 3,09 | % |
| Други субјекти | 00:30:29 | 16,42 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:04 | 1,11 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:50 | 1,52 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:14:53 | 8,02 | % |
| Граѓани | 00:07:14 | 3,90 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:48 | 5,81 | % |
| Здравство | 00:04:47 | 2,58 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:01:46 | 0,96 | % |
| Собрание | 00:00:42 | 0,38 | % |
| Претседател | 00:02:46 | 1,49 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:50 | 0,45 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:05:37** | **100** | **%** |
| **Активности на партиите што не се во Собранието и на независните кандидати** | | | |
| Менди Ќира - Група избирачи | 00:05:31 | 9,24 | % |
| Бесник Асани - Група избирачи | 00:04:20 | 7,28 | % |
| Шкодран Алили - Група избирачи | 00:03:47 | 6,34 | % |
| Кети Сталеска - Група избирачи | 00:00:32 | 0,89 | % |
| Коалиција за зелена иднина | 00:01:04 | 1,80 | % |
| Висар Адеми - Група избирачи | 00:06:35 | 11,05 | % |
| Горан Марковски - Група избирачи | 00:02:19 | 3,90 | % |
| Билјана Ивановска - Група избирачи | 00:01:37 | 2,71 | % |
| Габриела Илиевска - Група избирачи | 00:02:06 | 3,53 | % |
| ТМРО | 00:03:53 | 6,52 | % |
| Ѓорѓија Игески - Група избирачи | 00:01:40 | 2,79 | % |
| Зоран Николовски - Група избирачи | 00:01:46 | 2,96 | % |
| Твоја партија | 00:01:05 | 1,82 | % |
| Драган Димковиќ - Група избирачи | 00:01:04 | 1,79 | % |
| Работничка партија | 00:02:16 | 3,80 | % |
| Македонска ера трета/Македонски независни листи - Суверенисти | 00:02:51 | 4,77 | % |
| Јана Белчева Андреевска - Група избирачи | 00:01:38 | 2,74 | % |
| Јане Димески - Група избирачи | 00:01:05 | 1,82 | % |
| Марјан Калевски - Група избирачи | 00:01:10 | 1,96 | % |
| Јован Златевски - Група избирачи Независни за Кавадарци | 00:01:11 | 2,00 | % |
| Рамадан Имери - Група избирачи | 00:01:10 | 1,96 | % |
| Насто Палиоски - Група избирачи | 00:01:37 | 2,71 | % |
| Зоран Тодоров - Група избирачи | 00:01:04 | 1,80 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Васко Деловски - Група избирачи | 00:01:11 | 2,00 | % |
| МААК - Конзервативна партија | 00:01:06 | 1,83 | % |
| Борче Чупетрески - Група избирачи | 00:01:05 | 1,81 | % |
| Горан Стојковски-Диро - Група избирачи | 00:01:04 | 1,78 | % |
| Љупчо Дунимаглоски - Група избирачи | 00:01:05 | 1,82 | % |
| Павлинче Матеска - Група избирачи | 00:01:38 | 2,75 | % |
| Демократи Скопје | 00:01:06 | 1,84 | % |
| | **Вкупно за тема: 00:59:36** | **100** | **%** |
| | **Вкупно = 10:12:06** | | |

## 2. ПОСЕБНИ ИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:

***Посебни информативни емисии***

Освен преку вестите, МРТ2 вложи и дополнителни напори да обезбеди повеќе информации за изборните понуди на кандидатите за градоначалници преку организирање интервјуа, дебати и соочувања во различни програмски формати. Во периодот од 29 септември до 17 октомври, Вториот телевизиски програмски сервис организираше повеќе дебати и интервјуа со кандидати за градоначалници, пред се од општините каде населението е, во мнозинство или целосно, сочинето од Албанци. Некои од дебатите беа реализирани како интервјуа поради неволноста на дел од кандидатите да се соочат со своите против кандидати.

***Интервјуа***

МРТ2 премиерно реализираше интервјуа во 6 емисии – „Локални избори 2025“, кои беа репризирани следниот ден во попладневните часови. Од вкупно дваесет и двајца поканети учесници во изборниот процес за градоначалници, во емисиите присуствуваа осум, додека четиринаесет не се одзваа на поканата.

Дебатите закажани за 2, 4, 9, 10 и 15 октомври беа реализирани во форма на интервју, бидејќи, како што информираше водителот на емисијата, од објективни или субјективни причини, учеството во дебатата го откажале другите поканети кандидати за градоначалник.

***Табел 8: Интервјуа на МРТ2***

| МРТ2 | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| 2.10 | Општина Арачиново<br><br>Даут Беќири од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ<br><br>**Биле поканети, но не се одзвале на поканата:**<br><br>Скендер Јусуфи од Коалицијата НАИ | - Изборната програма;<br>- Програмски приоритети;<br>-Решение на проблемот со водоснабдувањето и депониите;<br>- Обезбедување на здравствена установа посветена на 24 часовна медицинска заштита;<br>- Програма за образованието;<br>- Изградба на спортски објекти;<br>-Нови вработувања,<br>- Економскиот развој и буџетот на општината;<br>- Порака до гласачите. | **„Локални избори 2025“** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Фекри Биљали – независен кандидат | | |
| 2.10 | <u>Општина Врапчиште</u><br><br>Мехмет Сефери од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ<br><br>**<u>Бил поканет, но не се одѕвал на поканата:</u>**<br><br>Исен Шабани од Коалицијата НАИ | - Мотивите за кандидатурата за градоначалник<br>- Програмски приоритети;<br>- Буџетска транспарентност и отчетност;<br>- Решавање на проблемите со инфраструктурата и депониите;<br>- Развој на економијата,<br>- План за животната средина, туризмот;<br>- Програма за здравството,<br>- Порака до гласачите. | **„Локални избори 2025“** |
| 4.10 | <u>Општина Желино</u><br><br>Емир Сулејмани од Коалицијата НАИ<br><br>**<u>Бил поканет, но не се одѕвал на поканата:</u>**<br><br>Блерим Сејдиу од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | - изборната програма;<br>-програмски приоритети;<br>-решавање на проблемот со водоснабдувањето во околните села, со активноста на каменокршачот<br>-решение за депониите;<br>- обезбедување фондови за реализација на проектите;<br>-подобрување на условите во образованието;<br>- здравствена установа посветена на 24 часовна медицинска заштита;<br>- намалување на општинскиот долг. | **„Локални избори 2025“** |
| 9.10 | <u>Општина Струга</u><br><br>Бесник Асани независен кандидат<br>Менди Ќира, независен кандидат<br><br>**<u>Биле поканети, но не се одѕвале на поканата:</u>**<br><br>Арсим Далипи од Коалицијата НАИ<br>Игор Малески, независен кандидат<br>Јована Мојсоска од Левица<br>4. Мирко Савески, независен кандидат<br>5. Насто Палиоски, независен кандидат<br>6. Роберт Милески од Демократи Скопје | *Две посебни инетрвјуа*<br><br><u>Интервју со Бесник Асани, независен кандидат</u><br><br>- Изборната програма;<br>- Зашто противкандидатите не се согласуваат да се соочат во дебата;<br>- Генерален урбанистички план на Струга;<br>- Узурпирање и уништување на јавниот простор;<br>- Урбанистички план за брегот на езерото и реката;<br>- Програма за образование;<br>- Нови вработувања;<br>- Дали ќе поднесете оставка доколку како иден градоначалник бидете обвинет за кривично дело;<br>- Буџетска транспарентност и отчетност;<br>- Назначување на директорските позиции.<br><br><u>Интервју со Менди Ќира, независен кандидат</u><br><br>- Дали имате поддршка од некој политички субјект;<br>- Дали имате официјален договор со ВРЕДИ;<br>- Зашто кандидатите за градоначалници на Струга не се согласуваат да се соочат во дебата;<br>- Изборната програма;<br>- Генерален урбанистички план на Струга;<br>- Инфраструктурни приоритети;<br>- Буџетот на Општина Струга; | **„Вистинска дебата”** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Водоснабдителниот и канализацискиот систем во селата на Општината*;*<br>- Урбанистичкиот план;<br>- План за туризмот;<br>- Решение за депониите;<br>- Подобрување на условите во образованието;<br>- Нови вработувања;<br>- Транспарентност и отчетност на Општината. | |
| 10.10 | Општина Бутел<br><br>Исамедин Азизи од Коалицијата НАИ<br><br>**Биле поканети , но не се одѕвале на поканата:**<br><br>Дарко Костовски од Калицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ<br>Оливера Ливриниќ од Калицијата предводена од СДСМ | - Албански кандидат за градоначалник на Општина Бутел;<br>- Изборната програма;<br>- Програма за образованието;<br>- Нови вработувања;<br>- Водоснабдителниот *систем в*о с.Љуботен;<br>- Употреба на двојазичноста;<br>- Урбанистичка визија;<br>- Решение за депониите. | **„Вистинска дебата"** |
| 15.10 | Општина Гостивар<br><br>Валбон Лимани од Коалицијата НАИ<br>Висар Адеми, независен кандидат<br><br>**Биле поканети , но не се одѕвале на поканата:**<br><br>Себаедин Даути од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ<br>Дарко Грујоски од Левица | *Две посебни интервјуа во рамките на истата емисија*<br><br>*Интервју со Валбон Лимани од Коалицијата НАИ*<br><br>- Зашто противкандидатот Себаедин Даути не се согласи да се соочи на дебата;<br>-Зашто нема соочување во дебата со Висар Адеми;<br>- Изборната програма;<br>- Урбанистичкиот план;<br>- Дали ќе ги проверите одобренијата за градба кои се издадени од претходниот градоначалник;<br>- Подобрување на инфраструктурата;<br>- Изградба на паркинг места;<br>- Водоснабдителниот *систем* во с.Дебреште, Баинце;<br>- Заштита на реката Вардар од загадување;<br>- План за паркови и зелени површини;<br>- Програма за образованието;<br>- Дали ќе поднесе оставка доколку како иден градоначалник биде обвинет за кривично дело;<br>- Дали службените коли ќе се употребуваат за приватни потреби.<br><br>*Интервју со Висар Адеми независен кандидат*<br><br>- Зашто Себаедин Даути и Валбон Лимани не сакаат да се соочат со него во дебата;<br>- Изборната програма; | **„Вистинска дебата"** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - План за намалување на долгот на граѓаните кон Општината;<br>- Урбанистичкиот план;<br>- Мотивите за кандидатурата како независен кандидат за градоначалник;<br>- Изградба на канализационата мрежа на гостиварските села;<br>- Модернизација на депонијата „Русино“;<br>- Водоснабдителниот *систем во* с.Дебреште, Баинце;<br>- Дали вашата кампања ја финансира некој инвеститор;<br>- Програма за образованието;<br>- Дали ќе поднесе оставка доколку како иден градоначалник биде обвинет за кривично дело; | |

***Дебати***

Емитувани беа единаесет дебатни емисии во премиерно издание, и дванаесет репризно. Поканети беа 28 кандидати за градоначалници, од кои девет не се одзвале на поканата, како и политички аналитичари и претставници на младинските форуми на Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ и Коалицијата НАИ.

***Табела 9: Дебатни емисии на МРТ2***

| МРТ2 | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| 29.09 | Општина Боговиње<br>Фети Абази од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ<br>Бесник Емшиу од Коалицијата НАИ | „Локални избори 2025“ |
| 30.09 | Ќенан Алиу, политички аналитичар<br>Џелал Незири, политички аналитичар<br>Лорик Идризи, политички аналитичар | „ЗООМ“ |
| 1.10 | Општина Студеничани<br>Седат Бислими од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ<br>Ејуп Абази од Коалицијата НАИ<br><br>***Бил поканет, но не се одѕвал на поканата:***<br>Азем Садики, независен кандидат | „Локални избори 2025“ |
| 3.10 | Општина Теарце<br>Назим Таипи, кандидат за градоначалник од Коалицијата НАИ<br>Даут Мемиши, кандидат за градоначалник од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | „Локални избори 2025“ |
| 6.10 | Општина Липково<br>Еркан Арифи од Коалицијата НАИ<br>Неџмедин Садику од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | „Локални избори 2025“ |
| 7.10 | Претставници на младински форум<br><br>Илка Нуредини од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ<br>Синан Вејсели од Коалицијата НАИ | „ЗООМ“ |
| 8.10 | Општина Кичево<br>Фатмир Лимани од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ<br>Шкодран Алили, независен кандидат | „Локални избори 2025“ |

| | | |
|---|---|---|
| | ***<u>Биле поканети, но не се одѕвале на поканата:</u>***<br>Фатмир Дехари од Коалицијата НАИ<br>Александар Јовановски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ | |
| 13.10 | <u>Општина Тетово</u><br>Бајрам Реџепи од Коалицијата НАИ<br>Билал Касами од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ<br><br>***<u>Од шест поканети кандидати за граоначалник, во емсијата дошле само двајца.</u>*** | „Вистинска дебата” |
| 14.10 | <u>Општина Сарај</u><br><br>Блерант Рамадани од Коалицијата НАИ<br>Мухамет Елмази од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ<br>Ремзи Мамути, независен кандидат | „Вистинска дебата” |
| 16.10 | <u>Општина Дебар</u><br>Фисник Мела од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ<br>Илириан Фетаху од Коалицијата НАИ<br><br>***<u>Бил поканет, но не се одѕвал на поканата:</u>***<br>Рамадан Имери независен кандидат | „Вистинска дебата” |
| 17.10 | <u>Општина Чаир</u><br>Изет Меџити од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ<br>Бујар Османи од Коалицијата НАИ<br><br>***Бил поканет , но не се одѕвал на поканата:***<br>Ицо Колевски од Работничка Партија | „Локални Избори 2025“ |

## 3. БЕСПЛАТНО ПОЛИТИЧКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ

Повикот на МРТ2 за бесплатно политичко претставување го искористија двајца кандидати за градоначалник: Менди Ќира, независен кандидат за градоначалник на Струга, и Седат Бислими, кандидат на Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ за градоначалник на Студеничани. Нивното триминутно бесплатно политичко претставување беше соодветно означено и проследено со титлување.

***<u>Табела 10:Бесплатно политичко претставување на МРТ2</u>***

| Датум | Кандидат | Времетраење |
|---|---|---|
| 13.10 | Менди Ќира, независен кандидат за градоначалник на Струга | 00:03:06 |
| 14.10 | Седат Бислими кандидат за градоначалник на Студеничани од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:02:38 |

## 4. Информирање за лицата со сетилна попреченост

МРТ2, во рамки на својата законска обврска, ја извести Агенцијата дека во формат пристапен за лицата со попреченост, со титлување, ќе ги емитува: Вестите во 22:30 часот (секој ден) и емисијата „Соочувања меѓу кандидатите за градоначалници“ (секој понеделник од 20 часот).

Вториот програмски сервис на Македонската телевизија ги исполни обврските утврдени со член 75 ставови 1 и 4, како и од член 76-а став 4 од Изборниот законик. Согласно со овие одредби, на знаковен јазик за лицата со оштетен слух беа адаптирани две изданија на дебатната емисија „Локални избори 2025“ и едно издание на „Вистинска дебата”.

## МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА - СОБРАНИСКИ СЕРВИС

Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието секојдневно емитуваше повици за бесплатно политичко претставување на кандидатите за градоначалници и советници за Локалните избори 2025, со информација за распределбата на времето и начинот на кој можат да го користат (односно да доставаат свои снимки или Собранискиот сервис да организира снимање за нивно претставување).

Кандидатите на локалните избори на Собранискиот канал можеа да искористат по три часа бесплатно политичко претставување за кандидатите од политичките партии застапени во Собранието, а еден час за независните кандидати и партиите кои не се застапени во Собранието.

Бесплатното политичко претставување се емитуваше секој ден околу 19.00 часот, во согласност со барањата од членот 76-а, ставови 6, 7, 8 и 9 од Изборниот законик.

***Табела 11: Бесплатното политичко претставување на Собранискиот канал***

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Игор Малески - Група избирачи | 00:08:38 |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ | 00:37:48 |
| Македонска ера трета/Македонски независни листи - Суверенисти | 00:36:30 |
| Работничка партија | 00:15:14 |
| Коалиција СДСМ | 00:34:10 |
| Зоран Николовски - Група избирачи | 00:44:02 |
| Мирјана Мирчевска - Македонска ера трета | 00:07:07 |
| Движење ЗНАМ | 00:13:37 |
| Група избирачи - Независни за Карпош, заеднички спот за градоначалник и за советници | 00:02:37 |
| Гордан Стошевиќ - Група избирачи | 00:05:19 |
| Саше Донев - Група избирачи | 00:03:25 |
| Марјан Калевски - Група избирачи | 00:09:46 |
| Марко Ташков - Група избирачи | 00:10:59 |
| | **Вкупно = 03:49:12** |

***Информирање за лицата со сетилна попреченост***

Собранискиот канал, иако нема дефинирана специфична законска обврска, во периодот на мониторингот емитуваше програма во формат пристапен за лицата со попреченост. Со знаковен јазик во повеќе термини беа емитувани емисиите: „Собраниска ризница – Уставна сала“ и „Собраниска ризница – Собраниски хакатон“.

## ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ПРИВАТНИ ТЕЛЕВИЗИИ

### АЛСАТ-М

### 5. ДНЕВНО-ИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Вести од 16:00 часот и интервјуа во Вестите во 19 часот;
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 29 септември до 17 октомври 2025);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 7 часа 26 минути и 37 секунди;
**Користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

Во првиот круг од Локалните избори, ТВ Алсат-М при известувањето од изборната кампања беше фокусирана на активностите на кандидатите од најголемите четири коалиции за кои издвои речиси еднакво време, додека за вонпарламентарните партии и за независните кандидати обезбеди многу малку информации. Во интервјуата во Вестите во 19 часот, поголема видливост имаа кандидатите од коалициите од албанскиот блок. Со ова таа не успеа во целост да ги исполни обврските утврдени во член 75 став 1 и член 75-а став 1 точка в) од Изборниот законик.

Пред почетокот на изборната кампања, ТВ Алсат-М ја извести Агенцијата дека донела уредничка одлука да известува за активностите од кампањата во Вестите од 16 часот, додека интервјуата, кои се редовна одлика на Вестите во 19 часот, дека и натаму ќе бидат реализирани во тоа издание. Затоа, Агенцијата ги анализираше во целина Вестите од 16 часот, додека од Вестите од 19 часот ги анализираше само интервјуата.

Во анализираниот период ТВ Алсат - М издвои вкупно 2 часа 41 минута и 55 секунди за прилози поврзани со изборите, додека 4 часа 42 минути и 6 секунди беа посветени на актуелни настани од различни општествени области. Во фокус на интерес на Редакцијата при следењето на Локалните избори беа Националната алијанса за интеграција – НАИ (со вкупно 30 минути и 42 секунди), Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ (со 28 минути и 58 секунди), како и коалициите предводени од ВМРО ДПМНЕ (со 26 минути и 49 секунди) и од СДСМ (со 26 минути и 13 секунди). Посебно внимание беше насочено кон активностите на кандидатите за градоначалници на општина Чаир – Изет Меџити од Коалицијата ВЛЕН и Бујар Османи од Коалицијата Национална алијанса за интеграција – НАИ. Контиунирано беа следени нивните настапи и активности во рамки на изборната кампања, презентирајќи ги нивните изборни програми со обезбедување приближно еднаква временска застапеност и рамноправен третман при известувањето. Ваквиот пристап беше во согласност со интензитетот на нивните кампањски активности и со нивното присуство на терен. Од другите парламентарни партии, информации имаше и за Левица, Искуство за успех и Движењето ЗНАМ – За наша Македонија.

Телевизија Алсат-М имаше информации за кампањите и на една вонпарламентарна партија и на шест независни кандидати. Организацијата и спроведувањето на изборниот процес, медиумот ги обработи преку информации и изјави од претставници на Државната изборна комисија (ДИК).

Најголемиот дел од дневноинформативното издание, како и кај другите анализирани медиуми, беше посветен на дневните настани од кои некои произлегуваа од редовните активности на органите на власта, дипломатските средби меѓу претставници на власта, претседателката на државата и делегации од странски држави; прашања поврзани со евроинтеграцискиот процес на државата, измените на Законот за безбедност во сообраќајот, имплементацијата на европскиот систем за влез/излез (ЕЕС), како и позитивните реакции на

препораките од Венецијанската комисија за законите за обвинителите и Советот на јавни обвинители. Се известуваше и за образовни проекти во рамките на програмата „Еразмус+“, апелот на Народниот правобранител да не се користат децата во политички активности, препукувањата меѓу власта и опозицијата околу судскиот систем, аудио-снимките поврзани со кичевскиот градоначалник Дехари и обидот за убиство на носителот на листа на Коалицијата НАИ д-р Шахини. Во врска со овие теми имаше и реакции од коалициите на ВЛЕН/ВРЕДИ, ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и на Националната алијанса за интеграција (НАИ), поради што тие се јавуваат како субјекти во темата други прилози. Опфатени беа и темите за слободните места во студентските домови, состојбите во домовите за стари лица, пожарот на депонијата во Арачиново, видеата со насилство на социјалните мрежи и почетокот на грејната сезона, како и протестите на вработените во „Паркови и зеленило“ и процесот на вакцинација против сезонскиот грип. Притоа, најголемо време беше издвоено за категоријата „Други субјекти“ во која влегуваат засегнати страни и правни застапници во различни судски случаи, претставници на универзитетите, студенти итн.

***<u>Табела 12: Застапеност на субјектите во вести по теми на ТВ Алсат-М</u>***

| ТВ Алсат - М | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Коментари/ставови** | | | |
| Други субјекти | 00:01:18 | 50,00 | % |
| Судство | 00:01:18 | 50,00 | % |
| | **Вкупно за тема: 00:02:36** | **100** | **%** |
| **Други прилози** | | | |
| Судство | 00:20:46 | 7,36 | % |
| Други субјекти | 01:06:02 | 23,41 | % |
| Граѓански сектор | 00:18:42 | 6,63 | % |
| Влада | 00:41:14 | 14,62 | % |
| Здравство | 00:08:15 | 2,92 | % |
| Граѓани | 00:30:08 | 10,68 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:31:13 | 11,07 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:12:45 | 4,52 | % |
| Јавно обвинителство | 00:23:36 | 8,37 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:52 | 3,15 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:05:10 | 1,83 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:03:33 | 1,26 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:00 | 0,71 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:07 | 0,75 | % |
| Претседател | 00:03:21 | 1,19 | % |
| Национална Алијанса за Интеграција – НАИ | 00:04:22 | 1,55 | % |
| | **Вкупно за тема: 04:42:06** | **100** | **%** |
| **Интервјуа во вести** | | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:41 | 100 | % |
| | **Вкупно за тема: 00:07:41** | **100** | **%** |
| **Избори 2025** | | | |
| ДИК | 00:08:09 | 5,03 | % |
| Влада | 00:01:50 | 1,13 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:02:41 | 1,66 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:28:58 | 17,89 | % |
| Национална Алијанса за Интеграција – НАИ | 00:30:42 | 18,96 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:26:49 | 16,57 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:26:13 | 16,19 | % |
| Зоран Николовски - Група избирачи | 00:01:03 | 0,65 | % |
| Висар Адеми - Група избирачи | 00:04:44 | 2,92 | % |
| Искуство за успех | 00:02:37 | 1,62 | % |
| Драган Димковиќ - Група избирачи | 00:01:10 | 0,72 | % |
| Менди Ќира - Група избирачи | 00:03:47 | 2,34 | % |
| Коалиција за зелена иднина | 00:01:14 | 0,76 | % |
| Горан Марковски - Група избирачи | 00:01:59 | 1,22 | % |
| Левица | 00:01:59 | 1,22 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:50 | 2,98 | % |
| Други субјекти | 00:02:04 | 1,28 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:46 | 2,33 | % |
| Билјана Ивановска - Група избирачи | 00:00:56 | 0,58 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:01:44 | 1,07 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:24 | 0,25 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:49 | 1,74 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:01:27 | 0,90 | % |
| | **Вкупно за тема: 02:41:55** | **100** | **%** |
| | **Вкупно = 07:34:18** | | |

Во рамки на Вестите од 16:00 часот, беше реализирано интервју со Матео Мекачи, шефот на Набљудувачката мисија на ОДИХР за Локалните избори, додека пак, во периодот од 29 септември до 17 октомври, во Вестите од 19 часот, ТВ Алсат-М реализираше 29 интервју на тема – „Локални избори 2025 година“.

***<u>Табела 13: Интервјуа на Алсат - М</u>***

| **Алсат М** | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| 29.09 | <u>Општина Липково</u><br><br>Еркан Арифи од Коалиција НАИ | - Како ќе го решите проблемот со депонијата во Никуштак;<br>- Кои мерки ќе ги преземете;<br>- Кој проект ќе го завршите во првата година;<br>- Липково има 2 брани, а жителите сè уште немаат вода за пиење; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 29.09 | <u>Општина Липково</u><br><br>Неџмедин Садику од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | - Депониите во Никуштак;<br>- Кој конкретен проект ќе го поправите во првата година;<br>- Како ќе се реши проблемот со водата за пиење;<br>- Деполитизација на училиштата; | Интервју во Вести во 19:00 часот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 30.09 | Општина Сарај<br><br>Блеранд Рамадани од Коалиција НАИ | - Дали имате подготвена програма, кога ќе ја објавите;<br>- За колку време ветувате дека ќе го решите проблемот со водата;<br>- Дали имате конкретен план од каде ќе започнете;<br>- Сарај има голем потенцијал за туризам, кој е вашиот план; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 30.09 | Општина Сарај<br><br>Мухамед Елмази од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | - Дали имате подготвена програма, кога ќе ја објавите;<br>- За колку време ветувате дека ќе го решите проблемот со водата;<br>- Дали имате конкретен план од каде ќе започнете;<br>- Сарај има голем потенцијал за туризам, кој е вашиот план; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 01.10 | Општина Арачиново<br><br>Даут Беќири од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | - Што мислите за вашата програма;<br>- Што мислите за управување со депониите;<br>- Подобри терени со подобри објекти;<br>- Што мислите за спортот во програмата; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 01.10 | Општина Арачиново<br><br>Скендер Исуфи од Коалиција НАИ | - Вашиот став за вашата програма;<br>- Која е вашата визија за управување со депониите;<br>- Подобри терени со подобри објекти;<br>- Која е вашата визија за спортот во програмата; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 02.10 | Општина Желино<br><br>Блерим Сејдиу од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | - Зошто повторно се кандидирате, зошто граѓаните повторно треба да ви веруваат;<br>- Колку е долгот на општината;<br>- Зошто е направен овој долг;<br>- Колку вработени има во општината;<br>- Дали има партизација во општината;<br>- Колку населени места се без јавен превоз;<br>- Дали ова ќе биде приоритет во следниот мандат; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 02.10 | Општина Желино<br><br>Емир Сулејмани од Коалиција НАИ | - Кој ве избра за кандидат, лидерот на партијата или партискиот огранок;<br>- Колку е голема територијата на општина Желино;<br>- Која е вашата професија;<br>- Како ќе управувате со долгот на општина Желино;<br>- Дали ќе има партиска припадност при вработувањето на персоналот во општината;<br>- Дали има депонии во вашата општина;<br>- Јавен превоз; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 03.10 | Општина Студеничани<br><br>Седат Бислими од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | - Што ве загрижува во врска со загадувањето;<br>- Недостаток на вода за пиење;<br>- Дали предвидувате превоз за луѓето;<br>- Проблемот со раселување на жителите, како планирате да ги задржите жителите; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 03.10 | Општина Студеничани<br><br>Ејуп Абази од Коалиција НАИ | - Што ве загрижува во врска со загадувањето;<br>- Недостаток на вода за пиење;<br>- Дали предвидувате превоз за луѓето;<br>- Проблемот со раселување на жителите, како планирате да ги задржите жителите; | Интервју во Вести во 19:00 часот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 03.10 | Општина Студеничани<br><br>Азем Садики – Независен Кандидат | - Депонијата Дрисла;<br>- Недостаток на вода за пиење;<br>- Дали предвидувате превоз за луѓето;<br>- Проблемот со раселување на жителите, како планирате да ги задржите жителите; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 06.10 | Општина Теарце<br><br>Назим Таипи од Коалиција НАИ | - Која е вашата платформа;<br>- Недостаток на вода за пиење;<br>- Канализација;<br>- Нечистотија и ѓубре;<br>- Инфраструктура, асфалтирани патишта, тротоари; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 06.10 | Општина Теарце<br><br>Даут Мемиши од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | - Која е вашата платформа;<br>- Недостаток на вода за пиење;<br>- Канализација;<br>- Нечистотија и ѓубре;<br>- Инфраструктура, асфалтирани патишта, тротоари; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 07.10 | Општина Центар<br><br>Мирослав Лабудовиќ од ЗНАМ | - Како конкретно ќе ставите ред во урбанизмот;<br>- Дали планирате нови паркови и зелени површини;<br>- Паркирањето е голем проблем,како планирате да го решите;<br>- Како Општина Центар може да придонесе за превозот во градот;<br>- Зошто токму вие треба да бидете градоначалник на Центар; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 07.10 | Општина Центар<br><br>Билјана Ивановска - Независен Кандидат | - Како конкретно ќе ставите ред во урбанизмот;<br>- Дали планирате нови паркови и зелени површини;<br>- Паркирањето е голем проблем,како планирате да го решите;<br>- Како Општина Центар може да придонесе за превозот во градот;<br>- Зошто токму вие треба да бидете градоначалник на Центар; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 08.10 | Општина Дебар<br><br>Фисник Мела од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | - Емиграцијата и проблемите што ги носи;<br>- Вашиот 4-годишен план за развој на Дебар, работни места за млади и младински центри;<br>- План за управување со депонии?<br>- Училишта и образование, градинки;<br>- Вода за пиење во Дебар;<br>- Инвестиции во Дебар;<br>- Организација на паркирање; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 08.10 | Општина Центар<br><br>Илирјан Фетаху од Коалиција НАИ | - Емиграцијата и проблемите што ги носи;<br>- Вашиот 4-годишен план за развој на Дебар, работни места за млади и младински центри;<br>- План за управување со депонии?<br>- Училишта и образование, градинки;<br>- Вода за пиење во Дебар;<br>- Инвестиции во Дебар;<br>- Организација на паркирање; | Интервју во Вести во 19:00 часот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 09.10 | <u>Општина Кичево</u><br><br>Фатмир Дехари од Коалиција НАИ | - Зошто граѓаните треба да ви веруваат по 4-ти пат да управувате со општината;<br>- Колку е буџетот на општината;<br>- Број на вработени;<br>- Колку е долгот сега;<br>- Дали има партизација во процесот на вработување;<br>- Што не сте завршиле од вашите ветувања;<br>- Дали очекувате гласови од дијаспората; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 09.10 | <u>Општина Кичево</u><br><br>Фатмир Лимани од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | - Зошто граѓаните да ви веруваат да управувате со општината;<br>- Колку е буџетот на општината;<br>- Број на вработени;<br>- Колку е долгот сега;<br>- Проблемот со канализацијата во селата;<br>- Дали ќе има партизација во процесот на вработување;<br>- Дали очекувате гласови од дијаспората; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 10.10 | <u>Општина Куманово</u><br><br>Максим Димитриевски од ЗНАМ | - Зошто граѓаните треба да ви веруваат да управувате со општина Куманово;<br>- Како да се реши проблемот со градинките;<br>- Каков е вашиот план за гимназијата?<br>- Вода за пиење;<br>- Како го коментирате случајот со обидот за убиство во Куманово; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 10.10 | <u>Општина Куманово</u><br><br>Мартин Костовски од Коалиција СДСМ | - Планот за училишта и градинки;<br>- Вода за пиење;<br>- Огромниот долг на општината;<br>- Контејнерите не се чистат секој ден, понекогаш и со недели, каков е вашиот план;<br>- Нови работни места;<br>- Зошто граѓаните треба да ви веруваат;<br>- Како го коментирате случајот со обидот за убиство во Куманово; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 13.10 | <u>Општина Гостивар</u><br><br>Валбон Лимани,<br>од Коалицијата НАИ; | - Долгот на општината;<br>- Недостиг од персонал;<br>- Екологијата и чистотата;<br>- Депониите во коритото на реката;<br>- Транспорт за деца;<br>- Развој на бизнисот; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 13.10 | <u>Општина Гостивар</u><br><br>Висар Адеми,<br>Независен кандидат; | - Состојбата на двете албански партии;<br>- Долгот на општината;<br>- Планот за економијата во Гостивар; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 14.10 | <u>Општина Чаир</u><br><br>Бујар Османи,<br>од Коалицијата НАИ; | - Какви решенија нудите за дивоградбите, како ќе воспоставите ред и дали ќе ги урнете градбите на партијата;<br>- Кои се трите конкретни мерки шти ќе ги преземете за регулирање на сообраќајот во Чаир;<br>- Планот за подобрување на училиштата и образованието; | Интервју во Вести во 19:00 часот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14.10 | Општина Чаир<br><br>Изет Меџити,<br>од Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ; | - Бевте градоначалник на општина Чаир три пати, која е разликата помеѓу Вашата понуда овој пат, зошто треба граѓаните да гласаат за Вас;<br>- Како ќе воспоставите ред и мир во Чаир за партиските згради;<br>- Кои се трите конкретни мерки што ќе ги преземете за сообраќајот во Чаир;<br>- Подобрување на условите во училиштата и квалитетот во образвоанието;<br>- Што ќе значи резулатот за вас доколку не успеете да ја добиете довербата во Чаир; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 15.10 | Општина Струга<br><br>Менди Ќира,<br>Независен кандидат; | - Како ќе го регулирате недостатокот на услови во училиштата за греење;<br>- Колку ќе се фокусирате на назначување на директори;<br>- Ревитализирање на туризмот и враќање на Струга во фокусот; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 16.10 | Општина Теттово<br><br>Бајрам Реџепи,<br>од Коалицијата НАИ; | - Зошто граѓаните треба да Ви веруваат;<br>- Три проекти што ќе ги спроведете ако победите;<br>- Дали ветувате дека нема да има партиска политика во општината;<br>- Проблемот со паркирањето и отпадот;<br>- Дали ќе продолжите со изградба на стадионот; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 17.10 | Град Скопје<br><br>Каја Шукова,<br>од Коалицијата на СДСМ; | - Кои се Вашите мерки против загадувањео на воздухот и јавниот превоз;<br>- Долгот на ЈСП;<br>- Одржувањето на парковите и чистење на реката Вардар; | Интервју во Вести во 19:00 часот |
| 17.10 | Град Скопје<br><br>Орце Ѓоргиевски,<br>од Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ; | - Кои се Вашите мерки против загадувањето на воздухот и јавниот превоз;<br>- Долгот на ЈСП;<br>- Одржувањето на парковите и чистење на реката Вардар;<br>- Како ќе се справите со нелегалните градби; | Интервју во Вести во 19:00 часот |

***<u>Информирање за лицата со сетилна попреченост</u>***

ТВ АЛСАТ – М , во согласност со својата законска обврска, ја извести Агенцијата дека во формат пристапен за лицата со попреченост, со титлување, секој ден во 23:30 часот ќе емитува програма за Локалните избори 2025, додека за викенд ќе емитува прилагодена актуелноинформативна емисија. ТВ Алсат-М ги емитуваше овие емисии, со што ги исполни обврските предвидени во член 75, ставови 1 и 4 од Изборниот законик.

## ТВ АЛФА

### 1. ДНЕВНОИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Вести, од 17:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 29 септември до 17 октомври 2025);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 10 часа 46 минути и 59 секунди;
**Користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

Телевизија Алфа, во анализираниот деветнаесетдневен период од изборната кампања, во централното издание на Вестите од 17:30 часот, од квантитативен аспект генерално ги почитуваше обврските од член 75 став 1 и член 75-а став 1 точка в) од Изборниот законик. Обезбеди информации за голем број субјекти, но најмногу за коалициите предводени од ВМРО ДПМНЕ и од СДСМ, кои имаа и најголем број потврдени кандидатски листи, при што математички прецизно го подели времето меѓу нив. Од квалитативен аспект, доминантно известуваше со неутрален тон, информирајќи за теренските активности на учесниците во изборната кампања, пренесувајќи ги нивните пораки до гледачите и гласачите. Исклучок се неколку прилози од првиот дел од изборната кампања, во коишто Телевизијата позитивно ги врамуваше известувањата за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, а во неколку прилози користеше негативно врамување за Коалицијата предводена од СДСМ, како и за Коалицијата предводена од ДУИ. Ваквата практика ТВ Алфа, во Вестите, ја прекина на 7 октомври.

Во периодот од 29 септември до 17 октомври, Телевизија Алфа известуваше за активностите на 34 политички субјекти, учесници во изборната кампања (политички партии, коалиции, групи избирачи – независни кандидати). Главен акцент беше ставен на изборните активности на двете најголеми коалиции од македонскиот политички блок, Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата предводена од СДСМ, коишто имаа приближно еднаков број на кандидати за градоначалници и листи за советници во општините. Притоа, Телевизијата одвои идентични времиња, по 1 час и 8 минути во централното издание на вестите, што е безмалку половина (47%) од времето одвоено за следење на целокупниот изборен процес во ализираните вести (4 часа и 49 минути).

ТВ Алфа, за теренските активности од изборната кампања, временски приближно еднакво известуваше и за двете коалиции од албанскиот политички кампус, Коалицијата Национална алијанса за интеграции – НАИ, предводена од ДУИ (23 минути и 28 секунди) и Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ (17 минути и 49 секунди). Нешто поголемиот обем време севкупно одвоено за Коалицијата предводена од ДУИ, се должи на 2-3 новинарски прилози во коишто критички се опсервираше почетокот на кампањата на Коалицијата и нивната изборна реторика.

Значителен обем за промоција на изборните активности, Телевизијата одвои уште за неколку политички субјекти коишто имаа свои кандидати за градоначалници и листи со советници во повеќето скопски општини и Градот Скопје, но и во повеќе општини од внатрешноста. ТВ Алфа известуваше за кампањите на парламентарните: Левица – 16 минути, Коалицијата Искуство за успех – безмалку 12 минути, како и за Движењето ЗНАМ, коишто имаа листи за советници во повеќе општини и кандидати за градоначалник во две општини – 13 минути.

Свое место во анализираното издание на вестите, добија и вонпарламентарните партии кои немаа интензивна кампања, а свои листи за советници и/или кандидати за градоначалници имаа во некои општини:

ТМРО – 4 минути, Демократи Скопје – безмалку 4 минути, Работничка партија – 3 минути, Македонска ера трета/Македонски независни листи - Суверенисти – 2 минути, Твоја партија – 2 минути, Унија на Роми и Единствена Македонија со по 1 минута.

Телевизијата одвои значителен обем време за промоција и на независните кандидати – учесници во изборната трка. Вкупно 20 независни кандидати за градоначалници и носители на листа за советници предложени од група избирачи, беа дел од анализираното централно издание на вестите на Телевизија Алфа. Севкупното време одвоено за промоција на нивните изборните програми, беше 23 минути.

Во извештајниот период, Телевизија Алфа, во темата „Други прилози“ најчесто известуваше за: обвинителниот акт и почетокот на судењето за трагедијата во Кочани; неколкуте судски процеси: „Онкологија“, процесот против поранешната претседателка на ДКСК, судењето на поранешниот директор на затворот „Шутка““ – Филип Андонов, палењето на депонијата „Вардариште“, судењето на струшкиот градоначалник Рамиз Мерко, приведувањето на сопственикот на „Марковски компани“, случајот „Меѓународен сојуз“ и Бојан Јовановски; протестите на вработените во ЈП „Паркови и зеленило“, „Флораком“, „Луна“; протестите на приватните превозници; редовните активности на претставниците на власта (средби, учества на конференции, најави за борба со криминалот за кои е издвоено околу 1 час во вестите); дискусиите во ЕУ за носење одлуки со квалификувано мнозинство; најави за реформи во судството; нови правила за влез во земјите - членки на ЕУ; односите Македонија – ЕУ; нехуманиот третман на штитениците во два приватни дома за стари лица; активности на граѓански здруженија за подигање на свеста за одредени болести; проблемите со греењето во Скопје; културни настани итн.

Појавувањето на двете коалиции, едната предводена од СДСМ (со безмалку 6 минути), другата од ВМРО ДПМНЕ (1 минута) во темата „Други прилози“ се должи на известувањето за теми што не се директно поврзани со изборниот процес. Во времето одвоено за Коалицијата предводена од СДСМ влегуваат: празничната честитка по повод 11 Октомври на лидерот на СДСМ Венко Филипче; неговите изјави за најавените реформи во судството од страна на премиерот Мицкоски; реакции на СДСМ во врска со појавувањето на имиња на поранешни функционери од партијата во корелација со трагедијата во Кочани, како одговор на обвинувањата изнесени на прес-конференција на ВМРО ДПМНЕ, чиешто појавување од 1 минута во темата „Други прилози“, е единствено во тој контекст.

Во темата „Други прилози“, значајно е и присуството на субјекти во вестите што методолошки се водат во категоријата „Други субјекти“ (1 час и 32 минути), меѓу кои се појавуваат: Стопанска комора (СКМ), Универзитет Св.„Кирил и Методиј“ (УКИМ), Сојуз на стопански комори (ССК), ТАВ Скопје, Стоматолошка комора, Лекарска комора, АМСМ, адвокати, професори, новинари, приватни превозници, бизнисмени, доктори, писатели/музичари/уметници.

***<u>Табела 14: Застапеност на субјектите во вести по теми на ТВ Алфа</u>***

| ТВ АЛФА | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Други прилози** | | |
| Јавно обвинителство | 00:26:23 | 7,38 % |
| Судство | 00:25:03 | 7,00 % |
| Влада | 01:02:00 | 17,34 % |
| Други субјекти | 01:32:37 | 25,90 % |
| Граѓански сектор | 00:25:01 | 7,00 % |
| Граѓани | 00:15:28 | 4,32 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:38:29 | 10,76 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:35:29 | 9,92 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Претседател | 00:06:20 | 1,77 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:23 | 1,23 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:06:49 | 1,91 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:11 | 2,85 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:02:40 | 0,74 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:05:43 | 1,60 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:59 | 0,27 | % |
| | **Вкупно за тема: 05:57:35** | **100** | **%** |
| **Избори 2025** | | | |
| Експерти/аналитичари | 00:10:10 | 3,52 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:07:49 | 23,43 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:08:09 | 23,55 | % |
| Левица | 00:16:29 | 5,70 | % |
| Искуство за успех | 00:11:40 | 4,03 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:17:49 | 6,16 | % |
| Национална алијанса за интеграција – НАИ | 00:23:28 | 8,11 | % |
| Твоја партија | 00:02:17 | 0,79 | % |
| Кети Сталеска - Група избирачи | 00:00:37 | 0,21 | % |
| Марко Ташков - Група избирачи | 00:00:37 | 0,21 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:13:03 | 4,51 | % |
| ДИК | 00:13:44 | 4,74 | % |
| Влада | 00:00:44 | 0,25 | % |
| Горан Марковски - Група избирачи | 00:04:23 | 1,51 | % |
| Билјана Ивановска - Група избирачи | 00:02:30 | 0,86 | % |
| Марјан Калевски - Група избирачи | 00:03:32 | 1,22 | % |
| Игор Митревски - Група избирачи | 00:00:59 | 0,34 | % |
| Други субјекти | 00:01:11 | 0,41 | % |
| ТМРО | 00:04:15 | 1,47 | % |
| Судство | 00:01:14 | 0,43 | % |
| Македонска ера трета/Македонски независни листи - Суверенисти | 00:02:23 | 0,82 | % |
| Демократи Скопје | 00:03:46 | 1,30 | % |
| Ѓорѓија Игески - Група избирачи | 00:00:47 | 0,27 | % |
| Менди Ќира - Група избирачи | 00:00:44 | 0,25 | % |
| Габриела Илиевска - Група избирачи | 00:00:44 | 0,26 | % |
| Зоран Николовски - Група избирачи | 00:00:44 | 0,26 | % |
| Васко Деловски - Група избирачи | 00:00:19 | 0,11 | % |
| Унија на Роми | 00:00:56 | 0,32 | % |
| Работничка партија | 00:03:29 | 1,20 | % |
| Единствена Македонија | 00:00:46 | 0,27 | % |
| Саше Донев - Група избирачи | 00:01:07 | 0,38 | % |
| Горан Стојковски-Диро - Група избирачи | 00:00:52 | 0,30 | % |
| Магдалена Каркалашева - Група избирачи | 00:00:54 | 0,31 | % |
| Невена Георгиевска - Група избирачи | 00:00:43 | 0,25 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Висар Адеми - Група избирачи | 00:00:49 | 0,28 | % |
| Гоце Цветковски - Група избирачи | 00:00:54 | 0,31 | % |
| Шкодран Алили - Група избирачи | 00:00:56 | 0,32 | % |
| Зоран Тодоров - Група избирачи | 00:00:57 | 0,33 | % |
| Венко Крстевски - Група избирачи | 00:00:07 | 0,04 | % |
| Граѓани | 00:02:47 | 0,96 | % |
| | **Вкупно за тема: 04:49:24** | **100** | **%** |
| | **Вкупно = 10:46:59** | | |

## 2. ПОСЕБНИ ИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:

ТВ Алфа, во интервјуата, како дел од посебните информативни емисии, имаше позитивно врамување на ВМРО ДПМНЕ, а негативно на СДСМ и ДУИ. Во девет изданија на четири различни емисии, гостуваа вкупно 9 кандидати за градоначалници од редовите на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, при што со двајца од кандидатите беа реализирани по 2 разговори, во различни емисии. Едно интервју беше реализирано со кандидат за градоначалник од Коалицијата предводена од СДСМ, а едно со кандидат за градоначалник од редовите на ЗНАМ, партија што е дел од владината коалиција. Водителот на емисијата „Заспиј ако можеш", информираше дека покана за интервју прифатил уште еден кандидат за градоначалник од Коалицијата предводена од СДСМ, но подоцна не се одзвал на поканата.

Телевизијата повеќепати известуваше дека кандидатите од СДСМ не ги прифаќаат поканите да учествуваат во емисиите на ТВ Алфа. Интервјуа со кандидати за градоначалници од други политички партии, коалиции, групи избирачи (независни кандидати) не беа емитувани во анализираниот период, освен со кандидат од Движењето ЗНАМ којшто беше поддржан од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Во посебните информативни емисии (интервјуа, дебати) од извештајниот период, од страна на водителите немаше информација дека биле поканети и други кандидати.

***Интервјуа***

Премиерно беа емитувани вкупно 29 интервјуа поврзани со изборите (некои од нив групни). Најголем дел од нив беа целосно посветени на изборниот процес, а во дел, покрај за актуелни внатрешни и надворешни политички теми, се разговараше и за изборниот процес. Интервјуата беа емитувани во рамки на емисиите „За или против", „Заспиј ако можеш"„Вечерното шоу на Богдан Илиевски" и еден краток разговор во рамки на утринската програма „Добро утро, секое утро".

Во неколку наврата, водителите на емисиите „За или против" и „Заспиј ако можеш" информираа за кандидати за градоначалници кои биле поканети и прифатиле покана за учество, односно не се одзвале на поканата на телевизијата. Во изданието на емисијата „За или против", емитувано на 2 октомври, водителката информираше дека по една недела, гостин во емисијата ќе биде кандидатот за градоналаник на Општина Гази Баба од редовите на Коалицијата предводена од СДСМ, којшто учествуваше во изданието од 9 октомври. Во емисијата „Заспиј ако можеш" од 7 и 8 октомври, водителот извести дека кандидатот за градоначалник на Општина Аеродром од редовите на Коалицијата предводена од СДСМ прифатил да гостува во едно од наредните изданија на емисијата, но, подоцна, не одговарал на телефонските повици.

Повеќе од половина од вкупниот број премиерно емитувани интервјуа, беа со претставници од ВМРО ДПМНЕ - кандидати за градоначалници носител на листа за советници, двајца министри, една пратеничка и еден национален координатор.

Во анализираниот период, беа емитувани уште два разговора со претставници на партиите кои се дел од владината коалиција на централно ниво. Едно интервју беше реализирано со Зоран Димитровски, заменик-

министер за надворешни работи и трговија. Вториот разговор, со Мирослав Лабудовиќ, кандидат за градоначалник на Општина Центар од Движењето ЗНАМ, беше реализиран во рамки на едно од изданијата на „Вечерното шоу на Богдан Илиевски“, во коешто истовремено гостин беше и кандидатот за градоначалник на Општина Струмица од ВМРО ДПМНЕ Петар Јанков.

Разговорот со Влатко Митовски, кандидат за градоначалник на Општина Гази Баба од Коалицијата предводена од СДСМ, беше единственото интервју реализирано со некој кандидат којшто не е дел од владејачките партии на централно ниво.

Беше емитуван разговор и со поранешниот градоначалник на Општина Центар од редовите на СДСМ, Саша Богдановиќ.

Преостанатите интервјуа, на изборни теми, беа со политички аналитичари, експерти за безбедносни прашања, новинар.

За начинот на реализирање на голем дел од интервјуата од страна на новинарите може да се каже дека беше во позитивна рамка за политиките на Владата и ВМРО ДПМНЕ, што можеше да се забележи и од телопите на екранот и од прашањата/темите за разговор со гостите кои не беа критички туку на иста линија со нивните ставови (приложени подолу во табелата). Од друга страна, за активностите на опозициските партии, пред се за СДСМ и ДУИ, со соговорниците често се разговараше критички и со негативно врамување за нивните сегашни и претходни политики кога биле на власт, што можеше исто така да се забележи од телопите на екранот и од прашањата/темите.

Сите интервјуа, освен последните две, реализирани на последниот ден од кампањата (со Виктор Паунов и групното во рамки на „Вечерното шоу на Богдан Илиевски“ со Петар Јанков и Мирослав Лабудовиќ, на 17 октомври), беа по еднаш репризирани во рамки на извештајниот период, дел во полноќен термин, а дел во попладневниот термин, пред централните вести.

***Табела 15: Интервјуа на ТВ Алфа***

| ТВ Алфа | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **29.09.** | Сотир Костов, политички аналитичар | *Телоп: Старт на кампањата за Локални избори 2025: загари, страчки, извинувања – ако по утрото денот се познава, што не очекува?*<br>- Очекувањата од изборите и кампањата;<br>- Собирот и реториката на ДУИ во салата Борис Трајковски, Резолуцијата со црвени линии на СДСМ, Левица со медиумскиот молк;<br>- Слоганите на коалициите/партиите;<br>- Рејтинзите на партиите; | **За или против** |
| **30.09.** | Владо Мисајловски, потпретседател на ВМРО ДПМНЕ, министер за одбрана | *Телоп 1: Локални избори на кои ќе победат работата, проектите и идеите - ВМРО ДПМНЕ супериорни во однос на СДСМ и опозицијата*<br>*Телоп 2: Опозицијата со кампања која е „подрум на дното“ - црнила, лажни вести и кочијачки вокабулар како одраз на уплавот од 19 октомври*<br>*Телоп 3: Модернизација и консолидирање на армиските редови - македонската одбрана ги живее најдобрите времиња*<br>- Пораката на слоганот на ВМРО ДПМНЕ; | **За или против** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Кандидатите за градоначалници на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, проектите;<br>- Тајните коалиции во одредени општини против ВМРО ДПМНЕ;<br>- Нивото на кампањата - опозицијата води црна кампања, ВМРО ДПМНЕ позитивна кампања;<br>- Рејтингот на партиите во повеќе општини;<br>- Резолуцијата на СДСМ со црвените линии за односите со Бугарија;<br>- Модернизација на АРМ; | |
| **30.09.** | Жаклина Пешевска, пратеничка на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, претседателка на Унија на жени на ВМРО ДПМНЕ | *Телоп 1: Мизогинија во политиката*<br>*Телоп 2: Македонија во борба со падот на наталитетот*<br>*Телоп 3: Женската додадена вредност во општеството и политиката*<br>*Телоп 4: Непринципиелни коалиции на Локалните избори*<br>- Жените во политиката, предизвиците со кои се соочуваат;<br>- Демографски политики - пад на наталитетот;<br>- Споредба со други развиени земји за улогата на жените во политиката;<br>- Тајни коалиции на опозициските партии во одредени општини;<br>- Вокабуларот на опозициските партии за изборите; | **Заспиј ако можеш** |
| **01.10.** | Петар Јанков, кандидат за градоначалник на Општина Струмица од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ | *Телоп 1: 24,1% од испитаниците ќе гласаат за кандидатот на ВМРО ДПМНЕ, Петар Јанков, за Марјан Даскаловски со 22.4%*<br>*Телоп 2: 25,5% од испитаниците - ВМРО ДПМНЕ најдобро ќе се справи со проблемите во Општина Струмица, 17,1% за СДСМ*<br>*Телоп 3: Анкета - 42,8% од струмичани сметаат дека животот во Струмица ќе се подобри после Локалните избори*<br>- Резултати од анкета на ИПИС;<br>- Мерки за решавање на повеќе инфраструктурни проблеми;<br>- Планови за решавање на економски проблеми, здравствената заштита, дивите депонии, градскиот превоз;<br>- Транспарентност во работата на Општината;<br>- Планови за решавање на проблемите на ранливите категории - стари лица, лица со посебни потреби;<br>- Справување со корупцијата во Општината;<br>- Мерки за привлекување инвестиции во Општината; | **За или против** |
| **01.10.** | Зоран Димитровски, заменик-министер за надворешни работи и трговија | *Телоп 1: Кој го злоупотребува ветото во ЕУ?*<br>*Телоп 2: Какви црвени линии ни се потребни?*<br>*Телоп 3: Националистички испади на почетокот од кампањата за Локалните избори*<br>- Разговорите за ветото како механизам во рамки на ЕУ; | **Заспиј ако можеш** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Односите со Бугарија и нивните нереални барања во повеќе сфери;<br>- Резолуцијата на СДСМ со црвени линии и нивните ставови;<br>- Кампањите на опозицијата за Локалните избори;<br>- Пораките на ДУИ и ВЛЕН од почетокот на изборната кампања;<br>- Ниско ниво на кампања од Левица;<br>- Можноста за негирање на изборните резултати; | |
| **02.10.** | Бобан Стефковски, градоначалник на Општина Гази Баба и кандидат за градоначалник од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ | *Телоп: Гази Баба - како треба да изгледа една од најголемите скопски општини?*<br>- Гази Баба прогласена за најтранспарентна Општина во скопскиот регион;<br>- Проблемот со депонијата "Вардариште";<br>- Одговорноста на претходниот градоначалник на Гази Баба и на Данела Арсовска за "Вардариште";<br>- Проблемите со сметот во Гази Баба и Скопје;<br>- Проекти што не се остварени во актуелниот мандат;<br>- Решавање на сообраќајниот хаос во Општината;<br>- Приоритетни проблеми за решавање;<br><br>**Водителката, три пати во текот на емисијата, напоменува дека по една недела (9 октомври) гостин ќе и биде кандидатот за градоначалник на Општина Гази Баба од Коалицијата предводена од СДСМ, Влатко Митовски, кој ја прифатил поканата.** | **За или против** |
| **02.10.** | Марија Нацева, Тони Тоневски, Нико Чонески, кандидати за градоначалници на Општина Неготино, Општина Пробиштип и Општина Крушево, сите од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ | Групно интервју на следниве теми:<br>- Предизвикот да се кандидираат за градоначалник;<br>- Односот централна - локална власт, поддршката на централната власт;<br>- Приоритетни проблеми во општините што бараат решенија; | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |
| **03.10.** | Ѓорѓе Божинов, градоначалник на Општина Ново Село и кандидат за градоначалник од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ | *Телоп: Како локалните политики го менуваат животот на луѓето*<br>- Разлики во раководењето со Општината кога централна власт беше СДСМ и сега, кога е ВМРО ДПМНЕ;<br>- Реализираните проекти во првиот мандат;<br>- Проекти за реализација во иден нов мандат;<br>- Кампањата, противкандидатот и очекувањата на граѓаните; | **За или против** |
| **03.10.** | Даме Димитровски, носител на листа со советници за Град Скопје од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ | - Мотивот за влегување во политиката;<br>- Визија за подобрување на функционирањето на градот;<br>- Решавање на проблемите на Скопје-аерозагаденоста, сметот, депониите;<br>- Јавниот превоз и сообраќајната инфраструктура; | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Понуда за младите; | |
| **06.10.** | Влатко Ѓорчев, Национален координатор за демографија, млади и човечки ресурси, член на ИК на ВМРО ДПМНЕ | *Телоп 1: Вклучен демографскиот аларм - Македонија исчезнува полека, но сигурно, за 20 години под милион жители?*<br>*Телоп 2: Локални избори зачинети со црна опозициска кампања, се вклучи и Заев*<br>- Демографските состојби во РМ и светот;<br>- Мерките на Владата против демографскиот пад и иселувањето;<br>- Текот на кампањата за Локалните избори и очекувањата на граѓаните;<br>- Национални теми на Локалните избори поттикнати од опозицијата; | **За или против** |
| **07.10.** | Милан Стефаноски, политички аналитичар, експерт за безбедност | *Телоп 1: Вжештување во албанскиот политички блок или криминални пресметки - застрелан носител на советничка листа за Липково.*<br>*Телоп 2: Заев во улога на „гума за спасување“ за Филипче, црна кампања за „ветер во едра“ и очајничка превенција на претстојниот дебакл на избори.*<br>- Политичките пресметки во албанскиот политички блок;<br>- Безидејноста на македонската опозиција, национални теми на Локални избори;<br>- Критики за политиките на опозицијата, на домашен и надворешен план;<br>- Појавувањето на Заев за спас на Филипче;<br>- Поразителните резултати од анкетите за СДСМ во повеќе општини;<br>- Успешните политики на Владата, ВМРО ДПМНЕ; | **За или против** |
| **07.10.** | Саша Богдановиќ, поранешен градоначалник на Општина Центар | *Телоп: Локалните избори низ призма на поминато искуство*<br>- Важноста на Локалните избори;<br>- Реториката на ДУИ и во албанскиот политички блок;<br>- Споделување искуствени знаења од неговиот 4 годишен мандат во Општина Центар;<br>- Преклопување на ингеренции меѓу општините и Град Скопје;<br>- Битката во Центар меѓу СДСМ и ЗНАМ;<br>- Состојбите во СДСМ;<br>- Кандидатите за градоначалник на Скопје;<br><br>**На крајот од емисијата, водителот најавува дека на 8 октомври, ќе гостува кандидатот за градоначалник на Општина Аеродром од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, Дејан Митески, а дека наредната недела ќе гостува кандидатот на Коалицијата предводена од СДСМ за истата општина, кој ја прифатил поканата.** | **Заспиј ако можеш** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **08.10.** | Владимир Божиновски, универзитетски професор, политиколог | *Телоп 1: Што го одлучува изборот - кандидатот или партијата, можеби и комбинација на двете?*<br>*Телоп 2: Кои се најголемите проблеми за граѓаните и предизвиците за локалните власти во Македонија?*<br>*Телоп 3: Каков е соодносот на ВМРО ДПМНЕ vs СДСМ во македонскиот и ВРЕДИ vs ДУИ во албанскиот*<br>*Телоп 4: Во кои општини во Македонија е најнеизвесно т.е. најинтересно*<br>*Телоп 5: Што ќе значи голема победа за ВМРО* ДПМНЕ и голем пораз за СДСМ, ќе се разбистрат ли работите и во албанскиот блок по 19-ти октомври?<br>- Локалните проблеми за решавање - според барањата на гласачите од анкетите;<br>- Оценка за кампањата на Локалните избори - темите на кампањата;<br>- Влијанието на кампањите врз одлуката на гласачите;<br>- Проекции за главните битки меѓу СДСМ и ВМРО ДПМНЕ, Вреди и ДУИ во неколку општини;<br>- Очекувања за излезноста, безбедноста на изборите; | **За или против** |
| **08.10.** | Дејан Митески, в.д. градоначалник на Општина Аеродром и кандидат за градоначалник од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ | *Телоп: Аеродром - една приказна*<br>- Проблемот со депонијата "Вардариште" и мерки за решение;<br>- Решенија за сообраќајни проблеми (паркирање, велосипедски патеки);<br>- Одржување на зеленилото, собирање на сметот - ингеренции на Општината или на Град Скопје;<br>- Проблемите со загадување во Ново Лисиче и Аеродром и мерки за решавање;<br>- Бетонизацијата на Аеродром и дозволите за градба;<br><br>**Водителот, на почетокот и на крајот од емисијата, напоменува дека наредната недела гостин ќе биде и кандидатот за градоначалник на Општина Аеродром од Коалицијата предводена од СДСМ, Александар Трајановски, кој ја прифатил поканата.** | **Заспиј ако можеш** |
| **09.10.** | Влатко Митовски, кандидат за градоначалник на Општина Гази Баба од Коалицијата предводена од СДСМ | *Телоп: Какви промени за Гази Баба ветува кандидатот за градоначалник од СДСМ - Влатко Митовски?*<br>- Одлуката да се кандидира во услови кога на сите анкети повеќекратно води кандидатот на ВМРО ДПМНЕ;<br>- Судската пресуда за кривично дело додека бил директор на комуналното претпријатие на Гази Баба;<br>- Периодот на директорување со комуналното претпријатие на Гази Баба и справувањето/ несправувањето со дивите депонии;<br>- Депонијата „Вардариште" и зошто не бил решен тој проблем пред 4 години, додека бил директор, а градоначалник Борис Георгиевски од СДСМ; | **За или против** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Проекти од програмата на Митовски, кои веќе се започнати од актуелниот градоначалник Бобан Стефковски;<br>- Приоритетни проблеми за решавање во Општина Гази Баба; | |
| **10.10.** | Сотир Лукровски, кандидат за градоначалник на Општина Карпош од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ | *Телоп: Ќе добие ли Општина Карпош нов градоначалник?*<br>- Мотивот да се кандидира за градоначалник;<br>- Визијата за развој на Карпош;<br>- Транспарентноста на Општината - трошењето на општинските пари;<br>- Приоритетни проекти за решавање;<br>- Политичкото неискуство - предност или недостаток;<br>- Мислење за црните изборни кампањи;<br>- Ангажманот за правата на Македонците од Егејска Македонија;<br>- Текот и очекувањата од изборната кампања; | **За или против** |
| **10.10.** | Љуљзим Фаризи, политички аналитичар | - Политизација, од страна на ДУИ и СДСМ, на обидот за убиство на д-р Зекирија Шаини во Куманово;<br>- Обидите на ДУИ за враќање во централната власт;<br>- Реториката на ДУИ за правата на Албанците во Македонија;<br>- Битките на ДУИ и ВЛЕН за Локалните избори, во повеќе општини; | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |
| **13.10.** | Воислав Зафировски, универзитетски професор, експерт по безбедност, поранешен член на ДКСК | *Телоп 1: Јалов обид на новинарските пропагандисти да ја вовлечат кочанската трагедија во Локалните избори*<br>*Телоп 2: Серија преседани во судството, крајно време за справување со оваа „рак-рана“ на македонското општество*<br>*Телоп 3: 19-ти октомври, за некого резултати, за друг „резилтати“*<br>- Кочанската трагедија во политички цели;<br>- Непостапувањето на ЈО за случаи против функционери на СДСМ, обелоденети од премиерот Мицкоски;<br>- Судскиот систем и недовербата во судството;<br>- Оценка на црната изборна кампања на опозицијата;<br>- Безбедносната состојба, резултатите од изборите; | **За или против** |
| **14.10.** | Дејан Митески, в.д. градоначалник на Општина Аеродром и кандидат за градоначалник од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ | - Музички хепенинг во Општина Аеродром во чест на Тоше Проески | **Добро утро, секое утро** |
| **14.10.** | Љубомир Ѓурчевски, експерт за безбедност, поранешен началник во МВР | *Телоп 1: Субверзивни пропагандни акти во кампањата на македонската опозиција*<br>- Судски и обвинителски систем во заштита на функционери на СДСМ; | **За или против** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - 100 кривични пријави против функционери од претходната власт заглавени во ЈО - процесуирани од сегашната власт;<br>- Изборната кампања на Венко Филипче, со Резолуцијата и барањата за уставни измени, во полза на Бугарија;<br>- Изборниот резултат за опозицијата и власта; | |
| **14.10.** | Плуми Велиу, политички аналитичар, теолог | *Телоп 1: Трагедијата во Кочани ја чека својата правда*<br>*Телоп 2: Зошто националистички пораки на Локалните избори?*<br>*Телоп 3: Газа дочека мир на хартија*<br>- Состојбите во правосудниот систем - неопходни реформи;<br>- Изборната реторика на ДУИ и ВЛЕН со националистички теми; (пред сè на ДУИ)<br>- Состојбите во верските заедници во Македонија;<br>- Мировниот договор за Газа;<br><br>**Водителот, на почетокот од емисијата, информира дека кандидатот за градоначалник на Општина Аеродром од Коалицијата предводена од СДСМ, Александар Трајановски, бил поканет да гостува во едно од трите изданија на емисијата во текот на неделата, но иако првично ја прифатил поканата, не се одзвал на телефонските повици на водителот за конечен договор за гостување.** | **Заспиј ако можеш** |
| **15.10.** | Владимир Божиновски, универзитетски професор, аналитичар | *Телоп 1: Креативни решенија или истата повторувачка реторика - Фон дер Лајен во Скопје*<br>*Телоп 2: Венецијанската комисија го отвора патот за реформи во обвинителството*<br>*Телоп 3: Анкетите се јасни - владината коалиција голем фаворит на изборите*<br>- Очекувањата од посетата на Фон дер Лајен;<br>- Реформи во судството и обвинителствата;<br>- Резултатите од анкетите што ги спроведува гостинот во повеќе општини.<br><br>**Водителот повторно, на почетокот од емисијата, напоменува дека бил поканет кандидатот за градоначалник на Општина Аеродром од СДСМ, Александар Трајановски, но тој, иако првично се согласил, не дошол да гостува во едно од трите изданија на емисијата таа недела, односно не одговарал на телефонските повици на водителот.** | **Заспиј ако можеш** |
| **16.10.** | Весна Јаневска, министерка за образование | *Телоп: Образованието - столб за успешни општествени реформи*<br>- Проблемите со греењето на училиштата во Струга;<br>- Реновирањето на студентските домови;<br>- Предлогот за воведување веронаука во училиштата; | **За или против** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Примена на Вештачка интелигенција во образовниот процес;<br>- Наративот на ДУИ во изборната кампања за Предвремени парламентарни избори;<br>- Партиски клиентелизам на кадрите од ДУИ во институциите и МОН;<br>- Премиерот Мицкоски најави реконструкција на Владата по изборите; | |
| **16.10.** | Бранко Героски, новинар | - Обвинението за трагедијата во Кочани;<br>- Објавувањето компромитирачки материјали со индиции за бивши функционери;<br>- Функционирањето/нефункционирањето на ЈО;<br>- Односот на претседателот на СДСМ Венко Филипче, со поранешниот претседател Бранко Црвенкоски;<br>- Релациите на функционери на СДСМ со Бојан Јовановски;<br>- Битките за градоначалничката функција во повеќе општини;<br>- Очекувани резултати од Локалните избори; | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |
| **17.10.** | Виктор Паунов, градоначалник на Општина Карбинци и кандидат за градоначалник од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ | *Телоп 1: Општина Карбинци - предизвици и идни планови*<br>- Општинска поддршка за учениците - изградба на спортска инфраструктура за младите;<br>- Изградба на патна инфраструктура во Општината;<br>- Искористување на средствата добиени од унгарскиот кредит;<br>- Оценка на изборната кампања во Општината и генерално;<br>- Приоритетни проекти во иден мандат;<br>- Очекувања за изборниот ден; | **За или против** |
| **17.10.** | Петар Јанков, кандидат за градоначалник на Општина Струмица од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ<br><br>Мирослав Лабудовиќ, кандидат за градоначалник на Општина Центар од ЗНАМ | Групно интервју на следниве теми:<br>- Предизвик да се освојат двете општини кои долги години се под власт на СДСМ;<br>- Профили на кандидатите, приватни и службени;<br>- Предноста на нивните програми во однос на противкандидатите;<br>- Урбанистички/сообраќајни проблеми за решавање во двете општини. | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |

***Дебати***

Во анализираниот период беше емитувана една дебатна емисија, во која покрај за актуелни внатрешни и надворешни политички и безбедносни теми, се разговараше и за изборниот процес. Дебатата беше репризирана.

***<u>Табела 16: Дебатни емисии на ТВ Алфа</u>***

| ТВ Алфа | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **29.09.** | **1. Жидас Даскаловски, универзитетски професор;<br>2. Раби Седрак, политички аналитичар.** | **Заспиј ако можеш** |

***Други информативни емисии***

Во Првиот круг од изборната кампања, беа емитувани четири премиерни изданија на контактно-информативната емисија „Збор по збор“ и исто толку контактноинформативни сегменти во рамки на утринската програма „Добро утро, секое утро“, во коишто тема за разговор со гледачите беа изборите. Гледачите на ТВ Алфа можеа да ги искажат своите ставови за следниве теми: *„Зајадливи партиски тонови или политичка коректност? Почнува кампањата за Локалните избори“* („Добро утро, секое утро“, 29 септември); *„Какви проекти очекувате од идниот градоначалник на вашата општина?“* („Збор по збор“, 29 септември); *„Дали сте задоволни од работата на вашиот градоначалник и би му дале ли доверба за нов мандат?“* („Добро утро, секое утро“, 30 септември); *„Една недела од стартот на кампањата – какви проекти понудија кандидатите за градоначалници“* („Збор по збор“, 6 октомври); *„Заев примил куферчиња со пари од Бугарија за продажба на националните интереси?“* („Добро утро, секое утро“, 7 октомври); *„Што би направиле вие доколку сте градоначалник?“* („Збор по збор“, 7 октомври); *„Се вжештува кампањата за Локалните избори – уште 5 дена за промоција на проекти и ветувања“* („Збор по збор“, 13 октомври); *„Предвремените парламентарни избори ќе останат пуста желба на ДУИ, порача премиерот“* („Добро утро, секое утро“, 15 октомври).

Во истиот период, беа емитувани едно премиерно издание на политичкиот магазин „Седмица“ (12 октомври), негово репризно издание, и уште две репризи на изданието на „Седмица“ емитувано на 28 септември, пред почетокот на изборната кампања. Во шест премиерни изданија на „Вечерното шоу на Богдан Илиевски“, во воведниот дел, беа емитувани球 уреднички коментари на водителот на емисијата. Како и во предизборниот период, во двете наведени емисии, од страна на водителите, беа емитувани екстензивни критички коментари за активностите на опозициските партии СДСМ и ДУИ и негативно врамување при дискусиите за нивните политики. Во некои од изданијата на „Вечерното шоу на Богдан Илиевски“, покрај за овие две партии, критички коментари имаше и за партијата Левица и за кандидатот за градоначалник на Општина Карпош од редовите на Коалицијата Искуство за успех Стевчо Јакимовски. Четири од изданијата на „Вечерното шоу на Богдан Илиевски“ емитувани во извештајниот период беа и репризирани, а беше репризирано и едно издание од пред почетокот на кампањата.

## 3. ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ЛИЦАТА СО СЕТИЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

ТВ Алфа, во рамки на својата законска обврска, ја извести Агенцијата дека во формат пристапен за лицата со попреченост, со знаковен јазик, ќе ги направи достапни Вестите што секојдневно се емитуваат во 20:15 часот, а политичкиот магазин „Седмица“, што се емитува секоја недела во 20:30 часот, ќе биде титлуван. Овие емисии беа емитувани, со што Телевизијата ги исполни обврските од член 75 ставови 1 и 4 од Изборниот законик.

# ТВ КАНАЛ 5

## 1. ДНЕВНО-ИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: ТВ Дневник 18 часот;
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 29 септември до 17 октомври 2025 г.);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 7 часа 41 минута 21 секунда;
**Користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

### ***<u>Начин на известување</u>***

Приказот на секојдневието од кампањата за Локалните избори 2025 година, ТВ Канал 5 го сведе во петминутен инфо-блок насловен - „Изборна хроника 2025", но прилози составени од куси изјави/поенти од изборната програма на некои од кандидатите за градоначалници и за членови на општинските совети беа емитувани и во рамките на централниот ТВ Дневник од 18 часот, одвоени во рубрика - „Локални избори 2025". Вкупно, судејќи според бројот на посочените прилози, најмногу време им беше отстапено на седуммина од кандидатите за градоначалник на Скопје и на скопските општини – Центар, Карпош, Аеродром и Чаир, и тоа главно од редовите на владејачката и на опозициската коалиција, предводени од ВМРО ДПМНЕ (50 минути) и од СДСМ (48 минути), сопоставени според традиционално покажан изборен организациски и комуникациски капацитет (*почетни/завршни митинзи, средби со граѓани, прес-конференции, соопштенија, изјави*). По пристап слично, но со значително помала, двоцифрена минутажа – 10/11 минути – беше проследен и дуелот за Општина Чаир меѓу Коалицијата ВЛЕН (Изет Меџити) и Коалицијата НАИ (Бујар Османи), како и поентите од изборната понуда на: Движењето ЗНАМ – За наша Македонија; Коалицијата Искуство за успех, но и на кандидатите од Левица, иако оваа партија, во првиот круг, експлицитно одби поопширно да ја промовира својата изборна понуда низ дебатите и низ интервјуата што ТВ Канал 5 ги реализираше за време на изборната кампања, а за што медиумот ја извести Агенцијата. Во изборното известување, кусо време беше издвоено и за уште седум вонпарламентарни партии и осум независни кандидати.

Ако се има предвид повеќегодишното искуство дека - во првиот изборен круг редовно се појавува огромен број кандидати за градоначалници и за членови на општинските совети за сите 81 локална самоуправа во административната поделба на државата, а при тоа на ум се има и дека секој од нив јавно настапува со свој индивидуален или со партиски изборен комуникациски капацитет – тогаш одново се покажува дека е неостварливо очекувањето од членот 75 став 1 и од членот 75-а, став 1, точка в) од ИЗ – при распределба на информативната минутажа – целосно да се почитуваат принципите на *еднаквост* (за избор на градоначалници) и на *пропорционалност* (за избор на членови на советите).

Од тековните теми на македонското општествено-политичко секојдневие, посебен информативен одглас имаше оформеното обвинение по пожарот на кочанската дискотека „Пулс", јавно проследено - со реакции од Комората на адвокатите, а паралелно и со новинарски објави врз основа на информации од т.н. заштитени „свиркачи" што откриваат коруптивно-криминални врски во кои биле вмешани сегашни и поранешни функционери од СДСМ и од ВМРО ДПМНЕ што, пак, резултираше со низа прилози од јавни меѓупартиски прозивки (статистички бележени во ставката „Други прилози", како активности на соодветните партиски Коалиции). Поголема тематска група новинарски прилози произлезе и од лошо менаџирана државна здравствена политика, во кои се издвоија – тековните судски рочишта во врска со повеќегодишен криминал на Клиниката за онкологија при Државната болница, како и ставот на ФЗОМ и решенијата што ги нуди неговото сегашно раководство за состојбата на постојните онколошки пациенти. Со вести во низа беше известувано од дипломатските активности на Владата поврзани со ЕУ-интеграциите, посебно по средбата на премиерот Христијан Мицкоски со Урсула фон дер Лајен, претседателката на Европската комисија. Оттаму, пак, произлегоа и повеќе прилози во врска со предлог-резолуцијата на СДСМ за т.н. - „национални црвени линии"

(што придонесе и за неколкуминутна зголемена статистика во изборната минутажа за неговата Коалиција), која потоа се наметна и како тема од кампањата за Локалните избори 2025. Во ТВ Дневникот беше известувано и за граѓанските протести против супстандардните услови во кои сè уште работи депонијата „Вардариште“, како и за револтот на скопјани од незапаметено влошената состојба со јавната хигиена и со јавниот градски превоз. Низ голем дел од горенаведените теми за дневен новинарски ангажман, се појавува ставката – „Други субјекти“, со повеќе од едноиполчасовна статистика во која најчесто се бележени изјави на адвокати/правни застапници од тековни судски процеси, активности на регулаторни тела, како и прилози од синдикални или неформални протести на вработени во јавни и во приватни претпријатија/здруженија.

***<u>Табела 17: Застапеност на субјектите во вести по теми</u>***

| ТВ Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Јавно обвинителство | 00:20:16 | 7,32 | % |
| Влада | 00:33:26 | 12,08 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:07:04 | 2,55 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:24:26 | 8,83 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:40:04 | 14,48 | % |
| Судство | 00:24:59 | 9,03 | % |
| Други субјекти | 01:11:49 | 25,95 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:14:58 | 5,41 | % |
| Претседател | 00:08:46 | 3,17 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:46 | 1,72 | % |
| Граѓани | 00:05:34 | 2,01 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:41 | 3,50 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:30 | 1,62 | % |
| Национална алијанса за интеграција – НАИ | 00:02:07 | 0,76 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:01:08 | 0,41 | % |
| Собрание | 00:01:19 | 0,48 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:49 | 0,66 | % |
| **Вкупно за тема:** | **04:36:42** | **100** | **%** |
| **Избори 2025** | | | |
| ДИК | 00:04:45 | 2,57 | % |
| Други субјекти | 00:01:39 | 0,90 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:48:03 | 26,02 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:50:33 | 27,37 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:11:20 | 6,13 | % |
| Искуство за успех | 00:11:10 | 6,05 | % |
| Горан Марковски - Група избирачи | 00:04:47 | 2,59 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:10:06 | 5,47 | % |
| Билјана Ивановска - Група избирачи | 00:00:56 | 0,51 | % |
| Национална алијанса за интеграција – НАИ | 00:13:04 | 7,07 | % |
| Демократски сили на Ромите | 00:00:25 | 0,23 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Марјан Калевски - Група избирачи | 00:01:28 | 0,79 | % |
| Левица | 00:10:58 | 5,94 | % |
| Влада | 00:01:35 | 0,86 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:13 | 4,99 | % |
| Менди Ќира - Група избирачи | 00:00:25 | 0,23 | % |
| Судство | 00:00:19 | 0,17 | % |
| Работничка партија | 00:00:31 | 0,28 | % |
| Невена Георгиевска - Група избирачи | 00:01:00 | 0,54 | % |
| Зоран Тодоров - Група избирачи | 00:00:11 | 0,10 | % |
| ТМРО | 00:00:44 | 0,40 | % |
| Игор Малески - Група избирачи | 00:00:15 | 0,14 | % |
| Твоја партија | 00:00:18 | 0,16 | % |
| Родина Македонија | 00:00:18 | 0,16 | % |
| Единствена Македонија | 00:00:18 | 0,16 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:18 | 0,16 | % |
| | **Вкупно за тема: 03:04:39** | **100** | **%** |
| | **Вкупно = 07:41:21** | | |

## 2. Посебни информативни емисии:

Севкупно земено - од 29 септември, почетокот на кампањата за првиот изборен круг од Локалните избори 2025, до нејзиниот крај на 17 октомври - ТВ Канал 5 емитуваше 5 интервјуа и 13 дебатни емисии поврзани со изборите. Во изборот на учесниците во програмите Телевизијата главно се држеше до традиционалната јавна претстава за моќта на политичкиот капацитет и ривалитет меѓу СДСМ (опозиција) и ВМРО ДПМНЕ (власт), односно не ги почитуваше доследно обврските од членот 75 став 1 и од членот 75-а став 1 точка в) од ИЗ.

***Интервјуа***

Емитувани беа 5 интервјуа поврзани со Локалните избори 2025.

***<u>Табела 18: Интервјуа на ТВ Канал 5</u>***

| ТВ Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **02.10.** | Азир Алиу, министер за здравство, претставник на Коалицијата ВЛЕН; | - Причините за одделување на ВЛЕН од ДУИ;<br>- Професионалниот и личниот интегритет како основа да биде министер во две досегашни влади;<br>- Разидувањето со Арбен Таравари;<br>- Емоциите на етно-национализмот како единствена политика на ДУИ / НАИ;<br>- Изборната битка за општините Чаир (Скопје) и Тетово;<br>- Реалноста отаде бројните гласови за ДУИ /НАИ; | **Само интервју** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **10.10.** | Венко Филипче, претседател на СДСМ; | - Што е полесно - да се биде опозиција (да се критикува) или – власт (да се брани)?<br>- Кој води - „црна кампања“;<br>- Национални/државни теми наместо теми за локални избори;<br>- Влијанието на Зоран Заев врз политиките на СДСМ;<br>- Предлог-резолуција за т.н. - „Национални црвени линии“;<br>- Последици од т.н. - „Преспански договор“;<br>- Реформа на судскиот систем;<br>- Очекувања од изборниот исход;<br>- Достижен ли е за СДСМ бројот на градоначалници од Локалните избори за 2016 г.;<br>- Партиската поделба со ЗНАМ;<br>- Распределбата на кредитот од Р. Унгарија; | **Само интервју** |
| **14./15.10.** | Жарко Стеваноски, кандидат на Левица за Советот на Општина Прилеп; | - Мотивот да биде натпартиски кандидат на Левица;<br>- Приватен и професионален профил;<br>- Контроверзите околу начинот на кој Левица комуницира со јавноста преку медиумите;<br>- Зошто Левица одбива да гостува на ТВ Канал 5;<br>- Контроверзите околу трошењето на партискиот буџет; | **На кавга со Иван** |
| **16.10.** | Христијан Мицкоски, претседател на ВМРО ДПМНЕ; | - Очекувања за број освоени градоначалнички позиции;<br>- Шпекулации за улогата на ЗНАМ како политички фактор меѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ;<br>- „Унгарскиот кредит“ за проекти на локалната самоуправа;<br>- Рекапитулација за досегашната работа на градоналчалниците од ВМРО ДПМНЕ;<br>- Политичкиот капацитет на Левица;<br>- Партнерството со ВРЕДИ;<br>- Државните/националните теми (зло)употребени во кампањата за Локалните избори 2025;<br>- Етнизација на изборот во одредени општини;<br>- Улогата на Али Ахмети и на ДУИ;<br>- Состојбата со ЕУ-интеграциите;<br>- Претстоен партиски конгрес;<br>- Реструктуирање на Владата; | **Само интервју** |
| **17.10.** | - Горан Ѓуровски - Зевзек, независен кандидат за Советот на Општина Центар;<br><br>*Најавена беше, но не беше присутна - Татјана Чакулев, независна кандидатка за Советот* | - Мотив да се влезе во политика;<br>- Моќта на општинските совети наспроти градоначалникот;<br>- (Не)одговорноста на граѓаните за состојбата во Скопје;<br>- Решенија за функционална администрација;<br>- Коментар за медиумската комуникација со гласачите;<br>- Професионално-приватен профил. | **Здраво Македонијо** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *на Општина Карпош од Независни за Карпош;* | | |

***Дебати***

Најголемиот дел од 13-те дебати, поврзани со првиот изборен круг од изборниот процес, се одвиваа меѓу различни профили аналитичари на македонскиот политички амбиент. Конкретно – 4 дебатни емисии стриктно беа за Локалните избори 2025, односно - реализирани меѓу кандидати за градоначалник и за Советот на Скопје. Повторно, селекцијата на дебатерите не е направена по принципите од ИЗ за еднаквост/ пропорционалност, туку според редакциска проценка за изборниот капацитет за влез во вториот изборен круг. Темите за дебатите опфатија споредби со изборните резултати од претходни изборни циклуси, шпекулации за можни (не)принципелни коалицирања во одредени општини, проценка за влијанието на т.н. „црна кампања“ и етнички-државни теми вклучени во кампања за локални избори, потоа паралелизмот на надлежностите на градоначалниците и на општинските совети како пречка за успешно функционирање на локалната власт, решенија за приоритетните урбанистичко-инфраструктурни проблеми.

***Табела 19: Дебати на ТВ Канал 5***

| **ТВ Канал 5** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Наслов на емисија** |
| **29.09.** | Политички аналитичари:<br><br>- Александар Чомовски, новинар;<br>- Марјан Ѓорчев, поранешен градоначалник и амбасадор; | **Само вистина** |
| **30.09.** | Политички аналитичари:<br><br>- Зоран Димитровски, заменик министер за надворешни работи;<br>- Љуљзим Фаризи, аналитичар; | **Само вистина** |
| **01.10.** | Носители на листи за Советот на Градот Скопје:<br><br>- Катерина Цанеска-Арсовска, Коалиција предводена од СДСМ;<br>- Даме Димитриовски, Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ;<br>- Ристо Пенов, Коалиција Искуство за успех;<br>- Горанчо Котески, Движење ЗНАМ; | **Само вистин*и*** |
| **03.10.** | Политички аналитичари:<br><br>- Александар Ристески;<br>- Александар Генчов; | **Само вистина** |
| **06.10.** | Политички аналитичари:<br><br>- Владимир Божиновски;<br>- Петар Арсовски; | **Само вистина** |
| **07.10.** | Политички аналитичари:<br><br>- Мирјана Најчевска; | **Само вистина** |

| | | |
|---|---|---|
| | - Љупчо Зиков; | |
| **08.10.** | Политички аналитичари:<br><br>- Јанаки Митровски;<br>- Виктор Грозданов;<br>- Петар Богојевски, *Македонски концепт*;<br>- Абдуладi Вејсели; | **Само вистин*и*** |
| **10.10.** | Кандидати за градоначалник на Општина Центар:<br><br>- Билјана Ивановска, граѓанска платформа „Независни заедно“;<br>- Мирослав Лабудовиќ, Движење ЗНАМ*;*<br><br>***Поканата ја одбил –***<br><br>*Горан Герасимовски, тековен градоначалник, претставник на Коалицијата предводена од СДСМ;* | **Само вистина** |
| **13.10.** | Политички аналитичари:<br><br>- Снежана Калевска-Ванчева, Коалиција предводена од СДСМ;<br>- Сафет Бишевац, Бошњачка народна партија; | **Само вистина** |
| **14.10.** | Кандидати за градоначалник на Општина Дојран:<br><br>- Ристо Џинев, Коалиција предводена од СДСМ;<br>- Илија Тентов, Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ; | **Здраво Македонијо** |
| **14.10.** | Кандидати за градоначалник на Скопје:<br><br>- Орце Ѓорѓиевски, Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ;<br>- Каја Шукова, Коалиција предводена од СДСМ; | **Само вистина** |
| **15.10.** | Кандидати за градоначалници на Скопје:<br><br>- Башким Бакиу, ВЛЕН;<br>- Горан Марковски, „Независни заедно“;<br>- Александар Трајановски, Искуство за успех;<br><br>***Поканата ја одбил –***<br><br>*Амар Мециновиќ, од Левица;* | **Само вистин*и*** |
| **17.10.** | Политички аналитичари:<br><br>- Јани Макрадули;<br>- Богдан Илиевски;<br>- Љупчо Златев;<br>- Љуљзим Фаризи; | **Само вистин*и*** |

***Други информативни емисии***

Интервју со д-р Ненад Марковиќ, професор по правни науки/политиколог, емитувано е во емисијата „На кавга со Иван“. Беше направена политиколошка анализа на Локалните избори 2025, но не стриктно за изборниот циклус и евентуалниот исход, туку повеќе за причините за сегашната општествено-политичка состојба во Македонија („Охридскиот рамковен договор“, итн.). Дел од интервјуто се однесуваше на изборниот/политички капацитет на партијата Левица и на нејзиниот лидер Димитар Апасиев, посебно во контекст на Локалните избори 2025. Издвоена анализа беше направена за гласањето во Општина Кичево, на која се надоврзаа темите за можните меѓуетнички коалицирања, за партискиот пред државниот интерес, како и за поларизација на политоколозите и клиентелизмот на гласачкото тело.

## 3. Информирање за лицата со сетилна попреченост

ТВ Канал 5, во рамки на својата законска обврска, навреме ја извести Агенцијата и во формат пристапен за лицата со попреченост, со знаковен јазик ги емитуваше изданијата на ТВ Дневникот од 18 часот и посебно издвоената „Изборна хроника“, со што ги исполни обврските од членот 75, ставови 1 и 4 од Изборниот законик.

## ТВ СИТЕЛ

### 1. ДНЕВНО-ИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: ТВ Дневник 19 часот;
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 29 септември до 17 октомври 2025 г.);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 10 часа 32 минути 58 секунди;
**Користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

ТВ Сител, освен редовните изданија на ТВ дневниците, во својот програмски концепт – немаше друга информативна емисија со која континуирано би го следела текот и различните аспекти на изборниот процес. Евиденцијата на интервјуата, пак, со некои од кандидатите за градоначалници, произлезе од делови на утринскиот забавно-информативен појас насловен „Ја сакам Македонија“, и од интервјуата емитувани во рамките на централниот ТВ Дневник од 19 часот. Оттаму, во ваков ТВ-формат, од 19-те изданија на централниот Дневник, како методолошки релевантни за анализа на изборното медиумско претставување беа селектирани вкупно - 10 часа и 33 минути. Тој збир беше поделен на следниов начин: – 3 часа и 50 минути новинарски прилози за тековни, македонски општествено-политички теми; - 2 часа и 38 минути – вести, изјави и извештаи од секојдневните активности за кампањата на кандидатите за градоначалници и за општински советници, и - 4 часа и 5 минути за интервјуа, за кои, сепак, изборот на соговорниците не беше секогаш од редовите на учесниците во изборниот процес.

Во вака тесна информативна рамка, со мошне голем број кандидати за локалната власт, не се целосно исполнети барањата од членовите - 75 став 1 и 75-а став 1 точка в) од Изборниот законик - за информативен пристап кој ќе биде *еднаков* за кандидатите за градоначалници, и *пропорционален* според бројот на потврдени листи за кандидатите за општински советници. Известувањето за првиот круг од изборниот процес за Локалните избори 2025 резултираше со формален, шематизиран приказ на политичките понуди (низ изјави и низ куси вести и извештаи) и тоа фокусиран кон кандидатите за локалната власт зад кои стои поголема партиска коалиција. Статистички, од вкупното време за ТВ Дневникот од 19 часот: 45 минути и 52 секунди беа отстапени за кандидатите на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ; 52 минути и 44 секунди за кандидатите од Коалицијата предводена од СДСМ (*разликата од близу 7 минути се должи на директните репортерски јавувања од почетните митинзи на коалициите, проследени и со куси изјави и со разговори со претставници на партиите и кандидати за градоначалници*); 11 минути и 58 секунди за кандидатите од Коалицијата НАИ; 10 минути и 44 секунди за кандидатите на Коалицијата ВЛЕН. Двоцифрено време е евидентирано уште и за кандидатите од политичката партија Левица – 10 минути и 33 секунди. Ситна информативна минутажа им е отстапена на кандидатите од група избирачи, и тоа главно на оние за локалната власт на Скопје (вкупно четворица) и за три вонпарламентарни партии.

***Табела 20: Застапеност на субјектите во вести по теми на ТВ Сител***

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Влада | 00:23:08 | 10,09 | % |
| Судство | 00:21:28 | 9,36 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 00:09:52 | 4,31 | % |
| Здравство | 00:04:41 | 2,04 | % |
| Други субјекти | 00:54:25 | 23,74 | % |
| Јавно обвинителство | 00:13:39 | 5,96 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:35:05 | 15,31 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:22:21 | 9,75 | % |
| Претседател | 00:03:03 | 1,33 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:30 | 1,96 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:30 | 0,66 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:47 | 3,40 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:01:03 | 0,46 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:11:17 | 4,92 | % |
| Национална алијанса за интеграција – НАИ | 00:02:40 | 1,16 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:09:37 | 4,20 | % |
| Граѓани | 00:03:06 | 1,35 | % |
| | **Вкупно за тема: 03:49:12** | **100** | **%** |
| **Интервјуа во вести** | | | |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:12:45 | 5,19 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:49:18 | 20,07 | % |
| Експерти/аналитичари | 01:11:54 | 29,28 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:27:50 | 11,33 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:50:44 | 20,66 | % |
| Претседател | 00:17:10 | 6,99 | % |
| Граѓански сектор | 00:15:54 | 6,47 | % |
| | **Вкупно за тема: 04:05:35** | **100** | **%** |
| **Избори 2025** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:45:52 | 28,99 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:05:06 | 3,22 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:52:44 | 33,33 | % |
| Национална алијанса за интеграција – НАИ | 00:11:58 | 7,57 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:10:44 | 6,79 | % |
| Горан Марковски - Група избирачи | 00:03:56 | 2,49 | % |
| Зоран Тодоров - Група избирачи | 00:00:32 | 0,34 | % |
| Левица | 00:10:33 | 6,67 | % |
| Искуство за успех | 00:07:27 | 4,71 | % |
| Демократи Скопје | 00:02:32 | 1,60 | % |
| ТМРО | 00:04:27 | 2,81 | % |
| Билјана Ивановска - Група избирачи | 00:00:52 | 0,55 | % |
| Марјан Калевски - Група избирачи | 00:01:02 | 0,66 | % |
| Работничка партија | 00:00:26 | 0,27 | % |
| | **Вкупно за тема: 02:38:11** | **100** | **%** |
| | **Вкупно = 10:32:58** | | |

Во статистиката за „Други прилози“, со вкупно времетраење од 3 часа и 49 минути, главно влегоа вестите во низа и извештаите по објавеното оформено обвинение за пожарот на кочанската дискотека „Пулс“, потоа судските процеси против доктори вмешани во криминал на државната Клиника за онкологија, проследени со реакции од здруженија на граѓани и со ставови на Фондот за здравство, аферата со нехуман третман на жители во скопски старски домови и обидот за атентат на пулмологот д-р Зекирија Шаини, кој беше и кандидат на НАИ за советник во Општина Куманово. Во поларитетот на тие општествени теми, повторно како соперници се појавуваа ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ВЛЕН и НАИ, што резултираше со дополнителна минутажа на контото на нивната методолошки издвоена статистика. Новинарски ангажман произлезе и од активности на т.н. „Други субјекти“ - (не)формални граѓански и синдикални протести, кои се одвиваа паралелно со текот на изборната кампања, така што претставуваа своевиден приказ на социјалната состојба на вработените во јавните претпријатија и во јавната/државната административна служба (*ЈП комунална хигиена, синдикат на судската полиција, здружение на приватни превозници, адвокати-правни застапници на некогашни функционери обвинети во тековни судски процеси*).

Во ТВ Дневникот од 19 часот, за периодот од 29 септември до 17 октомври, додека траеше првиот круг од изборната кампања, емитувани беа 10 интервјуа со варијабилно времетрање од 15 до 25 минути. Соговорници беа непосредни учесници во изборната кампања од три подносители на листи - коалициите на ВМРО ДПМНЕ (речиси 51 минута), на СДСМ (околу 49 минути) и Движење ЗНАМ (околу 13 минути), како и аналитичари на различни аспекти од изборниот процес.

Поради поголема прегледност, интервјуата емитувани во Дневникот се прикажани во следнава табела:

***Табела 21: Интервјуа во ТВ Дневникот од 19 часот на ТВ Сител***

| **ТВ СИТЕЛ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **02.10.** | Сотир Лукровски, кандидат на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ за градоначалник на Општина Карпош; | - Приоритетни проекти;<br>- Мотив за влез во политиката;<br>- Решение за бездомните кучиња и за дивите депонии;<br>- Санирање стари станбени објекти; | **Тема на денот – интервјуа *во ТВ Дневникот од 19 часот*** |
| **03.10.** | Горан Герасимовски, кандидат на Коалицијата предводена од СДСМ за градоначалник на Општина Центар | - Отчет, рекапитулација на мандатот;<br>- Приоритетни проекти;<br>- Решение за нехигиената на Општина Центар;<br>- Паралелизам на ингеренции - Град Скопје и општините;<br>- Јавниот превоз во Скопје;<br>- Проекти за пензионери и за деца; | |
| **04.10.** | Љуљзим Фаризи, политички аналитичар | - Неизвесноста на изборот меѓу НАИ и ВЛЕН во Општина Тетово и Општина Чаир;<br>- Коментар за изборните анкети;<br>- Анализа на интервјуата што ги дава Али Ахмети (НАИ) на медиуми во Македонија и во Албанија;<br>- Превласта на коалицијата меѓу ВМРО ДПМНЕ - ВЛЕН – ЗНАМ; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **05.10.** | Бојан Кордалов, комуниколог | - Впечатоци по првата недела од кампањата;<br>- Клиентелизмот во Локалните избори 2025;<br>- „Црна кампања“;<br>- Очекувањата на граѓаните;<br>- Капацитетите на изборната кампања да ја смени политичка ситуација; | |
| **10.10.** | Маја Мојсова - Миовска - кандидатка на Коалицијата предводена од СДСМ за градоначалничка на Општина Карпош | - Мотив доктор да стане менаџер на општина;<br>- Кои се 3-те приоритети за Општината;<br>- Потребен ли е урбанистички мораториум за хумана Општина;<br>- Решение за паркинг просторот;<br>- Еко-решенија за дивите депонии;<br>- Соработка со градската управа;<br>- Оценка на своите изборни шанси за влез во вториот круг; | |
| **11.10.** | Дарко Костовски, кандидат на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ за градоначалник на Општина Бутел | - Сумирање на реализацијата на приоритетните проекти од досегашниот градоначалнички мандат;<br>- Шансите во споредба со кандидатот од СДСМ;<br>- Мотивација за спортување на младите од Општината;<br>- Капитални проекти за Општината: плоштад, културен дом, поликлиника и водовод; | |
| **13.10.** | Гордан Георгиев, политички аналичар од Форум за разумни политки | - Коментар за изборната кампања;<br>- Стварноста наспроти ветувањата;<br>- Прогноза за изборниот исход;<br>- Партиската база како предност во изборната трка;<br>- Зависноста на локалната власт од партијата на власт;<br>- Бесмислата на „државните“ теми од кампањата за Локалните избори 2025;<br>- Вештачката „медиумска“ конфронтација со т.н. „црна кампања“ за да се залаже јавноста/агитација на гласачи;<br>- Општините Чаир и Тетово како клучни за можноста за предвремени парламентарни избори; | |
| **15.10.** | Максим Димитриевски, Движење ЗНАМ | - Коментар за расколот во СДСМ;<br>- Мотивот за трет градоначалнички мандат;<br>- Очекувања од првиот изборен круг;<br>- Местото на ЗНАМ на политичката сцена во која доминираат ВМРО ДПМНЕ и СДСМ;<br>- Приоритетни планови за Општина Куманово;<br>- Ревитализација на ЈП Комунална хигиена; | |
| **16.10.** | Венко Филипче, претседател на СДСМ | - Резиме - што понудила Коалицијата на СДСМ во кампањата;<br>- Проценка на менаџерскиот потенцијал на кандидатите; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Лидерскиот дуел Филипче, СДСМ - Мицкоски, ВМРО ДПМНЕ, како доминанта во кампањата за Локалните избори 2025;<br>- Зеав и Црвенковски, поранешните претседатели на СДСМ, како тема во кампањата;<br>- Расколот со ЗНАМ;<br>- „Националните црвени линии“ - декларација поднесена од СДСМ во текот на изборната кампања;<br>- Реформите на судскиот систем;<br>- Коментар за состојбата на македонската економија;<br>- Што проценува дека би бил успех на Локалните избори 2025 | |
| **17.10.** | Христијан Мицкоски, претседател на ВМРО ДПМНЕ; | - Улогата и влијанието на лидерите на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ во кампањата за Локалните избори 2025;<br>- „Национални црвени линии“;<br>- ЕУ-интеграциите и Договорот за добрососедство со Бугарија;<br>- Реформите во правосудството како тема во кампањата за Локалните избори 2025;<br>- Коментар за економските состојби;<br>- Очекувања за исходот од Локалните избори 2025; | |

## 2. Посебни информативни емисии:

Од 29 септември до 17 октомври, во периодот на првиот изборен круг, ТВ Сител емитуваше вкупно 13 – дваесетминутни интервјуа со учесници на Локалните избори – 12 (секое со една реприза) во рамките на утринската забавно-информативна емисија насловена „Ја сакам Македонија“ и едно во информативната емисија „Детектор“, во која на 5 октомври беше реализирана и единствената дебата, каде што анализи соочија Илина Мангова, политиколог, и Петар Арсовски, политички аналитичар и комуниколог, а темите за дебата беа: „црната кампања“; реалноста на програмските понуди изготвени преку консултации со граѓаните; елементарните комунално-хигиенски активности понудени како основни проекти; Знаат ли граѓаните реално за кого гласаат?; „Анонимност“ на составот на советите на општините.

***Интервјуа***

Како и кај интервјуата емитувани во ТВ Дневникот од 19 часот, уредувачкиот пристап на редакцијата од утринската, забавно-информативна емисија, очигледно бил пред сè да се прикажат понудите на кандидатите од коалициите на опозициската СДСМ и на владејачката ВМРО ДПМНЕ.

***Табела 22: Интервјуа на ТВ Сител***

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **29.09.** | Мирослав Лабудовиќ, кандидат на Движењето ЗНАМ за градоналчалник на Општина Центар; | - Што му забележувате на претходниот градоначалник на Општина Центар – Скопје;<br>- Топ-5 предложени проекти;<br>- Потенцијалот на Општината за туризам;<br>- Хигиената во Општина Центар;<br>- Визија за развој на Општината; | **Ја сакам Македонија** |
| **30.09.** | Маја Мојсова - Мијовска , кандидатка за градоначалничка на Општина Карпош од Коалицијата предводена од СДСМ; | - Што ја издвојува од останатите кандидати за градоначалници?<br>- Што му замерува на Јакимовски?<br>- Како го гледа развојот на Карпош?<br>- Како да се надминат административните пречки за да профункционира Советот на Општината? | |
| **01.10.** | Бети Стаменковска – Трајковска, кандидатка за градоначалничка на Општина Кисела Вода од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ; | - Што треба да се поправи/доработи во Општина Кисела Вода;<br>- Приоритетни проекти за Општината;<br>- Оценка за капацитетот на Орце Ѓорѓиевски да биде градоначалник на Скопје;<br>- Како ќе се полни општинскиот буџет;<br>- (Не)планско градење;<br>- Нови градинки за зголемена општинска популација; | |
| **03.10.** | Жика Стојановски, независен кандидат за градоначалник на Општина Илинден, поддржан од СДСМ; | - Околу контроверзата - поранешен градоначалник од редовите на ВМРО ДПМНЕ, а на овие избори кандидат поддржан од СДСМ;<br>- Што му замерува на претходниот градоначалник;<br>- Топ 5 проекта;<br>- Потенцијалот за проширување на Општината преку нови ДУП-ови; | |
| **06.10.** | Дејан Митевски – кандидат за градоначалник на Општина Аеродром од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, | - Што увидел како ВД градоначалник на Општината;<br>- Куса професионална биографија;<br>- Комунални и инфраструктурни проблеми на Општината;<br>- Како да се подобри координацијата меѓу Општината и ЈП Комуналец?<br>- Решенија за сообраќајниот метеж;<br>- Проблем со паркинг простор;<br>- Предлог-развојни проекти;<br>- Изградба на гасна централа и топлификациска мрежа; | |
| **07.10.** | Јована Мојсоска, кандидатка на Левица за градоначалничка на Општина Струга; | - Може ли граѓанскиот активизам да придонесе за промена на политичката сцена;<br>- Решенија за дивите депонии во Општината; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Кој е основниот мотив за кандидирање на Локалните избори 2025;<br>- Катастарот како решение за дивоградбите;<br>- Со промена на законите кон промена на пристапот кон функционирањето на локалната самоуправа;<br>- Социјални станови за ранливи категории граѓани; | |
| **08.10.** | Методија Куновски, кандидат за градоначалник на Општина Битола од Коалицијата предводена од СДСМ; | Потенцијалот на Битола како една од главните општини во државата;<br>- Потребата Битола потполно да се рестартира за да си го врати некогашниот сјај;<br>- Повеќе зеленило, помалку урбанизација на градското јадро;<br>- Доследно почитување на постојните законски прописи за успешно справување со дивите депонии;<br>- Експертско знаење пред партиска припадност;<br>- Проекти за ревитализација на младинското живеење;<br>- Предвидливост на проектите наместо стихија;<br>- Проблемот со отпадните води во р. Драгор;<br>- Градинки и старски домови; | |
| **09.10.** | Марија Нацева, кандидатка за градоначалничка на Општина Неготино од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, | - Што предвидува изборната програма;<br>- Секундарна гасификација и развој на индустриската зона;<br>- Проширување на регионалната патна инфраструктура;<br>- Преуредување на влезот и на центарот на Неготино;<br>- Нова противпожарна станица; | |
| **10.10.** | Александар Трајановски, кандидат за градоначалник на Општина Аеродром од Коалицијата предводена од СДСМ, | Мотивот за кандидатура;<br>- Визија за развој на Аеродром;<br>- Решение за депониите во составот на Општината;<br>- Понуда за младите жители на Општината;<br>- Функционален и безбеден јавен простор; | |
| **12.10.** | Борис Кондарко, претседател на ДИК; | - Дали е завршена организацијата на изборниот процес;<br>-Број на избирачи, јавен увид во Избирачкиот список, пријави за нерегуларности;<br>- Контрола на гласањето на дијаспората;<br>- Присуството на надворешните набљудувачи на изборниот процес;<br>- Јавен приказ на изборните резултати;<br>- Распределбата на ППР; | **Детектор** |
| **13.10.** | Сотир Лукровски, кандидат за градоначалник на Општина Карпош од Коалицијата ВМРО ДПМНЕ, | Плански менаџиран локален буџет за приоритетни проекти;<br>- Координација на надлежностите со Градот;<br>- Што му забележувате на досегашниот градоначалник на Карпош; | **Ја сакам Македонија** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Решенија за нехигиената, за дивите депонии, за сообраќајниот хаос, за бетонизацијата;<br>- Кандидатура поставена на испитување на јавното мислење и лична мотивација како долгогодишен жител на Карпош;<br>- Кои се петте изборни приоритети;<br>- Решение за водоснабдувањето на Бардовци, Нерези, Козле; | |
| **15.10.** | Билјана Ивановска, кандидатка за градоначалничка на Општина Центар од Независни заедно, | - Што му забележувате на досегашниот градоначалник на Општина Центар;<br>- Проекти за решавање на безбедноста, паркинг-просторот, дивите депонии, сообраќајниот хаос;<br>- Неорганизараноста на општинскиот менаџмент;<br>- Рационално трошење на општинскиот буџет;<br>- Стопирање на бетонизацијата;<br>- Стандарди при градењето;<br>- Обнова на зеленилото;<br>- Местото на „независните кандидати“ меѓу партиските понуди;<br>- Развој на ресурсите на Општината;<br>- Почитување на постојните закони/ГУП/ДУП; | |
| **17.10.** | Бобан Стефковски, кандидат за градоначалник на Општина Гази Баба од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, | - (Не)реализирани проекти како досегашен градоначалник на Општината;<br>- Стопирање на т.н. „урбанистичко дивеење“,<br>- Пет приоритети за потенцијалниот нов градоначалнички мандат; | |

### Информирање за лицата со сетилна попреченост

ТВ Сител, во рамки на својата законска обврска, навреме ја извести Агенцијата и во формат пристапен за лицата со попреченост - со знаковен јазик - ги емитуваше изданијата на ТВ Дневникот од 21 часот и двете изданија од информативната емисија „Детектор“. На тој начин ги исполни обврските од членот 75 ставови 1 и 4 од Изборниот законик.

## ТВ ТЕЛМА

### 1. ДНЕВНО-ИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: ТВ Дневник 21:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 29 септември до 17 октомври 2025 г.);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 6 часа 42 минути 55 секунди;
**Користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***<u>Начин на известување</u>***

Амбициозниот и професионално реализиран зафат за новинарски кохерентно – информативно и аналитичко – прикажување, не само партиско-коалициски понуди од кампањата за Локалните избори 2025 година, туку и на поширока, граѓанска перспектива за реални општествено-политички аспекти од целиот изборен процес - ТВ Телма го спроведе низ 19-те анализирани изданија од ТВ Дневникот емитуван од 21:30 часот, а посебно низ изборните интервјуа и дебатните соочувања организирани наменски, со помош на NDI - Националниот демократски институт, низ повеќе македонски градови и населени места. Во таквиот приод, покрај стандардните, елементарни новинарски инфо-жанрови – вест и извештај, ТВ Телма примени и куси, а сепак соодветно димензионирани репортажи за да се отслика вообичаениот, секојдневен тек и условите на живеењето за кои, пред сè сведочат - граѓаните. Всушност, општествениот фон од таквите репортажи послужи како основа, како своевидна најава за дебатите низ кои беа претставени програмските понуди на учесниците во изборната кампања.

Општиот, објективен проблем на информативните новинарски редакции – *еднакво* да ги третираат кандидатите за градоначалници, а *пропорционално*, според бројот на потврдените листи, кандидатите за општинските совети, станува очебиен преку примерот дека само за градоначалник на Градот Скопје во првиот круг имаше дури 16 кандидата. Само за таа „изборна битка“, настрана другите 80 македонски општини, колку и да се труди, дури и со погорепосочениот новинарски приод и ангажман, која било информативна редакција не може целосно да одговори на барањата од членовите - 75 став 1 и 75-а став 1 точка в) од ИЗ. Ова посебно ако се има предвид дека некои од спомenатите 16 кандидата за градоначалник на Скопје - воопшто и не појавија никаков дневен ТВ-облик на комуникација со гласачите, а некои, пак, не се одзиваа ниту на повиците за јавно соочување со директните противкандидати.

Во такви околности, ТВ Телма во 19-те изданија од анализираниот Дневник од 21:30 часот, распоредот на времето за кампањските активности на партиите, коалициите и на независните кандидати го направи на следниов начин: за кандидатите на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ одвои – 28 минути и 42 секунди; за кандидатите на Коалицијата предводена од СДСМ одвои – 27 минути и 9 секунди; изборниот судир меѓу коалициите од т.н. „албански политички блок“ – Коалициите ВЛЕН и НАИ, беше прикажан низ околу десетина минути за секоја опција (а, главно преку ривалитетот за скопската Општина Чаир меѓу – Изет Меџити и Бујар Османи). Во овие статистички рамки влегоа и изборните активности на Движењето ЗНАМ (главно преку кандидатите за структурите на локалната самоуправа од Центар и од Куманово – Мирослав Лабудовиќ и Максим Димитриевски), на партијата Левица (најчесто преку приказот на кусите програмски поенти на Амар Мециновиќ, кандидатот за градоначалник на Скопје) и на Коалицијата Искуство за успех (претставена најчесто од Стевчо Јакимовски, актуелниот градоначалник на Општина Карпош, и од Александар Трајановски, кандидат за градоначалник на Скопје). Куси информации имаше уште и за кампањите на пет вонпарламентарни партии и седум независни кандидати.

Околу две третини од вкупното време за вечерното издание на информативната емисија, односно – 4 часа и 20 минути, ТВ Телма го обмисли преку новинарски прилози за тековни општествено-политички теми (методолошки обработени во темата „Други прилози“).Преку вести во низа и извештаи, највидливи беа темите

низ кои, повторно, избиваше соперништвото меѓу ВМРО ДПМНЕ (како власт) и СДСМ (како опозиција), во смисла на тоа – кој порешително се справува со корупцијата во своите партиски редови: Почеток на судскиот процес по оформеното обвинение за пожарот на кочанската дискотека „Пулс“, проследено со нови детали од УЈП и од „заштитени свиркачи“ за потенцијална криминална вмешаност на некогашни и на сегашни државни функционери; обидот за атентат врз пулмологот д-р Зекирија Шаини, кој беше и кандидат од НАИ за советник во Општина Куманово; аферата со неетичкото поведение на д-р Игор Кузмановски, како поранешен директор на Клиниката за неврологија; тековни судски процеси за носители на различни видови државни функции. Во овие тематски рамки најмногу статистика – 1 час и 23 минути, се собраа за ставката „Други субјекти“ - главно од изјави на адвокати/правни застапници, соопштенија на регулаторни тела (енергетика), почеток на академската школска година и настани од културата.

***Табела 23: Застапеност на субјектите во вести по теми***

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Влада | 00:19:20 | 7,45 | % |
| Други субјекти | 01:23:12 | 32,06 | % |
| Судство | 00:27:41 | 10,67 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:46 | 4,92 | % |
| Граѓани | 00:13:05 | 5,04 | % |
| Здравство | 00:10:48 | 4,16 | % |
| Јавно обвинителство | 00:16:48 | 6,48 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:44 | 4,90 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:27:32 | 10,61 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:03:00 | 1,16 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:05:28 | 2,10 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:18 | 2,81 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:04 | 0,80 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:11:18 | 4,36 | % |
| Национална алијанса за интеграција – НАИ | 00:00:33 | 0,21 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:00:37 | 0,24 | % |
| Претседател | 00:05:16 | 2,03 | % |
| **Вкупно за тема:** | **04:19:30** | **100** | **%** |
| **Избори 2025** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:28:42 | 20,01 | % |
| Национална алијанса за интеграција – НАИ | 00:11:06 | 7,74 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:09:32 | 6,65 | % |
| Судство | 00:03:47 | 2,64 | % |
| Левица | 00:11:32 | 8,04 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:27:09 | 18,93 | % |
| Искуство за успех | 00:08:16 | 5,77 | % |
| ДИК | 00:02:45 | 1,92 | % |
| Други субјекти | 00:01:14 | 0,87 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:10:34 | 7,37 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Марјан Калевски - Група избирачи | 00:01:13 | 0,85 | % |
| Горан Марковски - Група избирачи | 00:01:44 | 1,20 | % |
| Билјана Ивановска - Група избирачи | 00:00:44 | 0,51 | % |
| Влада | 00:01:30 | 1,05 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:34 | 1,09 | % |
| Јана Белчева Андреевска - Група избирачи | 00:00:32 | 0,37 | % |
| МААК - Конзервативна партија | 00:00:38 | 0,44 | % |
| Габриела Илиевска - Група избирачи | 00:01:15 | 0,87 | % |
| Коалиција за зелена иднина | 00:01:31 | 1,06 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:16 | 2,28 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:42 | 0,48 | % |
| Демократи Скопје | 00:00:42 | 0,48 | % |
| Граѓани | 00:11:09 | 7,77 | % |
| Единствена Македонија | 00:00:57 | 0,67 | % |
| Драган Котуровиќ - Група избирачи | 00:00:57 | 0,67 | % |
| Агрон Арифи – Група избирачи - „Подобро за Тетово“ | 00:00:24 | 0,28 | % |
| | **Вкупно за тема: 02:23:25** | **100** | **%** |
| | **Вкупно = 06:42:55** | | |

## 2. Посебни информативни емисии:

Од 29 септември до 17 октомври, ТВ Телма емитуваше низа дебати и интервјуа, организирани и реализирани во согласност со принципите на еднаквост и на пропорционалност со кои медиумите се обврзани преку членовите 75 став 1 и 75-а став 1 точка в) од ИЗ. На почетокот од секоја дебата, водителот јасно истакнуваше дали и од која причина некој од кандидатите на Локалните избори 2025 не учествувал во јавните соочувања.

***Интервјуа***

На 17 октомври, последниот ден пред изборниот молк, ТВ Телма направи петминутни интервјуа со 15 кандидата за градоначалник на Скопје. За интервју не се одзва само Демир Исмаил, кандидат од Сојузот на Ромите.

***<u>Табела 24 Интервјуа на ТВ Телма</u>***

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **17.10.** | - Александар Трајановски - Искуство за успех;<br><br>- Скендер Реџепи - НАИ;<br><br>- Каја Шукова – Коалиција предводена од СДСМ; | - Зошто се кандидирате за градоначалник на Скопје?<br>- Како ќе се справите со сообраќајниот хаос во градот и кои се вашите решенија за јавниот превоз?<br>- Кое е вашето решение за почист град?<br>- Како ќе се справите со загадувањето? | **Интервјуа** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Амар Мециновиќ - Левица;<br><br>- Башким Бакиу - Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ;<br><br>- Орце Ѓорѓиевски – Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ;<br><br>- Срџан Амет – Унија на Роми;<br><br>- Владимир Куновски - Работничка Партија;<br><br>- Александар Тортевски - Твоја партија;<br><br>- Вангел Божиноски – Родина Македонија;<br><br>- Александар Рашковиќ - ТМРО;<br><br>- Горан Марковски – група избирачи;<br><br>- Сашо Маневски – група избирачи;<br><br>- Драган Николовски – група избирачи;<br><br>- Зоран Јованоски - Единствена Македонија;<br><br>*За интервју не се одзвал – Демир Исмаил - Сојуз на Ромите*; | - Кои се трите клучни капитални проекти на кои ќе се фокусирате? | |

***Дебати***

Под новиот, наменски информативен наслов - „Директно“, реализиран во соработка со NDI - Националниот демократски институт, и во редовниот термин за емисијата „Топ тема“, информативната редакција на ТВ Телма организираше 24 дебатни соочувања – на кандидати за градоначалници и за општински советници, но и меѓу политиколози и комуниколози кои од повеќе аспекти ги анализираа текот и можниот исход на изборниот процес. Тематскиот круг за дебатите ги опфати: Очекувањата за исходот од Локалните избори 2025, новите ветувања – старите комунални проблеми, експертската проценка за тоа каде се трошат буџетите на локалните самоуправи, како најфункционално да се искористи т.н. „Унгарски кредит“, како да се изнајдат реални решенија за подобрување на севкупната еколошка состојба во општините, промоција на приоритетните проекти од изборната понуда, потенцијалот на општините за задржување на младите луѓе, состојбата на

општинските јавни претпријатија, подобрување на патната инфраструктура и корекција на законската регулатива во делот на деталните урбанистички планирања, како и конфликтот на интереси и паралелизмот на ингеренциите меѓу скопските општини и Градот Скопје.

***<u>Табела 25: Дебати на ТВ Телма</u>***

| ТВ Телма | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **29.09.** | - Петар Арсовски, политички аналитичар/ комуниколог;<br>- Миле Бошњакоски, консултант за стратешки комуникации;<br>- Џелал Незири, новинар; | **Топ тема** |
| **30.09.** | **<u>Дебата меѓу кандидатите за Општина Битола</u>**<br>- Васко Деловски, независен кандидат;<br>- Ќире Димов, ТМРО;<br>- Габриела Илиевска - Поинаку;<br>- Тони Коњановски, Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ;<br>- Методија Куновски, Коалиција предводена од СДСМ;<br>- Мирјана Мирчевски, Македонска ера трета;<br>- Зоран Николовски, независен кандидат;<br>- Јорго Огненовски – Демократи - Скопје; | **Директно** |
| **30.09.** | **<u>Дебата меѓу кандидати за Општина Велес</u>**<br>- Маја Хеско, Коалиција предводена од СДСМ;<br>- Марко Колев, Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ;<br>***<u>Белешка</u>**: поканети биле сите 5 кандидата, но од различни причини не се одзвале;* | **Топ тема** |
| **01.10.** | **<u>Дебата меѓу кандидатите за Советот на Општина Битола</u>**<br>- Горан Велевски, Левица;<br>- Стефан Тековски, Граѓанска Иницијатива - ГРИН;<br>- Васко Котески, МААК;<br>- Петар Котески, „Бојкотирам“;<br>- Жарко Кочишки, Македонска ера трета;<br>- Димитар Кузмановски, Искуство за успех;<br>- Зоран Лазаровски-Паљо – независен кандидат;<br>- Петар Николовски – Коалиција предводена од СДСМ;<br>- Јагода Талевска – Движење ЗНАМ;<br>- Драги Талевски - Демократи;<br>- Миле Трајковски – Поинаку;<br>- Благојче Шадевски, ТМРО; | **Директно** |
| **01.10.** | **<u>Експерти за локална самоуправа:</u>**<br>- Герман Филков – Центар за граѓански комуникации;<br>- Блаже Јовановски – Го-Грин;<br>- Ѓорѓи Хаџивасилев – Социетас цивилис; | **Топ тема** |
| **02.10.** | **<u>Дебата меѓу носители на кандидатски листи за советници на Општина Гази Баба</u>**:<br>- Александар Вељановски, Коалиција предводена од СДСМ;<br>- Невена Дејановска, Единствена Македонија;<br>- Дејан Димитровски, независен кандидат;<br>- Зоран Доневски, Движење ЗНАМ;<br>- Макфире Исени, НАИ; | **Директно** |

| | | |
|---|---|---|
| **02.10.** | **Некогашни градоначалници од редовите на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ**:<br>- Андреј Петров;<br>- Аце Коцевски;<br>- Марјан Ѓорчев; | **Вин-Вин** |
| **03.10.** | **<u>Дебата меѓу кандидатите за градоначалник на Општина Гази Баба</u>:**<br>- Тоне Димковски, Работничка партија;<br>- Влатко Митовски, Коалиција предводена од СДСМ;<br>- Зоран Петковски, Демократи;<br>- Бобан Стефковски, Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ;<br>- Златко Тренчевски, Левица;<br>- Влатко Утевски, Македонска ера трета; | **Директно** |
| **03.10.** | **<u>Дебата меѓу кандидати за градоначалници на Општина Центар – Скопје</u>:**<br>- Мирослав Лабудовиќ, Движење ЗНАМ;<br>- Горан Герасимовски, Коалиција предводена од СДСМ;<br>- Марија Среброва, Левица;<br>- Билјана Ивановска, Независни заедно; | **Топ тема** |
| **06.10.** | **<u>Дебата меѓу кандидатите за Општина Прилеп</u>:**<br>- Жарко Бошкоски - Искуство за успех;<br>- Петра Лукароска – Коалиција предводена од СДСМ;<br>- Дејан Проданоски – Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ;<br>- Павлинче Матеска – независна кандидатка;<br>- Борче Чупетрески – независен кандидат;<br>- Владимир Ѓорѓиоски - Македонска ера трета;<br>- Љупчо Дунимагловски – независен кандидат;<br>*<u>Учеството го откажале</u>*:<br>- Ѓорѓија Игевски – независен кандидат;<br>- Јасминка Стојкоска – Демократи Скопје; | **Топ Тема** |
| **07.10.** | **<u>Дебата меѓу кандидатите за градоначалник на Општина Струмица</u>:**<br>- Марјан Даскаловски, Коалиција предводена од СДСМ;<br>- Петар Јанков, Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ;<br>- Драган Котуровиќ – независен кандидат;<br>- Ристо Цасконоје, Единствена Македонија; | **Директно** |
| **07.10.** | **<u>Дебата меѓу кандидатите за градоначалник на Општина Кисела Вода:</u>**<br>- Кети Сталеска – независна кандидатка;<br>- Јане Ацевски, Левица;<br>- Горан Трајковски, Коалиција предводена од СДСМ;<br>- Бети Стамненковска – Трајковска, Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ;<br>- Оливер Поповски, Коалиција Искуство за успех;<br>- Марко Салџиевски, Твоја партија;<br>*Марко Ташков, независен кандидат, го откажал учеството*; | **Топ тема** |
| **08.10.** | **<u>Дебата меѓу носители на советнички листи за Општина Струмица:</u>**<br>- Миле Гогов, Коалиција предводена од СДСМ;<br>- Александар Илиев, Движење ЗНАМ;<br>- Никола Маџунков, Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ;<br>- Јасмина Пијанманова, Левица;<br>- Ѓорги Танушев, независен кандидат; | **Директно** |
| **08.10.** | **<u>Дебата меѓу кандидати за градоначалници на Општина Карпош</u>**:<br>- Стевчо Јакимовски, Коалиција Искуство за успех;<br>- Маја Мојсова-Миовска, Коалиција предводена од СДСМ;<br>- Антонио Димитров, Левица; | **Топ тема** |

| | | |
|---|---|---|
| | - Невена Георгиевска, независна кандидатка;<br>*Сотир Лукровски, Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ го откажал учеството;* | |
| **09.10.** | **<u>Дебата меѓу кандидати за градоначалник на Општина Боговиње</u>**:<br>- Бесник Емшиу, НАИ;<br>- Фети Абази, ВЛЕН; | **Директно** |
| **10.10.** | **<u>Дебата меѓу носители на советнички листи за Општина Боговиње</u>**:<br>- Ќамил Имери, Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ;<br>- Илир Синани, Коалиција ВЛЕН;<br>- Артан Халити, НАИ; | **Директно** |
| **10.10.** | **<u>Дебата меѓу кандидатите за градоначалници на Општина Тетово</u>**:<br>- Катка Божиноска, Левица;<br>- Бајрам Реџепи, НАИ;<br>- Самка Ибраимовски, Искуство за успех;<br>- Стевица Саркоски, ВМРО Народна Партија;<br>*Од дебата се откажале*<br>*Изет Зејнеловиќ (Демократи Скопје) и Билал Касами (*Коалиција ВЛЕН*);* | **Топ тема** |
| **13.10.** | **<u>Дебата меѓу кандидатите за градоначалник на Општина Кочани</u>**:<br>- Игор Христов, Коалиција предводена од СДСМ;<br>- Жаклина Филипова - Свеќаровска, Левица;<br>- Венко Крстевски, независен кандидат;<br>- Зоран Тодоров, независен кандидат;<br>*<u>На поканата за учество не се одзвале</u>:*<br>*- Влатко Грозданов, Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ;*<br>*- Даниел Глигоров, Единствена Македонија;* | **Топ тема** |
| **14.10.** | **<u>Дебата меѓу кандидатите за градоначалник на Општина Куманово</u>**:<br>- Максим Димитриевски, Движење ЗНАМ;<br>Виолета Арсовска – Коалиција Искуство за успех;<br>- Мартин Костовски, Коалиција предводена од СДСМ;<br>- Горан Стојковски, независен кандидат;<br>- Мирослав Петковски, Левица;<br>*<u>Останатите двајца кандидати не се одзвале на поканата за дебата</u>*; | **Директно** |
| **14.10.** | **<u>Дебата меѓу кандидатите за градоначалник на Општина Чаир</u>**:<br>- Бујар Османи, НАИ;<br>- Изет Меџити, ВЛЕН*;*<br>*<u>Третиот кандидат од Работничката партија - не се одзвал на поканата;</u>* | **Топ тема** |
| **15.10.** | **<u>Дебата меѓу носителите на советнички листи за Општина Куманово</u>:**<br>*<u>Се одзвале само осум од вкупно 14 кандидата за Советот на Општината Куманово</u>*:<br>Тома Глигориевски, Коалиција Искуство за успех;<br>- Ивана Георгиевска, Движење ЗНАМ;<br>- Виторио Зафировски, Левица;<br>- Сретен Стојкоски, Зелена иднина;<br>- Томица Илиќ, Коалиција предводена од СДСМ;<br>- Владимир Михајловски, Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ;<br>- Иван Петковски, независен кандидат;<br>- Марјан Пешевски, Македонска ера трета; | **Директно** |
| **15.10.** | **<u>Експерти/аналитичари:</u>**<br>- Миле Бошњаковски;<br>- Петар Аросовски;<br>- Џелал Незири; | **Топ тема** |

| | | |
|---|---|---|
| **16.10.** | **<u>Дебата меѓу носители на советнички листи за Општина Штип</u>**:<br>- Галаба Вереса, Коалиција предводена од СДСМ;<br>- Љупчо Давчев, Движење ЗНАМ;<br>- Рамадан Демиров, независен кандидат;<br>- Ванчо Коцев, МААК;<br>- Ангеле Михајлов, Левица;<br>- Милчо Смилјанов, Зелена иднина;<br>- Маре Стоилова, Единствена Македонија; | **Директно** |
| **16.10.** | **<u>Дебата меѓу кандидатите за градоначалник на Општина Аеродром</u>:**<br>- Маријан Димитриев, Левица;<br>- Дејан Митевски, Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ;<br>- Дејан Лазаревски, Коалиција Искуство за успех;<br>- Александар Трајановски, Коалиција предводена од СДСМ;<br>- Владимир Михајловски, ТМРО | **Топ тема** |

### 3. ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ЛИЦАТА СО СЕТИЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

ТВ Телма, во рамки на својата законска обврска, навреме ја извести Агенцијата и во формат пристапен за лицата со попреченост - со знаковен јазик ги емитуваше изданијата на ТВ Дневникот од 18:30 часот, а трипати, секој петок од деновите на изборниот период, емитуваше и „Изборна хроника“ проследена со титлување. На тој начин ги исполни обврските од членот 75 ставови 1 и 4 од Изборниот законик.

## САТЕЛИТСКА ПРИВАТНА ТЕЛЕВИЗИЈА

## ТВ 24 ВЕСТИ

### 1. Дневно-информативни емисии:

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Дневник во 17.00 часот
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 29 септември до 17 октомври 2025);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 10 часа 18 минути и 42 секунди;
**Користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

Информативната редакција на ТВ 24 Вести, во централното издание на Дневникот од 17 часот, во посебна рубрика насловена „Локални избори 2025" ги концентрираше прилозите за активностите поврзани со изборното претставување на кандидатите за градоначалници и за советници. Притоа, известувањето (преку информации од митинзи или од организирани средби со граѓани на кои кандидатите ги промовираа своите програми и политички визии), го фокусираше на активностите од кампањите на парламентарните партии, со мала застапеност на вонпарламентарните партии и на кандидатите од групи избирачи. Сите прилози од активностите во кампањата се методолошки прикажани во темата Избори 2025 за која беа издвоени нешто над 3 часа, односно нешто помалку од една третина од Дневникот. Вкупната понуда за публиката, пак, беше надополнета со големиот број посебни информативни емисии, преку кои Телевизијата обезбеди анализи на изборниот процес и директни соочувања на поголем број кандидати. Дури и со ваков амбициозен и професионален новинарски пристап и ангажман, не можеше целосно да се одговори на барањата од членовите - 75 став 1 и 75-а став 1 точка в) од ИЗ, како резултат на исклучително големиот број потврдени кандидатски листи.

Во ТВ Дневникот беа претставени различни аспекти од секојдневната интензивна изборна кампања на: Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ (41 минута и 10 секунди), Коалицијата предводена од СДСМ (35 минути и 44 секунди), Национална алијанса за интеграција – НАИ (околу 18 минути), Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ (речиси 14 минути), Левица (9 ипол минути), Движење ЗНАМ - За наша Македонија (6 ипол минути), Искуство за успех (10 ипол минути). Со куси минутажи беше известено и за изборната понуда на четири вонпарламентарни партии, како и за пет независни кандидати.

Освен ова, неколку од учесниците во изборната кампања се појавуваат како субјекти и во методолошката тема „Други прилози" каде се кодирани информациите за нивните активности кои не беа директно поврзани со кампањата. На пример, коалициите предводени од ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, меѓусебно се препукуваа во врска со трагичниот настан со пожарот во дискотеката во Кочани, како и за судскиот процес за Онкологија. ВМРО ДПМНЕ се појави како субјект и со коментар на приведувањето на бизнисменот Борче Марковски. Националната алијанса за интеграција – НАИ имаше изјави за случајот со обид за убиство на д-р Зекирија Шаини, носител на советничката листа на ДУИ во општина Липково, а на оваа тема говореше и Коалицијата ВЛЕН.

Освен информациите за активностите на партиите и кандидатите околу Локалните избори, Редакцијата на ТВ 24 Вести во овој период во Дневникот известуваше и за низа други актуелни општествено-политички теми, какви што беа: истрагата и протестите за пожарот во дискотеката „Пулс" во Кочани; протестите против депонијата „Вардариште"; протестите на вработените од ЈП „ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО" и нивните фирми ќерки поради доцнењето на платите; проблемот со дистрибуција на лекови за онколошките пациенти; недостигот од медицински сестри во здравствениот систем, почеток на грејна сезона; протести на мештаните

во Љубојно; за нехуманиот и нечовечки третман во два дома за стари лица, за судењето за случајот „Онкологија“, за пожарот во Трубарево од аспект на жалбите на жителите за загаден воздух; пријавувањето за бесплатна вакцинација против грип, како и за други актуелни теми. Во овие прилози најмногу време е издвоено за информации од збирната категорија „Други субјекти" во која се појавуваат адвокати кои даваат изјави за судските рочишта и случаи, синдикатите, новинари, поранешни функционери кои веќе не се дел од политичката сцена, културни работници, претставници на хотелската асоцијација, Сојуз на просветни работници, Стоматолошката комора, Занаетчиска комора, Адвокатска комора, фудбалски клуб, приватни превозници, Унијата на медицински сестри, национално студентско тело, синдикат на култура, Асоцијација за е-трговија, Лекарската комора итн.

***<u>Табела 26: Застапеност на субјектите во вести по теми на ТВ 24 Вести</u>***

| ТВ 24 Вести | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Здравство | 00:06:38 | 1,53 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:09:54 | 2,28 | % |
| Јавно обвинителство | 00:11:48 | 2,72 | % |
| Влада | 00:57:52 | 13,34 | % |
| Други субјекти | 02:20:44 | 32,43 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:13:03 | 3,01 | % |
| Граѓански сектор | 00:24:04 | 5,55 | % |
| Граѓани | 00:21:20 | 4,92 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:40:48 | 9,40 | % |
| Судство | 00:53:18 | 12,28 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:16:08 | 3,72 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:11:18 | 2,60 | % |
| Претседател | 00:06:28 | 1,49 | % |
| Национална алијанса за интеграција – НАИ | 00:05:20 | 1,23 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:01:55 | 0,44 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:37 | 1,52 | % |
| Без субјекти | 00:05:37 | 1,29 | % |
| Собрание | 00:00:24 | 0,09 | % |
| Бошњачки Демократски Сојуз | 00:00:42 | 0,16 | % |
| **Вкупно за тема:** | **07:13:58** | **100** | **%** |
| **Избори 2025** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:41:10 | 22,28 | % |
| ДИК | 00:12:23 | 6,70 | % |
| Влада | 00:04:11 | 2,26 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:35:44 | 19,34 | % |
| Национална алијанса за интеграција – НАИ | 00:18:09 | 9,83 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:13:58 | 7,56 | % |
| Левица | 00:09:35 | 5,19 | % |
| Насто Палиоски - Група избирачи | 00:00:30 | 0,27 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Искуство за успех | 00:10:38 | 5,75 | % |
| Менди Ќира - Група избирачи | 00:03:31 | 1,90 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:06:31 | 3,52 | % |
| Медиум | 00:04:58 | 2,69 | % |
| Други субјекти | 00:03:46 | 2,04 | % |
| Горан Марковски - Група избирачи | 00:01:28 | 0,79 | % |
| Работничка партија | 00:01:00 | 0,54 | % |
| Марјан Калевски - Група избирачи | 00:01:28 | 0,79 | % |
| Коалиција за зелена иднина | 00:01:12 | 0,65 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:07 | 3,85 | % |
| Билјана Ивановска - Група избирачи | 00:00:36 | 0,32 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:57 | 0,52 | % |
| Демократи Скопје | 00:01:08 | 0,61 | % |
| Граѓани | 00:00:58 | 0,52 | % |
| Судство | 00:01:50 | 0,99 | % |
| ТМРО | 00:01:56 | 1,05 | % |
| | **Вкупно за тема: 03:04:44** | **100** | **%** |
| | **Вкупно = 10:18:42** | | |

## 2. ПОСЕБНИ ИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:

Во периодот на изборната кампања за Локалните избори, ТВ 24 Вести организираше 36 посебни информативни емисии посветени на изборните процеси, реализирани како интервјуа и дебати. Телевизијата внимаваше при презентација на кандидатите за градоначалници или советници од коалициите, партиите, како и независните кандидати, да бидат сите присутни, но понекогаш се случуваше поради приватни или службени причини некои од поканетите гости на дебатните емисии да не присуствуваат.

***Интервјуа***

Од 29 септември до 17 октомври, премиерно беа емитувани вкупно 12 интервјуа на изборни теми, со кандидати за градоначалници, но и со експерти и аналитичари, на различни правно - економски аспекти од изборниот процес.

***Табела 27: Интервјуа на ТВ 24 Вести***

| ТВ 24 Вести | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **29.09.2025** | Бојан Кордалов, комуниколог | Локалните избори | **Аргумент Плус** |
| **01.10.2025** | Џелал Незири, новинар | Можни резултати на Локалните избори, црна кампања | **Аргумент Плус** |
| **03.10.2025** | Илија Ацески, професор | Социолошки аспекти околу поделбата на Град Скопје, предизборната кампања | **Аргумент Плус** |
| **02.10.2025** | Максим Димитриевски, претседател на Движењето ЗНАМ | Преговори на ЗНАМ со ВМРО ДПМНЕ околу кандидатите за градоначалници | **Аргумент плус** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **03.10.2025** | Горан Марковски независен кандидат за градоначалник на Скопје | Изборна програма, можни решенија, кампања | **Трилинг** |
| **06.10.2025** | Александар Ристевски, аналитичар | Како се водат кампањите, говорот на лидерите и кандидатите за градоначалници, ветувањата за проекти и нивните програми | **Студио 10** |
| **06.10.2025** | Арбен Таравари, претседател на Алијанса за интеграција | За коалицијата со ДУИ, прогнози и очекувањата од Локалните избори. | **Аргумент плус** |
| **08.10.2025** | Александар Кржаловски, политички аналитичар | Оценка на амбиентот во кој се спроведува кампањата и дали се соочуваме со сценарија за предизборна дестабилизација? | **Аргумент плус** |
| **09.10.2025** | Димитар Апасиев, претседател на Левица | За одлуката за отфрлање на тужбата на Левица од страна на Управниот суд, за членството и симпатизерите, како и за можните резултати од изборите. | **Аргумент плус** |
| **10.10.2025** | Стевчо Јакимовски, претседател на ГРОМ | Текот на изборната кампања, демократскиот однос пред и по изборите, коалицијата Искуство за успех, за црната кампања и за анкетите. | **Аргумент плус** |
| **10.10.2025** | Орце Ѓорѓиевски, кандидат за градоначалник на Скопје | За дивоградбите во Скопје, за можниот мораториум за градба во метрополата и за тоа како планира да го исчисти градот во првите 72 часа ако биде избран за градоначалник. | **Трилинг** |
| **17.10.2025** | Иво Рангеловиќ, политиколог | Разговор околу кампањата, дали временски е доволна за да се претстават кандидатите, за изборниот молк, како и за реториката за време на кампањата. | **Аргумент плус** |

***Дебати***

Во првиот круг од изборната кампања, на ТВ 24 Вести беа емитувани вкупно 24 дебатни емисии на теми поврзани со изборите, со фокус главно врз претставувањето на изборните програми и соочувањето на ставовите на кандидатите околу важните локални проблеми и прашања. Во дебатите, покрај кандидатите за градоначалници и носителите на советничките листи, учествуваа и експерти коишто ја анализираа предизборната кампања, наративот кој се користеше во неа, но зборуваа и за можните резултати на Локалните избори.

***<u>Табела 28: Дебатни емисии на ТВ 24 Вести</u>***

| ***ТВ 24 Вести*** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **29.09.2025** | Оливер Поповски од Искуство за успех<br>Горан Трајковски од Коалицијата на СДСМ<br>Јане Ацевски од Левица<br>Бети Стаменкоска - Трајковска од Коалицијата Твоја Македонија<br>Марко Салџиевски од Твоја партија<br>Кети Сталеска, Група избирачи | **Анализа** |

| | | |
|---|---|---|
| **30.09.2025** | Кандидати градоначалник на Крива Паланка (во првиот дел од емисијата):<br>Актуелниот градоначалник Сашко Митовски од Коалицијата предводена од СДСМ<br>Оливер Алексовски од редовите на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ<br><br>Кандидати за градоначалник на Крушево (во вториот дел од емисијата):<br>Томе Христовски од Коалицијата предводена од СДСМ<br>Зоран Јаневски од ЛЕВИЦА<br>Нико Чоневски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ | **Студио 10** |
| **30.09.2025** | Кандидати за градоначалник на Општина Карпош:<br>Антонио Димитров од Левица<br>Стевчо Јакимовски од Коалицијата Искуство за успех<br>Маја Мојсова Мијовска од Коалицијата предводена од СДСМ<br>Невена Георгиевска – независна кандидатка | **Анализа** |
| **01.10.20225** | Кандидати за градоначалник на Општина Аеродром:<br>Марјан Димитриев од Левица<br>Владимир Михајловски од ТМРО<br>Дејан Митевски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ<br>Александар Трајановски од Коалицијата предводена од СДСМ | **Студио 10** |
| **01.10.2025** | Кандидати за градоначалник на Општина Центар:<br>Билјана Ивановска, независна кандидатка<br>Марија Среброва, Левица<br>Мирослав Лабудовиќ, Движење ЗНАМ - За наша Македонија | **Анализа** |
| **02.10.2025** | Кандидати за градоначалник на Општина Ѓорче Петров:<br>Александар Димитријевиќ од Левица<br>Костадин Ацевски од Коалицијата предводена од СДСМ<br>Љупчо Јаневски од Коалицијата Искуство за успех<br>Александар Стојкоски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ | **Студио 10** |
| **02.10.2025** | Кандидати за градоначалник на Кочани:<br>Игор Христов од Коалицијата предводена од СДСМ<br>Жаклина Филипова - Свеќароска од Левица<br>Зоран Тодоров, независен кандидат<br>Венко Крстевски, независен кандидат | **Анализа** |
| **06.10.2025** | Кандидати за градоначалник на Општина Илинден:<br>Александар Ѓеорѓиевски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ<br>Жика Стојановски од Коалицијата предводена од СДСМ | **Студио 10** |
| **06.10.2025** | Арта Биљали-Зендели, ДУИ<br>Снежана Калеска Ванчева, СДСМ<br>Ѓулистана Марковска, Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ | **Анализа** |
| **07.10.2025** | Кандидати за градоначалник на Општина Шуто Оризари:<br>Шабан Салиу, Демократски сили на Ромите<br>Едис Хасан, СДСМ<br>Курто Дудуш, Политичка партија Унија на Роми Скопје,<br><br>Гостување на Павел Иванов, кандидат за градоначалник на Штип од Коалицијата предводена од СДСМ | **Студио 10** |

| | | |
|---|---|---|
| **07.10.2025** | Кандидати за градоначалник на Скопје:<br>Каја Шукова, од Коалицијата предводена од СДСМ<br>Драган Николовски, независен кандидат<br>Сашо Маневски, независен кандидат<br>Зоран Јованоски од Единствена Македонија<br>Амар Мециновиќ од Левица<br>Владимир Куновски од Работничка партија,<br>Срџан Амет од Политичка партија Унија на Роми Скопје,<br>Александар Трајановски од Коалицијата Искуство за успех<br>Вангел Божиноски од Родина Македонија,<br>Горан Марковски од Независни заедно<br>Алексадар Рашковиќ од ТМРО | **Анализа** |
| **08.10.2025** | Кандидати за градоначалник на Општина Велес:<br>Маријана Деловска од Демократи Скопје<br>Марко Колев, Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ<br>Маја Хеско, СДСМ | **Студио 10** |
| **08.10.2025** | Кандидати за градоначалник на Општина Куманово:<br>Максим Димитриевски од ЗНАМ<br>Мартин Костовски од Коалицијата предводена од СДСМ<br>Виолета Арсовска од Искуство за успех<br>Мирослав Петковиќ од ЛЕВИЦА<br>Горан Стојковски - Диро, независен кандидат | **Анализа** |
| **09.10.2025** | Носителите на листите во Советот во Струмица:<br>Александар Илиев од ЗНАМ<br>Јасмина Пијаниманова од ЛЕВИЦА<br>Миле Гогов од Коалицијата предводена од СДСМ<br>Ѓорѓи Танушев, независен кандидат<br><br>Разговор со Сеад Џигал, комуниколог, за тоа каква реторика се води на кампањите и какви пораки се праќаат на гласачите од страна на партиите | **Студио 10** |
| **09.10.2025** | Кандидати за градоначалник на Општина Струмица:<br>Марјан Даскаловски од Коалицијата предводена од СДСМ<br>Ристо Цасконоје од Единствена Македонија<br>Драган Котуровиќ, независен кандидат | **Анализа** |
| **13.10.2025** | Кандидати за градоначалник на Општина Струга:<br>Игор Малевски, Група избирачи<br>Бесник Асани, Група избирачи<br>Мирко Савески, Група избирачи<br>Љубе Петревски, Работничка партија<br>Роберт Милески, Демократи Скопје | **Студио 10** |
| **13.10.2025** | Каква кампања видовме и што може да очекуваме во следните неколку дена?<br>Марјан Ѓорчев, Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ<br>Андреј Жерновски, СДСМ<br>Љубиша Николовски, новинар | **Анализа** |
| **14.10.2025** | Кандидати за советничките листи на Општина Центар:<br>Крумислав Барзов<br>Јакимовски Филип<br>Миле Цветановски<br>Антони Новотни | **Студио 10** |

| | | |
|---|---|---|
| | Горан Андреевски<br>Андреј Кузмановски<br>Јане Димески<br><br>Кандидати за советничките листи на Општина Аеродром:<br>Љупчо Марковски од ЗНАМ<br>Дејан Ристовски од Левица<br>Даниел Илиевски од ГРИН<br>Милутин Ристески од Коалицијата предводена од СДСМ<br>Билјана Јовановска од Десница | |
| **15.10.2025** | Носители на советнички листи за Град Скопје:<br>Даме Димитровски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ<br>Катерина Цаневска – Арсовска од Коалицијата предводена од СДСМ<br>Горанчо Котевски од ЗНАМ<br>Катерина Јовановска од Левица<br>Ристо Пенов од Искуство за успех | **Студио 10** |
| **15.10.2025** | Кандидатите за градоначалник на Општина Битола:<br>Габриела Илиевска од група избирачи<br>Мирјана Мирчевски од Македонска ера трета<br>Зоран Николовски од група избирачи и поддржан од Левица,<br>Ќире Димов од ТМРО<br>Јорго Огненовски од Демократи Скопје<br>Методија Куновски од Коалицијата предводена од СДСМ<br>Тони Коњановски од Коалицијата „Твоја Македонија" предводена од ВМРО ДПМНЕ | **Анализа** |
| **16.10.2025** | Кандидати за градоначалник на Општина Гази Баба:<br>Златко Тренчевски од Левица<br>Зоран Петковски од Демократи Скопје<br>Влатко Митовски од Коалицијата предводена од СДСМ<br>Влатко Утевски од Македонска Ера Трета<br>Тоне Димковски од Работничка партија | **Студио 10** |
| **16.10.2025** | Политичка дебата за актуелните теми, Кочани, избори, резултати, победа и пораз и што после Локалните избори?<br>Елми Езири<br>Методија Илиевски<br>Миле Лефков<br>Амир Елизи | **Анализа** |

***Други информативни емисии***

ТВ 24 Вести им овозможи на граѓаните директно да ги изнесат своите ставови во врска со Локалните избори и во три изданија на контактната емисија *Очи в очи*. На 30 септември (со реприза на 1 октомври) тие говореа за тоа како помина почетокот на изборната кампања; на 6 октомври (реприза на 8 октомври) дискутираа за тоа како да се зголеми одѕивот на изборите; на 7 октомври – за политичката комуникација во кампањата; на 8 октомври (репризирана на 9 октомври) за „огнената кампања", односно - дали предизборните кавги ја прават кампањата опасна.

## 3. ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ЛИЦАТА СО СЕТИЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

Во извештајниот период од 29 септември до 17 октомври, сите изданија на Дневникот на ТВ 24 Вести во 20 часот со знаковен јазик беа прилагодени за лицата со сетилна попреченост. Во овој период, вкупно три информативни емисии (изданија на „Трилинг“) беа прилагодени на овој начин, за што ТВ 24 Вести навреме ја извести Агенцијата. Со ова таа ги исполни обврските од членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ.

## ПРИВАТНИ КАБЕЛСКИ ТЕЛЕВИЗИИ

### ТВ 21-М

1. **ДНЕВНО-ИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:**

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Вести во 18:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 29 септември до 17 октомври 2025);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 7 часа 3 минути и 58 секунди;
**Користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

Во првиот круг од Локалните избори, ТВ 21-М се вброи меѓу телевизиските сервиси кои при известувањето се фокусираа на четирите најголеми коалиции со помалку информации за другите парламентарни партии. Независните кандидати ги имаше во мал број (осум), а вонпарламентарните партии беа отсутни. Оттаму, ова е еден од анализираните медиуми кој потешко се справи со законската обврска за правично, избалансирано и непристрасно известување за сите кандидати, утврдена во член 75 став 1 и член 75-а став 1 точка в) од Изборниот законик.

Известувањето за формалните облици на изборната кампања – митинзи, средби со граѓани и презентации на изборни програми – во централното дневноинформативно издание на ТВ 21 – М од 18:30 часот, новинарски беше обликувано преку вести, извештаи, соопштенија и, најчесто, низ изјави од учесниците во изборниот процес. Информативната редакција на Телевизијата, на дневното известување за изборниот ангажман посвети половина од времето од вестите, при што во фокусот беа ставени кандидатите на четирите големи коалиции. За опозициската Национална алијанса за интеграција (НАИ) и за владејачката Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ**,** беше одвоено приближно еднакво време, а добија и еднаков третман – за НАИ беа одвоени 54 минути и 24 секунди**,** а за ВЛЕН **-** 46 минути и 15 секунди**.** Во однос на кандидатите од македонскиот политички блок, најмногу се известуваше за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, со 24 минути и 9 секунди, и за Коалицијата предводена од СДСМ, со 24 минути и 1 секунда. Информации имаше за уште две парламентарни партии – Движењето ЗНАМ (8 минути и 12 секунди) и Левица (7 минути и 18 секунди). Немаше информации за кампањите на вонпарламентарните партии, а од независните кандидати, во изборната статистика, со мала минутажа беа евидентирани изборните презентации на Билјана Ивановска, Висар Адеми, Менди Ќира, Агрон Арифи, Азем Садики, Александар Трајановски, Шкодран Алили и Горан Марковски.

Во другата половина од вестите, известувањето беше посветено на повеќе значајни политички и општествени теми. Меѓу покрупните содржини се издвојуваат работната посета на претседателката на државата Гордана Силјановска Давкова во САД, нејзиното учество на седмиот состанок на Европската политичка заедница, како и повеќе прилози поврзани со процесот на пристапување на земјата во Европската Унија. ТВ 21-М информираше и за посетата на претседателката на Европската Комисија Урсула фон дер Лајен во Скопје, како и за препораките на Венецијанската комисија за ограничување на мандатот на јавниот обвинител. Опфатени беа и редовните активности на Владата, различни судски рочишта, веста за дигиталниот самит на Западен Балкан во Скопје како и за одбележувањето на Денот на народното востание. Емитувани беа прилози за протестите на вработените во ЈП „Паркови и зеленило“, како и реакции од Коалицијата Национална алијанса за интеграција (НАИ) во врска со нападот врз лекарот кој е и носител на листа за Општина

Липково на оваа коалиција, реакцијата на СДСМ по скандалозното видео за директорот на Неврологија, како и обвинувањата меѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ поврзани со пожарот во кочанската дискотека „Пулс“.

Приближно еден и пол час од прилозите беа посветени на изјави и активности на субјекти кои методолошки се категоризираат како „Други субјекти“, како што се: адвокати, лекари, студенти, претставници на универзитети, здравствени установи, културни настани и други.

***Табела 29: Застапеност на субјектите во вести по теми на ТВ 21-М***

| ТВ 21 - М | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Претседател | 00:08:05 | 3,75 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:02 | 5,58 | % |
| Други субјекти | 01:33:30 | 43,34 | % |
| Граѓани | 00:03:04 | 1,42 | % |
| Влада | 00:35:56 | 16,66 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:09:18 | 4,31 | % |
| Јавно обвинителство | 00:06:04 | 2,81 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:16:14 | 7,53 | % |
| Судство | 00:05:50 | 2,70 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:13:16 | 6,15 | % |
| Национална алијанса за интеграција – НАИ | 00:04:06 | 1,90 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:05:44 | 2,65 | % |
| Собрание | 00:00:44 | 0,34 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:50 | 0,85 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:35:43** | **100** | **%** |
| **32. Избори 2025** | | | |
| Национална алијанса за интеграција – НАИ | 00:54:24 | 26,12 | % |
| Влада | 00:03:34 | 1,71 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:46:15 | 22,21 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:24:01 | 11,53 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:24:09 | 11,60 | % |
| ДИК | 00:08:30 | 4,08 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:33 | 1,22 | % |
| Левица | 00:07:18 | 3,51 | % |
| Билјана Ивановска - Група избирачи | 00:02:11 | 1,05 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:08:12 | 3,94 | % |
| Други субјекти | 00:08:13 | 3,95 | % |
| Висар Адеми - Група избирачи | 00:05:11 | 2,49 | % |
| Менди Ќира - Група избирачи | 00:03:58 | 1,90 | % |
| Агрон Арифи – Група избирачи - „Подобро за Тетово“ | 00:01:37 | 0,78 | % |
| Азем Садики - Група избирачи | 00:01:05 | 0,52 | % |
| Александар Трајановски - Група избирачи | 00:00:52 | 0,42 | % |
| Шкодран Алили - Група избирачи | 00:02:02 | 0,97 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Горан Марковски - Група избирачи | 00:01:00 | 0,48 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:10 | 1,52 | % |
| | **Вкупно за тема: 03:28:15** | **100** | **%** |
| | **Вкупно = 07:03:58** | | |

## 2. Посебни информативни емисии:

Фокусот на уредувачката политика на ТВ 21-М врз големите коалиции, пред сѐ од албанскиот политички кампус, се одрази и кај посебните информативни емисии, каде гостите, со ретки исклучоци, беа од Коалицијата ВЛЕН и НАИ, како и независни кандидати за општините во кои населението е претежно или целосно сочинето од етнички Албанци. Со тоа не беше во целост запазен принципот на правичност, избалансираност и непристрасност од член 75 став (1) и член 75-а став (1) точка в) од Изборниот законик.

***Интервјуа***

Во периодот од 29 септември до 17 октомври, ТВ 21-М премиерно реализираше седум интервјуа на тема – „Локални избори 2025 година“, некои во емисијата „Клик плус“, а некои, кои примарно биле предвидени да бидат дебати - во информативните емисии „Ајде да разговараме“ и „Дебат 21“. Имено, Бујар Османи и Изет Меџити, двајцата кандидати за градоначалници за Општина Чаир, биле поканети на заедничка дебата, но поради тоа што Бујар Османи одбил да учествува, Телевизијата реализираше посебни интервјуа со двајцата кандидати. Слична ситуација имаше и со кандидатите за Општина Тетово — иако биле поканети на дебата, Билал Касами од Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ одбил да учествува, по што ТВ 21-М направи индивидуални интервјуа. Интервјуата со кандидатите за градоначалници на Општина Тетово и Општина Врапчиште беа репризирани еднаш во текот на изборната кампања.

***Табела 30: Интервјуа на ТВ 21-М***

| ТВ21 – М | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во интервјуа** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| 02.10. | Орце Ѓоргиевски, кандидат за градоначалник на град Скопје од редовите на Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ; | - Како ќе го исчисти Скопје од ѓубрето во првите 72 часа, доколку го добие мандатот;<br>- Дали се размислува за јавно приватно партнерство за решение околу одлагањето на отпадот и депониите;<br>- Градскиот превоз е една од причините за загадувањето;<br>- Идејата за брз транспорт; | Клик Плус |
| 09.10. | Каја Шукова, кандидатка за градоначалничка на Град Скопје од редовите на Коалицијата на СДСМ; | - Нејзиниот предлог за решение за депонијата „Вардариште“;<br>- Дали решението за „Дрисла“ го гледа во јавно приватно партнерство?<br>- Како би се решил комуналниот отпад: | Клик Плус |
| 10.10 | Исен Шабани, кандидат за градоначалник на Општина Врапчиште од редовите на НАИ; | - Трите главни приоритети со кои бара трет мандат од граѓаните;<br>- Дали ќе го реши прашањето со водата за пиење? | Дебат 21 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Како беа искористени средствата што Општината ги доби од Светска банка?<br>- Дали се инвестираше во училиштата?<br>- Дали Јавното претпријатие за водовод и канализација има недостиг од работници; | |
| 13.10 | Изет Меџити, кандидат за градоначалник на Општина Чаир, од Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ; | - Зошто мисли дека граѓаните треба да гласаат за него;<br>- Дали мисли дека е во предност поради тоа што е вицепремиер и министер за животна средина;<br>- Решението за реализација на булеварот Цветан Димов;<br>- Дали Чаир треба да се осамостои од Градот Скопје, затоа што се соочи со големи проблеми и вината постојано се префрлаше на Градот Скопје;<br>- Зошто Чаир е во толку голем фокус на овие избори; | Ајде да разговараме |
| 13.10 | Бујар Османи, кандидат за градоначалник на Општина Чаир од Коалицијата НАИ; | - Зошто мисли дека граѓаните треба да гласаат за него;<br>- Како планира да го реши проблемот со булеварот Цветан Димов;<br>- Ако стане градоначалник, дали ќе даде дозвола за која било градба во Чаир;<br>- Дали се обврзува дека ако победи ќе остане во Општината четири години и нема да ја напушти за друга функција;<br>- Дали мисли дека ќе има предвремени парламентарни избори;<br>- Ако победи дали ќе коалицира со ВМРО ДПМНЕ; | Ајде да разговараме |
| 14.10 | Бајрам Реџепи, кандидат за градоначалник на Општина Тетово, од редовите на НАИ; | - Како гледа на отсуството на соочување од страна на противничкиот кандидат;<br>- Кои се трите главни приоритети за Тетово;<br>- Дали има конкретни планови за тоа што да се направи во врска со паркинзите;<br>- Што ветува во врска со недостигот од водата за пиење со кој се соочуваат граѓаните;<br>- Што ќе направи за да го исчисти градот Тетово;<br>- Кои се неговите планови за туристичкиот центар Попова Шапка, каде што не се инвестира воопшто. | Дебат 21 |
| 14.10 | Билал Касами, кандидат за градоначалник и актуелен градоначалник на Тетово, од редовите на Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ; | - Зошто немаше соочување меѓу двајцата кандидати за градоначалник на Тетово?<br>- Со кои проекти се натпреварува за втор мандат; | Дебат 21 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Каде беа пречките во врска со гаражите и зошто не беа реализирани иако ги вети во 2021 година?<br>- Зашто Тетово нема генерален урбанистички план, иако го ветил на претходните избори и дали има нелегални градби?<br>- Колку нелегални градби има во Тетово;<br>- Какви планови има за тетовската касарна каде што нема инвестиции воопшто?<br>- Стадион во Тетово е ветуван уште од времето на Теута Арифи, и самиот Касами го ветил, како да му веруваат граѓаните;<br>- Каков план има во врска со недостигот од вода за пиење?<br>- Каков конкретен план има за Попова Шапка? | |

***Дебатни емисии***

ТВ 21-М емитуваше осум дебатни емисии посветени на Локалните избори. Во нив беа поканети деветнаесет кандидати за градоначалници, од кои Сабедин Даути кандидат за Општина Гостивар од Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ не се одзвал на поканата. Дебатната емисија „Дебата 21", во која учествуваа кандидатите за градоначалници на Општина Теарце и Општина Студеничани, беше репризирана еднаш во текот на изборната кампања.

***Табела 31: Дебати на ТВ 21-М***

| **ТВ21 – М** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| 29.09. | Назим Таипи, кандидат на НАИ и Даут Мемиши, кандидат на ВЛЕН/ВРЕДИ за градоначалници на Општина Теарце; | Дебат 21 |
| 30.09 | Еркан Арифи, кандидат на НАИ и Неџмедин Садику, кандидат на ВЛЕН/ВРЕДИ, за Општина Липково; | Ајде да разговараме |
| 01.10 | Мухамед Елмази, кандидат за градоначалник за Општина.Сарај од редовите на Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ;<br>Блерант Рамадани, кандидат за градоначалник за Општина Сарај, од Коалицијата НАИ; | Ајде да разговараме |
| 06.10 | Бљерим Сејдиу, актуелен градоначалник на Општина Желино и кандидат за нов мандат од Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ и<br>Емир Сулејмани, кандидат од Коалицијата НАИ за Општина Желино; | Дебат 21 |
| 07.10 | Валбон Лимани, актуелен градоначалник на Општина Гостивар и кандидат од редовите на НАИ,<br>Висар Адеми, независен кандидат;<br><br>Сабедин Даути кандидат од Коалицијата ВЛЕН /ВРЕДИ не се одзвал на поканата; | Ајде да разговараме |

| | | |
|---|---|---|
| 08.10. | Арсим Далипи, од редовите на НАИ и<br>Менди Ќира, независен кандидат за градоначалник на Општина Струга; | Ајде да разговараме |
| 09.10 | Седат Бислими, кандидат од редовите на Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ;<br>Ејуп Абази, кандидат од редовите на НАИ и<br>Азем Садику, актуелен градоначалник и независен кандидат за Општина Студеничани; | Дебат 21 |
| 17.10 | Мирослав Лабудовиќ, кандидат од Движењето ЗНАМ-За наша Македонија;<br>Билјана Ивановска, независна кандидатка за градоначалник на О. Центар; и<br>Горан Герасимовски, кандидат од редовите на Коалицијата на СДСМ; | Клик Плус |

***<u>Информирање за лицата со сетилна попреченост</u>***

ТВ 21 – М, во согласност со својата законска обврска, ја извести Агенцијата дека во формат пристапен за лицата со попреченост, со користење на знаковен јазик, секој ден ќе ги емитува Вестите во 16:00 часот, а дебатните емисии „Клик Плус“ и „Дебат 21” еднаш неделно. Телевизијата ги емитуваше овие емисии, со што ги исполни обврските предвидени во член 75 ставови 1 и 4 од Изборниот законик.

## ТВ ШЕЊА

### 4. ДНЕВНОИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Вести во 19 часот;
**Број на анализирани изданија**: 19 изданија (од 29 септември до 17 октомври 2025);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 6 часа 11 минути и 2 секунди;
**Користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

Во првиот круг од Локалните избори, ТВ Шења информираше за кандидатите на шест парламентарни партии со фокус на четирите најголеми коалиции, за една вонпарламентарна и за пет независни кандидати. Со ова таа не обезбеди информации за мноштвото од изборната понуда како што предвидува обврската за правично, избалансирано и непристрасно известување за сите кандидати, утврдена во член 75 став 1 и член 75-а став 1 точка в) од Изборниот законик.

Во периодот на изборната кампања, од 29 септември до 17 октомври, ТВ Шења во Дневникот од 19 часот, најчесто информираше за активностите на кандидатите за градоначалници од Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ и Коалицијата Национална алијанса за интеграција – НАИ. Притоа, за НАИ беа одвоени 33 минути и 8 секунди, додека за Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ - 28 минути и 16 секунди. Во делот посветен на кандидатите од македонскиот политички блок, најчесто се известуваше за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ со 25 минути и 6 секунди и за Коалицијата предводена од СДСМ со 23 минути и 50 секунди. Во помал обем беа опфатени и активности на партијата Левица и на Коалицијата Искуство за успех и на вонпарламентарната партија Демократи Скопје. Во однос на независните кандидати, медиумот известуваше за Мирјана Чупиќ, Висар Адеми, Менди Ќира, Горан Марковски и Јана Белчева Андреевска, при што за сите петмина беа одвоени речиси еднакви времиња. Организацијата и спроведувањето на изборниот процес беа обработени преку информации и изјави од претставниците на ДИК.

Во анализираниот период, ТВ Шења, во поголемиот дел од вестите (3 часа и 33 минути) известуваше за редовните активности на Владата (околу 44 минути), како и за актуелни настани од различни општествени области. Опфатени беа различни судски рочишта, протестите на вработените во јавното претпријатие „Паркови и зеленило“, започнувањето на новата академска година, проблемите со јавниот превоз и евроинтеграцискиот процес. Овој дел од дневноинформативната емисија вклучуваше и прилози со реакции од Коалицијата предводена од СДСМ во врска со извештајот на ИРЛ за трагедијата во Кочани, како и обвинувања меѓу Коалицијата Национална алијанса за интеграција и Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ дека Владата е алатка на „српскиот свет“. Се информираше и за други актуелни општествени случувања преку обвинувања и контраобвинувања меѓу власта и опозицијата.

Во методолошката категорија „Други субјекти“, која е застапена во вестите со околу половина час, влегуваат: Истражувачката репортерска лабораторија Македонија, Универзитетот „Мајка Тереза“, ЕВН и МАКО ЦИГРЕ со заедничка визија за енергетска иднина, Стопанската комора на Северо-западна Македонија, семејствата на настраданите во дискотеката „Пулс“ во Кочани и М-НАВ.“

***Табела 32: Застапеност на субјектите во вести по теми на ТВ Шења***

| ТВ Шења | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Други субјекти | 00:31:20 | 14,70 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:08:50 | 4,15 | % |
| Судство | 00:13:04 | 6,13 | % |
| Влада | 00:44:37 | 20,94 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:33:39 | 15,79 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:17 | 5,76 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:05:32 | 2,60 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:16:55 | 7,94 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:59 | 1,87 | % |
| Собрание | 00:00:53 | 0,42 | % |
| Претседател | 00:05:14 | 2,46 | % |
| Национална алијанса за интеграција – НАИ | 00:03:26 | 1,61 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:02:26 | 1,14 | % |
| Јавно обвинителство | 00:10:33 | 4,95 | % |
| Граѓани | 00:10:30 | 4,92 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:07:20 | 3,44 | % |
| Здравство | 00:01:30 | 0,71 | % |
| Бошњачки Демократски Сојуз | 00:00:29 | 0,23 | % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:00:29 | 0,23 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:33:03** | **100** | **%** |
| **Избори 2025** | | | |
| Мирјана Чупиќ - Група избирачи | 00:01:12 | 0,76 | % |
| ДИК | 00:11:32 | 7,30 | % |
| Влада | 00:04:25 | 2,80 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:28:16 | 17,89 | % |
| Национална алијанса за интеграција – НАИ | 00:33:08 | 20,97 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:25:06 | 15,89 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:23:50 | 15,08 | % |
| Левица | 00:06:03 | 3,83 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:40 | 2,95 | % |
| Други субјекти | 00:03:28 | 2,20 | % |
| Висар Адеми - Група избирачи | 00:02:16 | 1,43 | % |
| Менди Ќира - Група избирачи | 00:03:06 | 1,96 | % |
| Горан Марковски - Група избирачи | 00:01:42 | 1,08 | % |
| Јана Белчева Андреевска - Група избирачи | 00:00:44 | 0,46 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:01 | 0,64 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:44 | 1,73 | % |
| Демократи Скопје | 00:00:59 | 0,62 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:12 | 1,39 | % |

| Искуство за успех | 00:01:35 | 1,00 % |
|---|---|---|
| | **Вкупно за тема: 02:37:59** | **100 %** |
| | **Вкупно = 06:11:02** | |

## 5. Посебни информативни емисии:

За време на првиот круг од изборната кампања, ТВ Шења емитуваше 13 интервјуа со кандидати за градоначалници на неколку општини и 2 дебатни емисии. Во посебните информативни емисии посветени на изборите не беше обезбеден еднаков пристап за сите кандидати за градоначалници, со што не е целосно почитувана обврската од член 75 став (1) и член 75-а став (1) точка в) од Изборниот законик.

***Интервјуа***

ТВ Шења за Локалните избори реализираше 13 интервјуа со кандидати за градоначалници на општините Гостивар, Липково, Студеничани, Тетово, Струга, Чаир и Град Скопје, при што секое од нив беше репризирано по три пати.

***Табела 33: Интервјуа на ТВ Шења***

| ***ТВ Шења*** | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| 29.09 | Валбон Лимани, кандидат од НАИ, за градоначалник на Општина Гостивар;<br><br>Висар Адеми, независен кандидат за градоначалник за Општина Гостивар;<br><br>Сабедин Даути, кандидат од ВЛЕН/ВРЕДИ, не се одѕвал на поканата;<br><br>Две посебни интервјуа во рамките на истата емисија со истите прашања | - Прв чекор доколку стане градоначалник на Општината;<br>- План за економски развој и за отворање на нови работни места;<br>- Помош на малите бизниси во рамките на Општината;<br>- Стојбата со инфраструктурата и какви мерки ќе бидат преземени за управување со отпадот;<br>- Конкретен план во однос на училиштата и детските градинки;<br>- Дали администрацијата во Општина Гостивар е преоптоварена?<br>- Транспарентност во објавувањето на податоците од јавен карактер;<br>- Дали тендерите ќе бидат достапни за јавноста?<br>- Планови за отплата на долговите без зголемување на даноците;<br>- Колку од јавните претпријатија ќе бидат раководени од жени?<br>- Зошто смета дека е достоен кандидат? | Дебата на Шења |
| 01.10 | Зејд Реџепи, кандидат за градоначалник на Град Скопје од Коалицијата НАИ; | - Ветувањата и главните приоритети за Град Скопје;<br>- Планови за надминување на економската нееднаквост; | Дебата на Шења |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Башким Бакиу, кандидат за градоначалник на Град Скопје од Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ; | - Конкретни модели за економска субвенција на малите и средните бизниси;<br>- Планови за образовните прашања,<br>- Застапеноста на советници Албанци во Советот на Град Скопје;<br>- Транспарентноста на буџетот на градот;<br>- Планови за подобрување на јавниот транспорт; | |
| 06.10 | Еркан Арифи, актуелен градоначалник на Општина Липково и кандидат за градоначалник од НАИ; | - Зошто се кандидира за трет мандат за градоначалник на Општина Липково;<br>- Реализираните проекти во текот на двата мандата;<br>- Дали инвестициите биле еднакво распределени во сите села на Општина Липково;<br>- Планови за поттикнување економски развој;<br>- Колку детски градинки се изградени;<br>- Обвинувањата за непотизам и лошо управување со тендери;<br>- Зошто граѓаните повторно би требало да му го доверат мандатот; | Дебата на Шења |
| 06.10 | Неџмедин Садику, кандидат за градоначалник на Општина Липково од ВЛЕН/ВРЕДИ; | - Дали постои хармонија во рамки на Коалицијата ВЛЕН во општина Липково;<br>- Кои се приоритетните проекти на Општината;<br>- Обвинувањата дека добил поддршка од ДУИ за функцијата градоначалник;<br>- Зошто граѓаните би требало да му дадат поддршка за градоначалник на Липково;<br>- | Дебата на Шења |
| 10.10 | Ејуп Абази, кандидат за градоначалник на Општина Студеничани од НАИ | - Причините за кандидатурата за градоначалник;<br>- Оценка на актуелната состојба во Општина Студеничани;<br>- Оценка за виновниците на моменталната состојба;<br>- Приоритети и планови за Општината;<br>- Оценка за транспарентноста на Општината,<br>- Зошто граѓаните треба да го гласаат и поддржат; | Дебата на Шења |
| | Азем Садику, независен кандидат за градоначалник на Општина Студеничани; | - Дали не беа доволни четири мандати за да ја исполни мисијата и да ја уреди Општина Студеничани;<br>- Кои се големите проекти со кои се идентификува и на кои е горд за време на овие мандати;<br>- Прашањето со водоснабдувањето во Општината;<br>- Одговор на критиките дека инвестициите се реализирале само во изборните бастиони,<br>- Колку детски градинки се изградени за време на неговите мандати;<br>- Зошто граѓаните би требало да гласаат повторно за него; | |
| | Седат Бислими, кандидат за градоначалник на Општина Студеничани од Коалицијата ВЛЕН; | - Од каде произлезе одлуката да бидете кандидат подржан од Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ;<br>- Која е разликата помеѓу Вас и вашите противкандидати;<br>- Оценка за актуелната состојба во Општина Студеничани; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Проблемот со водата за пиење;<br>- Приоритети и планови за Општината;<br>- Зошто граѓаните треба да гласаат за вас; | |
| 13.10 | Бајрам Реџепи, кандидат од НАИ за градоначалник на Општина Тетово;<br><br>Билал Касами, кандидат за градоначалник на Општина Тетово, ја одбил поканата за учество; | - Главните проблеми со кои се соочуваат граѓаните и Општината;<br>- Состојбата на патиштата во Тетово и отпадот;<br>- Нелегалната градба;<br>- Случајот монопол во Тетово;<br>- Оценка за транспарентоста во Општината;<br>- Главните приоритети на четиригодишниот мандат;<br>- Конкретни мерки за справување со јавниот долг на градот; | Дебата на Шења |
| 15.10 | Изет Меџити, кандидат за градоначалник на Општина Чаир од Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ; | - Актуелната состојба во Општината;<br>- Кој има направено повеќе за Општина Чаир, Висар Ганиу или Изет Меџити;<br>- Дали има стабилност во Владата;<br>- Зошто нема заменик - министер во актуелната Влада;<br>- Обвинувањата на Таравари;<br>- Зошто граѓаните треба да му го доверат мандатот; | Дебата на Шења |
| | Бујар Османи, кандидат за градоначалник на Општина Чаир, од НАИ; | - Изборната програма;<br>- Решавање на урбанистичкиот хаос;<br>- Управувањето со локалната власт<br>- Бетонизацијата во Чаир;<br>- Оценка за работата на поранешните; градоначалници;<br>- Зошто граѓаните треба да му го дадат гласот; | |
| 17.10 | Менди Ќира, независен кандидат за градоначалник на Општина Струга;<br><br>Бесник Асани, независен кандидат за градоначалник на општина Струга и Арсим Далипи кандидат за градоначалник на општина Струга од редовите на НАИ, не се одзвале на поканата. | - Мотивите за кандидатурата;<br>- Евалуација на актуелната власт и досегашните неуспеси;<br>- Конкретни планови за економскиот развој; планови за поддршка на малите и средните претпријатија;<br>- Планот за дивоградбите во Општина Струга;<br>- Конкретни планови за образование и градинки<br>- Прашањето за отпадот;<br>- Зошто граѓаните треба да му го дадат гласот. | Дебата на Шења |

***Дебати***

Во контекст на Локалните избори беа емитувани две дебатни емисии, при што едната се репризираше три пати, а другата четири пати.

***Табела 34: Дебатни емисии на ТВ Шења***

| ТВ Шења | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Наслов на емисија** |
| 03.10 | Блерант Рамадани, генерален секретар на НАИ и кандидат за градоначалник на Општина Сарај и<br><br>Мухамед Елмази актуелен советник во Град Скопје и кандидат за Општина Сарај од Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ; | Дебата на Шења |
| 08.10 | Сефер Тахири, аналитичар и професор и<br>Џелал Незири, новинар за политички прашања и аналитичар. | Дебата на Шења |

## 3. ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ЛИЦАТА СО СЕТИЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

ТВ Шења, во рамки на својата законска обврска, ја извести Агенцијата дека во формат пристапен за лицата со попреченост, со титлување, секој ден ќе ги емитува Вестите од 23 часот, а информативната емисија „Седмичен ретро – преглед" секоја сабота во 20.30 часот. Телевизијата ги емитуваше овие емисии, со што ги исполни обврските предвидени во член 75 ставови 1 и 4 од Изборниот законик.